| 7.8 | K Stavric, **K Mironska**, S Koceva, L Kareva, A Hasani<br>Risk of malignant disease in family with Nijmegen Breakage Syndrome<br>International Rumi Pediatric Congress IRUPEC 2019. A joint Scientific and Educational Event of IRUPEC and 3rd J Project Congress, 4-7 Decembar Konya/Turkey 2019<br>Abstract Book. 2019; 2:57 | 1 | 1 | **1** |
| 7.9 | К Ставриќ, **К Миронска**, Л Карева, А Хасани. Клинички аспекти и лабораториски наоди кај пациенти со Фамилијарна Медитеранска Треска (FMF) во Македонија.Четврти Симпозиум “ Новини во алергологијата и клиничката имунологија 2020 посветена на Ковид 19”. 17-18 Октомври 2020<br>Книга на Абстракти. Мак.Мед.Преглед. 2020; 4 (А16): 32-33 | 1 | 0,5 | **0,5** |
| 7.10 | **К. Миронска**, К. Ставриќ, Л. Карева, А. Хасани. Hyper IgD Syndrome (HIDS) – приказ на случај на комбиниран хетерозигот. Четврти симпозиум „Новини во алергологијата и клиничката имунологија 2020 посветена на ковид 19”. 17 – 18 октомври 2020<br>Книга на пстракти. Мак. мед. преглед 2020; 4 (А17): 33-34 | 1 | 0,5 | **0,5** |
| **8.** | **Рецензент во стручни списанија-**<br>“Прилози” –x 2<br>„European Journal of Pediatrics” – x 2<br>„Human Immunology” - x 1 | 5 | 0,2 | **1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | | |
| 9.1 | Генерално собрание на Здружението на педијатрите на Македонија **Кристина Миронска**. Неутрофилна дисфункција заради прекумерно користење на антибиотици. Скопје, април 2016 | 1 | 3 | **3** |
| 9.2 | Round table 2: Acute Otitis Media- open questions and possible answers. **К.Миронска**: Ризик-фактори за настанување на Otitis Media Acuta во раната детска возраст 4. Македонски конгрес по ОРЛ со меѓународно учество. 1 – 4 јуни 2017, Охрид | 1 | 3 | **3** |
| **10.** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | | |
| 10.1 | **Кристина Миронска.** Неутрофилна дисфункција – разлог за имунодефициенцију у дечјем узрасту. Секција Удружења Педијатара Србије. Тема: Терапија вирусних инфекција горњих респираторних путева код деце – има ли лека? Акредитовано предавање Српског Апотекарског Друштва, Београд, 28.11.2017 | 1 | 2 | **2** |
| 10.2 | **Кристина Миронска.** Честа и дуготрајна употреба антибиотика– разлог за појаву имунодефицита у раном дечјем узрасту. Секција Удружења Педијатара Црне Горе. Тема: Терапија вирусних инфекција горњих респираторних путева у дечјем узрасту. Акредитовано предавање Лекарске Фармацеутске Коморе Црне Горе. Подгорица, 19.10.2018 | 1 | 2 | **2** |
| 10.3 | **Кристина Миронска.** Терапија вирусних инфекција горњих респираторних путева у дечјем узрасту. Секција Удружења Педијатара Србије. Псакудија, Халкидики, Грција, 11.10.2019 | 1 | 2 | **2** |
| **11.** | **Секциско предавање на научен / стручен собир на Здружението на педијатрите на Македонија** | 3 | 2 | **6** |
| 11.1 | **Кристина Миронска.** Прекумерна употреба на антибиотици и користење на имуностимулатори и пробиотици. Скопје, април 2016 | 1 | 1 | **1** |
| 11.2 | **Кристина Миронска.** Респираторниот систем како имунолошки орган за заштита од инфекции во детската возраст. Скопје, декември 2017 | 1 | 1 | **1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3 | **Кристина Миронска.** Честа и долготрајна употреба на антибиотици – причина за појава на имунодефицит во раната детска возраст. На тема: Терапија на вирусните инфекции на горните дишни патишта – има ли лек? Скопје, февруари 2018 | 1 | 1 | **1** |
| **12.** | **Предавање на научен/ стручен собир на педијатри и општи лекари** | | | |
| 12.1 | **Кристина Миронска.** Ирационална антибиотска или имуностимулаторна терапија во лекување на акутните вирусни инфекции во детската возраст. Скопје, Битола, Штип, Тетово. Февруари – март 2017. | 4 | 1 | **4** |
| **13.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | | | |
| 13.1 | **- усна презентација**<br>J Project SC Meeting, Budapest 2016,2017,2018,2019 | 4 | 1 | **4** |
| 13.2 | **- постер 0,5 x 4** | 4 | 0,5 | **2** |
| **1-13 вкупно** | | | | **147.695** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста** | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Поглавје** во книга:<br>**Кристина Миронска: Стоматолошки манифестации на болест кај деца со имунодефицит.**<br>Во: Светлана Кочева и сор*. Одбрани поглавја од педијатрија – за студенти по дентална медицина.<br>2020, 17:133-150 | 2 | **2** |
| **2.** | **Стручна активност од областа на јавното здравство и соодветната област**<br>- учество во изработка на програма за превенирање на болест(и) = воведување на нови вакцини | 1 | **1** |
| **3.** | **Експертски активности**: стручна ревизија, супервизија, вешт наод и мислење, стручно мислење | | |
| 3.1 | Член на Испитна комисија за полагање на стручен испит - Лекарска комора на Македонија | 1 | **1** |
| 3.2 | Стручна ревизија при спроведување на имунизација | 1 | **1** |
| **1-3 вкупно** | | | **5** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **1.** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | | |
| 1.1 | **K. Mironska.** When to suspect on PID – early recognition and management.<br>Co-editor in: Melinda Erdos. The J Project 2018 Book. Printed by Alfoldi Nyomda Zrt, March 2019; | 1 | **1** |
| 1.2 | **K. Mironska**. PID – Diagnostic possibilities in Macedonia<br>Co-editor in: Melinda Erdos. The J Project 2019 Book. Printed by Alfoldi Nyomda Zrt, March 2020; | 1 | **1** |
| 1.3 | **Kristina Mironska.** PID at the time of Covid 19<br>Co-editor in: Melinda Erdos. The J Project 2020 Book – part 2. December 2020; p15-17.<br>Printed by Alfoldi Nyomda Zrt | 1 | **1** |
| 1.4 | **Kristina Mironska.** Auto-inflammatory diseases.<br>Co-editor in: Melinda Erdos. The J Project 2020 Book – part 2. December 2020; p31-33.<br>Printed by Alfoldi Nyomda Zrt | 1 | **1** |
| **2.** | **Член на организационен / научен одбор на научен собир** | | |
| 2.1 | Ретки болести во Југоисточна Европа, 2016 | 1 | **1** |
| 2.2 | 3-rd Congress of the J Project, Konya, Turkey 2019 – advisory board member | 1 | **1** |
| 2.3 | Ретки болести во Југоисточна Европа, 2019 | 1 | **1** |
| **3.** | **Раководител на внатрешна организациона единица**<br>Раководител на **Одделот за имунологија „Проф. Илија Бојаџиев”**, УКДБ, Скопје | 3 | **3** |
| **4.** | **Член на комисија за избор во звање**<br>Рецензентска комисија за избор на едно лице во сите научни звања од научната област педијатрија | 1 | **0,2** |
| **5.** | **Учесник во комисија и тела на државни и други органи на управување** | | |
| 5.1 | **Член на Управниот одбор (Steering Committee member, advisory board мембер) на J- Project on PID for Central-East European Country,<br>од 2006 до денес** | 1 | **1** |
| 5.2 | **Член на EDQM - EC (European Directorate for the Quality of Medicines and Health Care) – Council of Europe (Директорат за квалитет на крвни деривати - имуноглобулини)** | 1 | **1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.3 | **Член на групата за изготвување на IVIG Euro Map и претставник на Македонија од 2011** | 1 | **1** |
| 5.4 | **Член во Комитетот за имунизација, како стручно советодавно тело на министерот за здравство, при Министерство за здравство на РСМ.** | 1 | **1** |
| 5.6 | **Учесник на Национална работилница за измена на календарот за имунизација, 2016 – 2020** | 1 | **1** |
| 5.7 | **Член во Стручниот тим за утврдување на трајни контраиндикации и поствакцинални компликации.** | 1 | **1** |
| 5.8 | **Член во Комисија за признавање на странска специјализација, односно супспецијализација од обласа на педијатријата, при Министерство за здравство на РСМ.** | 1 | **1** |
| 5.9 | **Член на Комисијата за етички прашања при ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје** | 1 | **1** |
| **6** | **Награда за постигнувања во струкова организација – самостојна** | | |
| 6.1 | **Диплома** од Македонското лекарско друштво за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво, 2020 | 3 | **3** |
| **1-6 вкупно** | | | **21.2** |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | поени |
|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | **590,82** |
| **Научноистражувачка дејност** | **147,69** |
| **Стручно-применувачка дејност** | **5,0** |
| **Дејности од поширок интерес** | **21,2** |
| **ВКУПНО** | **764,71** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Розана Кацарска, с.р.**
**Проф. д-р Ацо Костовски, с.р.**
**Проф. д-р Филип Дума, с.р.**
**Проф. д-р Аспазија Софијанова, с.р.**
**Проф. д-р Соња Бојаџиева, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кристина Миронска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Кристина Миронска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: педијатрија и детски болести на болно и здраво дете.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Кристина Миронска да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: педијатрија и детски болести на болно и здраво дете.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Розана Кацарска, с.р.**
**Проф. д-р Ацо Костовски, с.р.**
**Проф. д-р Филип Дума, с.р.**
**Проф. д-р Аспазија Софијанова, с.р.**
**Проф. д-р Соња Бојаџиева, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО И ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 30.11.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-5236/39, донесена на 30.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Славјанка Поповска, редовен професор на Катедрата за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Горан Димитров, редовен професор на Катедрата за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Глигор Тофоски, редовен професор на Катедрата за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, во предвидениот рок се пријавија: доц. д-р Јадранка Георгиевска и доц. д-р Ана Данева-Маркова.

**Доц. д-р Јадранка Георгиевска**

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Јадранка Георгиевска е родена на 19.2.1964 година, во Канижа, Славонски Брод, Р Хрватска. Основното образование и гимназија ги завршила во Скопје со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 18.6.1988 година, со просечен успех 9,11. Специјализација по акушерство и гинекологија завршила на 22.5.1998 година на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

По дипломирањето во учебната 1989/1990 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила на 1.2.2006 година, со просечен успех 9,30. На 1.2.2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Влијанието на инсулинот и индексот на телесна маса врз метаболичките и ендокрини промени кај пациентки со полицистичен оваријален синдром на наша популација“.

Докторска дисертација пријавила на 15.3.2012 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Рани ефекти од две лапароскопски техники на третман на оваријалните ендометриоми врз оваријалната резерва“ ја одбранила на 29.9.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Славјанка Поповска, проф. д-р Весна Антовска, проф. д-р Мери Трајковска, проф. д-р Ѓорѓи Јота и проф. д-р Славејко Сапунов (ментор). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки од научната област гинекологија и акушерство.

На 30.6.2016 година е избрана во звањето доцент на Медицинскиот факултет во Скопје во областа гинекологија и акушерство.

Во моментот е доцент на Медицинскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1122 од 28.4.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во билтени бр. 626, 742, 870, 938, 1110 и 1122, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет – Скопје, кандидатката д-р Јадранка Георгиевска, доцент, изведува наставно-образовна дејност предавања и вежби на прв циклус студии на студиската програма Општа медицина, предмети: Гинекологија и акушерство, Ургентна медицина и Клиничко иследување, на тригодишните додипломски студии за високи медицински сестри/техничари, предмет: Здравствена нега на жена со гинекологија и акушерство (редовни и вонредни студенти) и на тригодишните додипломски студии за физиотерапевти, предмети: Гинекологија и акушерство и Физиотерапија во гинекологија и акушерство (редовни и вонредни студенти). Кандидатката учествувала како член во Комисија за одбрана на 3 дипломски труда и била член на комисија за оцена на магистерски и докторски труд. Кандидатката д-р Јадранка Георгиевска била ментор на 6 специјализанти по гинекологија и акушерство, како и едукатор на 54 специјализанти по гинекологија и акушерство по турнусот ургентна гинекологија/акушерство според Правилникот за специјализации и супспецијализации на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Јадранка Георгиевска има објавено вкупно 35 научни трудови од областа гинекологија и акушерство, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 труда во меѓународни научни списанија и 28 труда во зборници од научни собири.

Д-р Јадранка Георгиевска бил раководител на 1 национален научен проект и учествувала како член во 4 научни проекти.

Свои секциски предавања одржала на повеќе научни/стручни собири во земјата.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Јадранка Георгиевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје. Врши стручна експертиза во амбулантата за итни случаи и во амбулантата за трансвагинален ултразвук.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во УКЕ-Епендорф, Хамбург, Германија, во период од два месеца во 2017 година од областа на гинеколошката ендоскопија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за здравство на РС Македонија:

- Комисија за сертифицирање на специјализација по гинекологија и акушерство завршена во странство;
- Работна група за изработка на Закон за прекин на бременост;
- Работна група за изготвување на Упатство за прекинување на бременост, 2020 година.

Д-р Јадранка Георгиевска е претседател на првостепената Комисија за прекин на бременост на УГАК – Скопје. Кандидатката е раководител на внатрешна организациона единица – раководител на Одделот за ургентна и интервентна гинекологија на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје.

# ОБРАЗЕЦ 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јадранка Димитар Георгиевска**
**Институција: МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**
**Научна област: ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО И ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,11<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,30 | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **гинекологија и акушерство;** поле: **клиничка медицина**; подрачје: **медицински науки и здравство.** | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Obstetrics and gynaecology research<br>2. Назив на електронската база на списанија: **MEDLINE/PUBMED, Journal citation report, Scopus**<br>**doi: 10.1111/jog.13466**<br>**3.** Наслов на трудот: **Diagnostic performance of human epididymis protein 4 compared to a combination of biophysical and biochemical markers to differentiate ovarian endometriosis from epthelial ovarian cancer in premenopausal women** Година на објава: **2017** | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: **Clinical research in obstetrics and gynecology.**<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 членови (USA-1, India-1, Egypt-1, Georgia-1, Bulgaria-1, Turkey-1, Brazil-1, Italy-5, Greece-3, China-1, South Korea-1).<br>3. Наслов на трудот**: Acute appendicitis in the third trimester of a pregnancy finished with spontaneous vaginal delivery**<br>4. Година на објава: **2018**<br>2. Назив на научното списание: **Македонски медицински преглед**<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупно 14 членови, UK-2, USA-3, Germany-1, Croatia-2, Slovenia-1, Republika Srpska-1, Albania-1, Bulgaria-1, Serbia-1, Danmark-1)<br>Наслов на трудот: **Корелација на времето од почеток на симптоми до лапароскопската операција и нејзиниот исход кај пациентки со аднексална торзија: петгодишно искуство**<br>Година на објава: **2018**<br>3. Назив на научното списание: **MEDICUS**<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупно 17 членови, UK-3, Israel-1, Turkey-1, Kosova-3, Germany-1, Albania-2, Bulgaria-1, Macedonia-4, Montenegro-1)<br>Наслов на трудот: **The role of the circulating placental angiogenic factors SFLT-1/PLGF ratio in patients with preeclampsia-a review.**<br>Година на објава: **2018**<br>4. Назив на научното списание: **Македонски медицински преглед**<br>Меѓународен уредувачки одбор: (вкупно 14 членови, UK-2, USA-3, Germany-1, Croatia-2, Slovenia-1, Republika Srpska-1, Albania-1, Bulgaria-1, Serbia-1, Danmark-1)<br>Наслов на трудот: **Hydrosalpinx and distribution of pregnancies among laparoscopically treated patients.**<br>Година на објава: **2020** | **ДА** |
| 3.3 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: **Autoantibodies and cytokines**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД - **England**<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **IntechOpen, London, UK, 2018** | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: **Book of abstracts of the 5$^{th}$ European congress on endometriosis**<br>2.Назив на меѓународниот собир: 5-th European congress on endometriosis, Prague, Czech Republic, December 5-7, 2019.<br>3.Имиња на земјите: Czech Republic, Turkey, Italy<br>4. Наслов на трудот: **Endometroid carcinoma of ovary arising in ovarian remnant after bilateral salpingo-oophorectomy because of ovarian endometriosis - a case report.**<br>5. Година на објава: **2019** | **ДА** |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 30 јуни 2016 година, Билтен на УКИМ бр. 1122 | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славјанка Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Горан Димитров, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Тофоски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Јадранка Димитар Георгиевска**
**Институција: Медицински факултет, УКИМ, Скопје; ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје**

**Научна област: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Теоретска настава-општа медицина** | |
| 1.1 | **Теоретска настава - општа медицина**<br>**Предмет: Гинекологија и акушерство** | **3,24** |
| | 2016, зимски семестар = 12часа x 0,04<br>2017, летен семестар = 10 часа x 0,04<br>2017, зимски семестар = 12 часа x 0,04<br>2018, летен семестар = 10 часа x 0,04<br>2018, зимски семестар = 13часа x 0,04<br>2019, летен семестар = 10 часа x 0,04<br>2019, зимски семестар = 6 часа x 0,04<br>2020, летен семестар = 4 часа x 0,04<br>2020, зимски семестар = 4 часа x 0,04 | 0,48<br>0,4<br>0,48<br>0,4<br>0,52<br>0,4<br>0,24<br>0,16<br>0,16 |
| 1.2 | **Теоретска настава - општа медицина**<br>**Предмет: Ургентна медицина** | **0,04** |
| | 2016, зимски семестар= 1 час x 0,04 | 0,04 |
| 1.3 | **Теоретска настава - општа медицина**<br>**Предмет: Клиничко иследување** | **0,2** |
| | 2017, летен семестар= 2 часа x 0,04<br>2017, зимски семестар = 1час x 0,04<br>2018, зимски семестар = 2 часа x 0,04 | 0,08<br>0,04<br>0,08 |
| 1.4 | **Практична настава – општа медицина**<br>**Предмет: Гинекологија и акушерство** | **15,72** |
| | 2016, зимски семестар = 60 часа x 0,03<br>2017, летен семестар = 56 часа x 0,03<br>2017, зимски семестар = 60 часа x 0,03<br>2018, летен семестар = 56 часа x 0,03<br>2018, зимски семестар = 60 часа x 0,03<br>2019, летен семестар = 56 часа x 0,03<br>2019, зимски семестар = 60 часа x 0,03<br>2020, летен семестар = 56 x 0,03<br>2020, зимски семестар = 60 часа x 0,03 | 1,8<br>1,68<br>1,8<br>1,68<br>1,8<br>1,68<br>1,8<br>1,68<br>1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 1.5 | **Практична настава – општа медицина**<br>**Предмет: Клиничко иследување** | **1,08** |
| | 2016, зимски семестар = 6 часа x 0,03<br>2017, летен семестар = 6 часа x 0,03<br>2017, зимски семестар = 6 часа x 0,03<br>2018, летен семестар = 6 часа x 0,03<br>2018, зимски семестар = 6 часа x 0,03<br>2019, летен семестар = 6 часа x 0,03 | 0,18<br>0,18<br>0,18<br>0,18<br>0,18<br>0,18 |
| 1.6 | **Практична настава-општа медицина**<br>**Предмет: Гинекологија и акушерство-клиничка пракса (стаж)** | **43,2** |
| | 2016, зимски семестар = 80 часа x 0,06<br>2017, летен семестар = 80 часа x 0,06<br>2017, зимски семестар = 80 часа x 0,06<br>2018, летен семестар = 80 часа x 0,06<br>2018, зимски семестар = 80 часа x 0,06<br>2019, летен семестар = 80 часа x 0,06<br>2019, зимски семестар = 80 часа x 0,06<br>2020, летен семестар = 80 часа x 0,06<br>2020, зимски семестар = 80 часа x 0,06 | 4,8<br>4,8<br>4,8<br>4,8<br>4,8<br>4,8<br>4,8<br>4,8<br>4,8 |
| 1.7 | **Теоретска настава-тригодишни додипломски студии за високи медицински сестри/техничари.**<br>**Предмет: Здравствена нега на жена со гинекологија и акушерство (редовни и вонредни студенти)** | **1,24** |
| | 2016, зимски семестар = 10 часа x 0,04<br>2017, зимски семестар = 8 часа x 0,04<br>2018, зимски семестар = 6 часа x 0,04<br>2019, зимски семестар = 4 часа x 0,04<br>2020, зимски семестар = 3 часа x 0,04 | 0,4<br>0,32<br>0,24<br>0,16<br>0,12 |
| 1.8 | **Теоретска настава - тригодишни додипломски студии за физиотерепевти**<br>**Предмети**<br>**1. Гинекологија и акушерство (редовни и вонредни студенти).**<br>**2. Физиотерапија во гинекологија и акушерство (редовни и вонредни студенти)** | **0,64** |
| | 2017, летен семестар = 3 часа x 0,04<br>2018, летен семестар = 7 часа 0,04<br>2019, летен семестар = 4 часа x 0,04<br>2020, летен семестар = 2 часа x 0,04 | 0,12<br>0,28<br>0,16<br>0,08 |
| 1.9 | **Консултации со студенти** | **0,02** |
| | Консултации со студенти<br>100 студенти x 0,002 | 0,02 |
| 1.9.1 | **Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика** | **19** |
| | | 19 |

| | | |
|---|---|---|
| | Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика<br>95 студенти x 0,2 | |
| **Вкупно** | | **84.38** |
| **2.0** | **Ментор и едукатор на здравствена едукација** | |
| 2.1 | **Ментор на лекари на специјализација по предметот Гинекологија и акушерство – турнус: ургентна гинекологија и акушерство (вкупно 6 лекари на специјализација вп временски интервал од 2016-2020)** | **57,6** |
| | **9 семестри x 20 недели x 4 работни часа неделно x 0,08 =** | 57,6 |
| 2.2 | **Едукатор на лекари на специјализација по предметот Гинекологија и акушерство – турнус: ургентна гинекологија и акушерство (вкупно 54-ца лекари на специјализација во временски интервал од 140 месеци)** | **313,6** |
| | 140 месеци x 7 работни часа неделно x 4 работни недели x 0,08 | 313,6 |
| 2.3 | **Едукатор на лекари на специјализација по предметот семејна медицина (вкупно 30 лекари на специјализација во временски интервал од една недела)** | **16,8** |
| | 2016, 6 кандидати x 1 недела = 6 x 7 часа неделно x 0,08<br>2017, 7 кандидати x 1 недела = 7x7 часа неделно x 0,08<br>2018, 8 кандидати x 1 недела = 8 x 7 часа неделно x 0,08<br>2019, 4 кандидати x 1 недела= 4x 7 часа неделно x 0,08<br>2020, 5 кандидати x1 недела = 5 x 7 часа неделно x 0,08 | 3,36<br>3,92<br>4,48<br>2,24<br>2,8 |
| 2.4 | **Член на комисија за специјалистички испит**-20x0,2 | **4** |
| 2.5 | **Член на комисија за оцена на докторски труд** | |
| | **Член на комисија за оцена на докторски труд на м-р Јована Андоновска на тема: „Биохемиски ефекти на вагиналните инфекции и нивната асоцираност со предвременото породување“, 2.5.2018 год.**<br>1 x 0,7 | **0,7** |
| 2.6 | **Член на комисија за оцена на магистерски труд на д-р Розјана-Николова Јанева на тема: „Улогата на абнормалната вагинална флора и должината на цервикалниот канал како предиктори на исходот на бременоста“, 1.11.2019 год.**<br>1 x 0,3 | **0,3** |
| **Вкупно** | | **393,0** |
| | **Вкупно** | **477,38** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Соработник во национални научни проекти** | **9** |
| 1.1 | Учесник во национален научен проект: Црквите од 19 век како дел од туристичката понуда на град Скопје - „Црквите од XIX век од околината на Скопје“ | 3 |
| 1.2 | Учесник во национален научен проект: Заедно до побезбедни училишта „Како до побезбедни училишта - проект за намалување на насилството во училиштата“ | 3 |
| 1.3 | Учесник во национален научен проект: Градиме генерации што ќе ја зачуваат иднината „Одржливо живеење – одговорен стил на живеење“. | 3 |
| **2.** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на нинтернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago, Journal Rank или друга база на списанија које ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **Поени** **4,8** |
| 2.1 | Nikolova T, Zivadinovic , Evtimovska N, Klisarovska V, Stanojevic M, **Georgievska J**, and Nikolova N. Diagnostic performance of human epididymis protein 4 compared to a combination of biophysical and biochemical markers to differentiate ovarian endometriosis from epithelial ovarian cancer in premenopausal women. J Obstet .Gynaecol. Res. 2017; Vol.43, No 12: 1870-1879. | 4,8 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови** | **Поени** **10,8** |
| 3.1 | Milkovski D, **Georgievska J**, Jovanovska V, Simeonova S, Aluloski I, Samardziski I, Ognenović Lj, Kjaev I, Joksimović V, Isa M. Acute appendicitis in the third trimester of pregnancy finished with spontaneous delivery. J. Clinical research in obstetrics and gynecology 2018; Vol.1(2). | 1,8 |
| 3.2 | **Георгиевска Ј**, Тофоски Гл, Данева Маркова А и Сивевски А. Корелација на времето од почеток на симптоми до лапароскопската операција и нејзиниот исход кај пациентки со аднексална торзија: пет | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | годишно искуство. Македонски медицински преглед, 2018; 72(3): 139-144. | |
| 3.3 | Samardziski I, Antovska V, **Georgievska J**, Sivevski A, Livrinova V, Todorovska I, Simeonova Krstevska S. The role of circulating placental angiogenic factors SFLT-1/PLGF ratio in patients with preeclampsia-a review. Medicus, 2018; Vol. 23(1): 83-86. | 1,8 |
| 3.4 | Tofoski Gl, Spasova R, Cibisheva V, Dimitrov Go, Dzikova E, Daneva-Markova A and **Georgievska J**. Hydrosalpinx and distribution of pregnancies among laparocopically treated patients. Macedonian medical preview, 2020; 74(1): 30-36. | 1,8 |
| 3.5 | **Георгиевска Ј**, Тофоски Гл, Данева А и Буклиевска А. Успешно третиран инфертилитет кај пациентка со Тарнер синдром со ин витро фертилизација, со донирана јајна клетка-приказ на случај. Македонски медицински преглед, 2020; 74(1): 37-41. | 1,8 |
| 3.6 | Georgievska J, Samardziski I, Daneva A and Kocoski G. Successfully delayed delivery of second twin after early second trimester rupture of membranes of the first twin: a case report. Archives of public health, 2020; 12(2): 81-85. | 1,8 |
| **4.** | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦЦ** | **Поени 6** |
| | Daneva-Markova A, Hadzi-Lega M, Dimitrov Go, Tofoski Gl, **Georgievska J**, Dzikova E, and Kjaev I. Indicators of Preeclampsia in correlation with maternal cytokines in pregnancy. In: Autoantibodies and cytokines. IntechOpen, London, UK, Nov 5, 2018. Doi: 10.5772/intechopen.76344 | 6 |
| **5.** | **Рецензија на научен/стручен труд** | **Поени**<br><br>0,2x3=**0,6** |
| **6.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | **Поени 6** |
| 6.1 | Поканет предавач на стручен состанок на тема: „Современа дијагноза и третман на пациентките со ектопична бременост“, Здружение на приватни гинеколози акушери на Македонија, 2017 година, Скопје. | 1 |
| 6.2 | Поканет предавач на стручен состанок на тема: „Новини во гинекологијата и акушерството“, Македонско лекарско друштво, Македонска асоцијација на перинатална медицина, 2018 година, Скопје. | 1 |
| 6.3 | Предавач на стручен состанок на тема: „Современа дијагноза и третман на ендометриоза“, Македонско лекарско друштво, Македонско здружение за ендометриоза, 2019, Скопје. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.4 | Предавач на стручен состанок на тема: „Менаџмент на болка кај пациентки со ендометриоза“, Македонско лекарско друштво, Македонско здружение за ендометриоза, 2020 година, Скопје. | 1 |
| 6.5 | Поканет предавач на 20-ти Конгрес на македонско лекарско друштво, тема: „Современ третман на ендометриозата“, 2020 год, Скопје | 1 |
| 6.6 | Поканет предавач на 6. Македонски курс Јан Доналд, Интеруниверзитетска школа за медицински ултразвук. Тема: „Примена на ултразвукот во евалуација на аднексални маси“, 2019 година, Скопје | 1 |
| **7.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **Поени 4** |
| 7.1 | Поканет предавач на меѓународен симпозиум на тема: „Превенција, дијагноза и третман на цервикален карцином“, Здружение за хуман папилома вирус на Македонија, Здружение на гинеколози и опстетричари на Македонија, Македонско здружение за цервикална патологија и колпоскопија, 2019 година, Скопје. | 2 |
| 7.2 | Поканет предавач на 4. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија со меѓународно учество, Тема: „Современ третман на ендометриозата и идни трендови“, Здружение на гинеколози и акушери на Македонија, 2017 година, Охрид. | 2 |
| **8.** | **Раководител на национален научен проект** | **Поени 6** |
| **8.1** | **Корелација на инфламаторни цитокини и тумор-маркери кај пациентките со ендометриоза, проект финансиран од Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, 2018** | 6 |
| **9.** | **Учесник во национален научен проект** | **Поени 3** |
| **9.1** | **Испитување на комбинации помеѓу КИР-молекули кај мајката и ХЛА-молекули во плодот во проблематични бремености, проект финансиран од Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, 2018** | 3 |
| **10.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | **25** |
| 10.1 | 2016, 6th Hellenic Congress on Ultrasound in obstetrics and gynecology. Sima A, **Georgievska J**, Dabeski D, Simeonova S. Role of transvaginal ultrasound in diagnosing endometrial hyperplasia. | 1 |
| 10.2 | 2017, 13th World congress of perinatal medicine. Sima A, Simeonova-Krstevska S, **Georgievska J**, Dabeski D, Bina A. Chlamydia trachomatis infection associated with | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | spontaneous abortions-our experience from clinical practice. | |
| 10.3 | 2017, XVIII National congress of infertility and reproductive health with international participation, Borovetz, Bulgaria.<br>- **Georgievska J**, Hadzi-Lega M, Daneva A, Samardziski I, Madzovska M, Georgievski G. The role of ultrasound in diagnosis of fetal abnormalities.<br>- **Georgievska J**, Tofilovska V, Ilieva N, Sima A. Laparoscopy in treatment of urgent cases in gynecology. | **2** |
| 10.4 | 4. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, со меѓународно учество.<br>- Самарџиски И., Антовска В., Георгиевска Ј., Ливринова В., Тодоровска И., Симеонова С. Плацентарни ангиогени SFLT1 и PLGF кај прееклaмсија.<br>- Маџунков Н., Димитров Г., Георгиевска Ј., Маџункова К. Пренатална ултразвучна евалуација кај мајка со дијагноза osteogenesis imperfect тип 1- презентација на случај.<br>- Георгиевска Ј., Станоевска С., Цветановска М., Георгиевска М. Репродуктивен исход кај пациентки по ин витро фертилизација.<br>- Георгиевска Ј., Илиева Н., Сима А., Тофиловска В, Хаџи-Лега М., Сапунов С. Современ третман на пациентките со ектопична бременост.<br>- Сима А., Георгиевска Ј., Дабески Д., Симеонова Крстевска С., Николова Т., Илиева Н. Корелација помеѓу ултразвучен и хистопатолошки наод на ендометријални полипи – наши искуства кај пациентки со абнормално утерино крварење.<br>- Илиева Н., Димитров Г., Георгиевска Ј., Цветановска М., Павлова С., Сарачини Ш. Медикаментозен третман кај пациентки со ектопична бременост.<br>- Георгиевска Ј., Сима А., Тофиловска В., Илиева Н. Евалуација на ефектот на две техники на третман на оваријалните ендометриоми врз оваријалната резерва преку маркерите на оваријална васкуларизација.<br>- Георгиевска Ј., Данева А., Ливринова В., Сима А., Николова Т. Тренд на артефицијалните абортуси во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство во Скопје во периодот 2013-2017 година.<br>- Маџовска М., Јаневска Л., Георгиевска Ј., Илиева Н., Тофоска Н., Илиева Ј. Улогата на психосоцијалното советување кај пациентки со артефицијален абортус. | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| 10.5 | **2018, 15th Congress of the European society of contraception and reproductive health. Budapest, Hungary. Georgievska J. Abortion situation on university clinic for gynecology and obstetrics in Skopje, R. Macedonia.** | 1 |
| 10.6 | 2018, XIX National congress of infertility and reproductive health with international participation. Borovetz, Bulgaria.<br>- **Georgievska J**, Tofoski Gl, Alulovski I, Sapunov S. Laparoscopy in the treatment of patients with ovarian endometriomas.<br>- **Georgievska J**, Tofoski Gl, Daneva A, Sivevski A, Ristevska I. Our experience in laparoscopic management of adnexal torsion.<br>- Panova D, Asani P, Filipovska M, Georgieva S, **Georgievska J**, Sima A. On the edge of gender and sex. Androgen insensitivity syndrome: case report. | 3 |
| 10.7 | 2019, 5th European congress on endometriosis, Prague, Czech Republic. **Georgievska J**, Alulovski I, Stojcevski S, Dimitrovski S, Pejkovska M, Jovanovska V, Ognenović Lj. Endometroid carcinoma of ovary arising in ovarian remnant after bilateral salpingo-oophorectomy because of ovarian endometriosis- a case report. | 1 |
| 10.8 | 2019, XX National congress of infertility and reproductive health with international participation. Borovetz, Bulgaria. **Georgievska J**, Pejkovska M, Milkovski D, Ristevska I, Jovanovska V, Georgievska M. Ovarian reserve in patients operated laparoscopically because of ovarian endometrioma. | 1 |
| 10.9 | 2019, III kongres babice Republike Srbije. **Georgievska J**, Milkovski D, Alulovski I. Slučaj akutnog apendicitisa u trećem trimestru trudnoće. | 1 |
| 10.10 | 2020, XXI National congress of infertility and reproductive health with international participation. Borovetz, Bulgaria. **Georgievska J**, Chibisheva V, Buklioska A, Dimitrovski S. Successful conservative treatment of cervical pregnancies – one year experience at a single institution. | 1 |
| 10.11 | 2020, 20. Конгрес на МЛД.<br>- **Георгиевска Ј.**, Буклиевска А., Иваноска М., Билјан А., Јовановска М., Стамболиева С. Искуство со изведување на артефицијалните абортуси во првиот триместар од бременоста на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје во периодот 2017-2020 година.<br>- Cibisheva V, **Georgievska J**, Buklioska A, Dimitrovski S. Histological findings in patients with abnormal cervical cytology. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Ливринова В, **Георгиевска Ј**, Пурини Р, Бејта А. Макрохематурија асоцирана со SARS-CoV-2 во бременост.<br>- **Георгиевска Ј**, Чибишева В, Јовановска В, Стамболиева С. Наши искуства во третманот на бремените жени во Ковид-центарот во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје. | |
| | **Вкупно** | **75,2** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија:<br>- вешт наод и мислење (како лиценциран вештак од областа гинекологија и акушерство)<br>- претседател на првостепената комисија за прекин на бременост при ЈЗУ УГАК-Скопје<br>- акредитиран испитувач за стручен испит на здравствените работници со високо образование за добивање на лиценца за работа | **3** |
| 2. | Член на комисија за изработка на измени и дополнувања на закон, изработка на подзаконски акт<br>- член на Комисија за изработка на Упатство за прекинување на бременост, 2020 год. | **2** |
| 3. | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството – гинекологија и акушерство | **2** |
| 4. | **Член на комисија за кодификација на дел од правна област** | |
| | Член на Комисија од областа гинекологија и акушерство за признавање на специјализација завршена во странство | **6** |
| | **Вкупно** | **13,0** |

| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| 1. | Раководител на Одделот за ургентна и интервентна гинекологија при ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје | 3 |
| 2. | Претседател на Македонското здружение за ендометриоза | 2 |
| 3. | Студиски престој во странство: | |

| | | |
|---|---|---|
| | - студиски престој 2 месеца во УКЕ-Епендорф Хамбург, Германија, мај – јуни 2017 год. | 0,5 |
| 4. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:<br>- член на организациониот одбор на IV конгрес на гинеколози и акушери на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2017 година | 1 |
| 5. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект:<br>- соработник во проект: Шампиони за човекови права, 2019; публикација: „Прирачник за човековите права - човековите права и јас“ | 0,5 |
| 6. | Член на група за подготовка на Закон за прекин на бременост, 2018 – 2019 година | 4 |
| | **Вкупно** | **11,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **477,38** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **75,2** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **13,0** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **11,0** |
| **Вкупно** | **576,58** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Славјанка Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Горан Димитров, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Тофоски, с.р.**

## Доц.д-р Ана Данева Маркова

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Ана Данева Маркова е родена на 21.7.1976 г. во Скопје. Основно образование и општа гимназија завршила со континуиран одличен успех во Кочани. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 1995 година, а дипломирала во 2001 г. со просечен успех 8,70. Државниот испит го положила на 4.7.2002 година. На 20.7.2003 г. се вработила на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, каде што работи до денес. Во 2003 година започнала специјализација по гинекологија и акушерство, а на 9.6.2008 г. го положила специјалистичкиот испит.

Во 2002 година се запишала на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, на отсекот гинекологија, а предвидените испити ги положила со просечен успех 10,00. Во учебната 2010/2011 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на Медицинскиот факултет во Ниш, Република Србија, на студиската програма Медицина -клиничка медицина со обем од 180 (сто и осумдесет) бодови ЕСПБ. Студиите ги завршила во ноември 2014 година со просечен успех 10,00.

На 3.7.2015 година ја одбранила својата докторска дисертација на тема: *Влијанието на факторите на инфламација на текот и исходот на бременоста комплицирана со прееклампсија*. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област гинекологија и акушерство (потесна област: перинатологија). На 14.7.2020 година се стекнала со звање – супспецијалист по перинатологија.

Активно ги владее англискиот, францускиот и бугарскиот јазик.

На 10.11.2015 година е избрана во звањето асистент докторанд на Катедрата за гинекологија и акушерство. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1122 од 28.4.2016 година, кога е избрана за доцент.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1122, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет - Скопје, кандидатката д-р Ана Данева Маркова во 2005 година е избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот Гинекологија и акушерство, во 2015 година за асистент докторанд, а во 2016 г. за доцент на Катедрата за гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, и од тогаш учествува активно во изведувањето на практичната и теоретската настава по предметите Гинекологија и акушерство, Клиничко испитување и Семејна медицина за студентите на Медицинскиот факултет, теоретската настава на студентите од Филозофскиот факултет - семејни студии, како и во клиничката практика за специјализантите по гинекологија и акушерство.

Од 2016 до март 2020 година била едукатор на 32 специјализанти и ментор на 6 специјализанти во спроведување на турнусот патолошка бременост. Била вклучена и во едукацијата на специјализантите по семејна медицина како едукатор од 2014 година до денес. Кандидатката е член на комисии за оцена и одбрана за магистерски труд, ментор на изготвување на семинарски работи на специјализантите. На 22.9.2020 година, од страна на ННС на Медицинскиот факултет во Скопје, избрана е за продекан за специјализации и супспецијализации.

Кандидатката е организатор, модератор и предавач на голем број школи и работилници, како и активен учесник во работилници од медицинската област.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ана Данева Маркова има објавено вкупно 58 научни трудови од областа гинекологија и акушерство, 26 труда со оригинални научни резултати објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 7 труда со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор, 12 предавања на конгреси, конференции и научни собири, како и 32 апстракти објавени во зборник на конференција - меѓународна и 15 постерски презентации. Автор е на поглавје во книга од стручна област во странски учебник.

Кандидатката била национален координатор на 1 меѓународна клиничка студија, како и учесник на два национални научни проекта и 1 меѓународен научен проект.

**Стручно применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ана Данева Маркова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за патолошка и високоризична бременост. Врши стручна експертиза и во амбуланта за супервизија и фетален скрининг.

Член е на Националниот управувачки комитет за клинички упатства на РСМ. Како координатор и учесник учествува во изготвување на неколку клинички упатства адаптирани согласно со критериумите на Кралското здружение на гинеколози и акушери: Упатство за хипертензивни состојби во бременост и Упатство за прекин на бременост. Член е и на повеќе комисии од аспект на делокругот на професионалната експертиза.

Д-р Ана Данева Маркова е претставник на Република Северна Македонија во Медитеранската организација за ултразвук во гинекологија и акушерство од 10.10.2014 година, како и член на Научниот комитет при истото здружение. Член е на: Интернационално здружение за ултразвук во гинекологија и акушерство, Европско здружение за гинекологија и акушерство, Македонска асоцијација на гинеколози и опстетричари, Здружение за ендометриоза, Македонската лекарска комора, Македонско лекарско друштво, Македонска перинатолошка асоцијација и Комора на судски вештаци на Република Северна Македонија.

Д-р Ана Данева Маркова од јуни 2015 година е акредитирана од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија како судски вештак по гинекологија и акушерство. Од 2010 година, од страна на Лекарската комора на Македонија е избрана како акредитиран испитувач за спроведување на стручен испит за здравствените работници со високо образование и повторно е реизбрана во 2014 година. Кандидатката остварила експертски активности во областа на репродуктивното здравје, унапредување на матерналното здравје преку вклучување во бројни активности на СЗО. Од јули 2017 година, член е на тимот за изработка на протоколи во областа на перинатологијата, формиран од Министерство за здравство во соработка со УНФПА.

Од 2018 е назначена за претседател на Комитетот за безбедно мајчинство и активно соработува со Светската здравствена организација (СЗО), Канцеларија на Република Северна Македонија, во имплементирање на активностите од двегодишниот договор за соработка помеѓу СЗО и Министерството за здравство, во делот на зајакнување на перинаталното здравје и безбедното мајчинство. Како национален координатор, активно била вклучена во активностите за подготовка на Мастер-план за перинатално здравје 2020 – 2030 година, преку поддршка во организација, водење и активно стручно-техничко учество на повеќе работилници и состаноци, вклучително:

- Работилница за проценка на состојбата на перинаталното здравје во Р Северна Македонија, март 2018 година;
- Работилница за иницирање на процесот за подготовка на Мастер-план за перинатално здравје, октомври 2018 година;

- Работилница за подготовка на Мастер-план за перинатално здравје, мај 2019 година;
- Работилница за подготовка на план за имплементација на Мастер-план за перинатално здравје, септември 2019 година;

**Исклучителен придонес има во иницијативи организирани со партнерски однос на UN-агенции и Министерство за здравство од национален интерес:**

1) Евалуација на сите родилишта за ургентна акушерска и новороденечка грижа, согласно со методологија на ОН во 2018;
На 1.7.2016 година е избрана во звањето научен соработник на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа микробиологија и паразитологија.

Во моментот е научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1122 од 28 април 2016.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ бр. 507 од 31.5.1993 година, бр. 705 од 14.4.1998 година, бр. 796 од 15. 2.2002 годинав, бр. 961 од 2009 и бр. 1122 од 28 април 2016, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, сите поткрепени со поднесената документација на конкурсот за избор.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Маја Јурхар Павлова изведува вежби на I циклус студии на студиската програма за студенти по медицина, стоматологија, фармација и на тригодишните стручни студии на Медицинскиот и Фармацевтскиот факултет. Континуирано, активно учествува како едукатор на специјализантите по медицинска микробиологија со паразитологија и други специјалности. Ментор е на еден специјализант.

Кандидатката е коавтор на два рецензирани учебника: „Медицинска микробиологија и паразитологија - специјален дел“, 2011 и учебник по „Микробиологија и паразитологија за фармацевти” 2016. Коавтор е и на еден рецензиран практикум: „Практикум по микробиологија и паразитологија за студентите по дентална медицина“, 2017, сите издадени од Катедрата за микробиологија со паразитологија, Медицински факултет, УКИМ.

Другите активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, наведени се во табелата во Образец 2, согласно со Анекс 1, член 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Маја Јурхар Павлова има објавено вкупно 35 научни трудови, од кои 6 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 18 труда во меѓународни научни списанија, а 11 труда во референтни научни списанија. Д-р Маја Јурхар Павлова има објавено и 3 труда и 64 апстракти во зборници од научни собири.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

Д-р Маја Јурхар Павлова учествувала во два меѓународни научни проекта и била член на менаџментскиот комитет на проектите, а досега учествувала и како член во уште четири национални научни проекти. Називите на трудовите, проектите и слично се наведуваат во табелата во Образец 2, согласно со Анекс 1, член 3 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Маја Јурхар Павлова, како доктор, специјалист по медицинска микробиологија, активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот. Раководител е на Лабораторијата за паразитарни инфекции. Активно била вклучена во подготовката на документацијата и воведувањето на стандардот за медицински лаборатории, ИСО 15189, на Институтот за микробиологија и паразитологија. Како менаџер за квалитет сè уште активно учествува во одржувањето на стандардот.

Кандидатката д-р Маја Јурхар Павлова остварила експертски активности за Институтот за акредитација на Р Македонија (ИАРМ) како технички оценувач за ИСО-стандард 17025 и ИСО-стандард 15 189.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во сероимунолошка лабораторија на “Aventis–Pasteur” и во истражувачката лабораторија на “Aventis–Pasteur” Лион, Франција, како стипендист на FEMS (Federation of the European Microbiology Societies), во периодот октомври – декември 2000 година. Во периодот од 22 мај до 2 јуни 2017 година била на краток студиски престој во Референтната лабораторија за паразити на Европската унија (EURLP) при Instituto Superiore di Sanita, Рим, Италија, за организација на ПТ-шеми според ISO/IEC 17043.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на Техничкиот комитет за лаборатории за тестирање при Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ). Била член на Работната група за изменување и дополнување на Правилник за барањата за учество во тестирања на оспособеноста, меѓулабораториски споредби и програми за екстерна оцена на квалитетот П06 (ИАРСМ).

При Медицинскиот факултет била член на:

- Комисија за јавни набавки за тестови за серолошка дијагноза и идентификација бр. 25/2014, јуни 2014 – член;
- Комисија за јавни набавки за тестови за серолошка дијагностика на микроорганизми бр. 29/2015 – член;
- реагенси за испитување со ЕЛИСА-ЕЛФА метод компатибилни на апаратот mini VIDAS или еквивалент бр. 17/2016;
- тестови за серолошка дијагностика 36/2017;
- МЕДИЦИНСКИ ОТПАД.2019;
- тестови за серолошка дијагностика – евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): 09896/2020, интерен број на постапката: 39/2020
- 38/2020, евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):09343/2020 предмет: хемикалии;
- лабораториски и медицински потрошен материјал 22, 22-2, 22-3, 2020.

**<u>Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот</u>**

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Образец 2, согласно со Анекс 1 (член 5) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 411, 5 ноември 2018 год., со датуми и други релевантни податоци.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Маја Раде Јурхар Павлова

**Институција:** Медицински факултет, Скопје, Институт за микробиологија и паразитологија

**Научна област:** микробиологија, бактериологија, вирусологија и паразитологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: _8,88______<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува:_9,67______ | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: медицина, микробиологија; поле: медицински науки и здравство; подрачје: микробиологија, микологија вирусологија и паразитологија.<br>. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Syntesis, physicochemical caracterisation and antibacterial activity of movel (benzoylamino)methyl derivates of quinolones<br>4. Година на објава: 2016; 35(2):179-197 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Pharmaceutical Bulletin<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, DOAJ DIRECTORY<br>3. Наслов на трудот: Probiotic/Synbiotic enriched ayran as functional food product-quality and therapeutic benefits<br>4. Година на објава: 2016; 62(suppl) : 253-254 | да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Pharmaceutics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science/ Science Citation Index Expanded, Scopus, PubMed<br>4. Наслов на трудот: Synbiotic loaded chitosan-Ca-alginate microparticles reduces inflammation in the TNBS model of rat colitis<br>5. Година на објава: 2017; 126-134 | да |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Eurosurveillance<br>2. Назив на електронската база на списанија: PubMed/MEDLINE, PubMed Central (PMC); Scopus, EMBASE, EBSCO databases, Science Central, Web of Science/ SCImago Journal Rank, Web of Science/ Science Citation Index Expanded and Google Scholar. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Prioritisation of food-borne parasites in Europe, 2016<br>4. Година на објава: 2018; 23(9) | |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Mac Vet Rev<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO, SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: First Case of Strongyloides Stercoralis Infection in a Dog in the Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2018; 41(1) | да |
| 3.6 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Parasites & Vectors<br>2. Назив на електронската база на списанија: Global Health, PubMed, Scopus, SCImago Journal Rank, Web of Science/ Science Citation Index Expanded<br>3. Наслов на трудот: Epidemiology of taeniosis/ cysticercosis in Europe, a systematic review: eastern Europe<br>4. Година на објава: 2018; 11:569 | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – научен соработник<br>Датум: 30.6.2016 година, број на Билтен 1122 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Никола Пановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Грданоска, член, с.р.**
**В. н. сор. д-р Весна Котевска, член, с.р.**

**Анекс1**

# ОБРАЗЕЦ 2

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Маја Раде Јурхар Павлова
**Институција:** Медицински факултет, Скопје, Институт за микробиологија и паразитологија
**Научна област:** микробиологија, бактериологија, вирусологија и паразитологија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

<table>
<tr><th>Ред. бр.</th><th>Назив на активностите</th><th>Поени</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Одржување на настава, прв циклус студии<br>4*0,04</td><td>0,16</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Одржување на практична настава во прв циклус студии за последните 5 години (2008-2012)
<table>
<tr><th>Факултет</th><th>Бр. на часови неделно</th><th>Бр. на работни недели по бр. на семестри</th><th>Поени</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>Медицински</td><td>6</td><td>150</td><td>0,03</td><td>27</td></tr>
<tr><td>Стоматолошки</td><td>2</td><td>75</td><td>0,03</td><td>4,5</td></tr>
<tr><td>Фармацевтски</td><td>3</td><td>75</td><td>0,03</td><td>6,75</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вкупно</td><td>38,25</td></tr>
</table>
(бр. на часови неделно x бр. на работни недели во семестар x 0,03)</td><td>38,25</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Консултации со студенти во последните 5 години<br>(бр. на студенти(100) x 0,002)</td><td>0,2</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса<br>17*0,2 бода</td><td>3,4</td></tr>
<tr><td>5</td><td>Ментор и едукатор на здравствена едукација<br>Едукатор на специјализанти по микробиологија<br>7 часа неделно x 16 недели x 0,08 x 7 специјализанти<br>(за три години)<br>7 часа неделно x 16 недели x 0,08 x 6 специјализанти<br>(за две години)<br><br>Едукатор на специјализанти од други специјалности<br>(биохемија, хирургија, дерматовенерологија итн)<br>5 часа x 1 недела x 0,08 x 50 специјализанти (за период од 5 години)<br>Ментор на еден специјализант (во период од една година)<br>4 часа x48 недели x 0,08 x 1 специјализант (за една година)<br>*2,9 год.</td><td>116,48<br><br><br><br><br><br>20<br><br><br><br><br>44,5</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6</td><td>Позитивно рецензиран универзитетски учебниик<br>Проф. д-р Елена Т. Докиќ и коавтори (коавтор: н. сор д-р Маја Јурхар Павлова)</td><td>6</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Микробиологија и паразитологија за студенти по фармација - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет, Катедра за микробиологија со паразитологија, 2016 | |
| 7 | **Позитивно рецензиран практикум**<br>Проф. д-р Гордана Јанкоска и коавтори (коавтор: н. сор д-р Маја Јурхар Павлова)<br>Практикум по микробиологија и имунологија за студентите по дентална медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет, Катедра за микробиологија со паразитологија, 2017 | 3 |
| | **Вкупно** | **231,99** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во меѓународен научен проект | |
| | European network for foodborne parasites in Europe (Euro-FBP) – COST Action FA 1408. 2015 – 2019<br>COST акција FA 1408- Европска мрежа за Паразити асоцирани со храна во Европа (Euro-FBP) - меѓународен проект (2015-2019) | 5 |
| | | |
| 2 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование9 | 8(60%) + и.ф |
| | | |
| 2.1 | P. Breznica-Selmani, K. Mladenovska, G. Dräger, B. Mikhova, N. Panovski, A. Kaftandzieva, Z. Kavrakovski, A. Hoxha, N. Sheqerxhiu, **M. J. Pavlova,** E. Popovski. SYNTHESIS, PHYSICOCHEMICAL CHARACTERIZATION AND ANTIBACTERIAL ACTIVITY OF NOVEL (BENZOYLAMINO)METHYL DERIVATIVES OF QUINOLONES. ***Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering.*** **2016; 35 (2): 179–197.**<br>Impact factor: 2016 = 0,612; (4,8+0,612) | 5,412 |
| 2.2 | Petreska Ivanovska, T., Mladenovska, K., Zhivikj, Z., **Jurhar Pavlova, M.**, Gjurovski, I., Ristoski, T., Petrushevska-Tozi, L.,. Synbiotic loaded chitosan-Ca-alginate microparticles reduces inflammation in the TNBS model of rat colitis. ***International Journal of Pharmaceutics***. 2017; **527:126-134**. Impact factor 3,862 (4,8+3,862) | 8,662 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.3 | Bouwknegt M, Devleesschauwer, Graham H, Robertson LJ, van der Giessen J WB, the Euro-FBP workshop participants: H Akkari , T Banu , R Cakir Koc, R Chalmers, C Michaela Cretu ,G Deksne , O Djurkovic-Djakovic, P Dorny, E Dvoroznakova, H L Enemark, C Gerard, M Angeles Gomez Morales, **M Jurhar-Pavlova** , C Kapel, T Kortbeek, I Kucsera , B Lassen, J Petrovic, K Riehn , D Rodriguez-Lazaro , M Rozycki , M Slany , J Stefanovska , M Sviben , K Stojecki , S Sotiraki , C Trevisan , K Troell, A Uzelac , I Vallee , A Vantarakis , S Vasilev , K Vutova , T de Waal. Prioritisation of food-borne parasites in Europe, 2016. ***Euro Surveill.* 2018;23(9).** Impact factor 7,1 (4,8+ 7,1 ) | 11,9 |
| 2.4 | Aleksandar Cvetkovikj, Ljubica Rashikj, Irena Celeska, Elena Atanaskova Petrov, Branko Angjelovski, Iskra Cvetkovikj, **Maja Jurhar Pavlova,** Jovana Stefanovska. First Case of Strongyloides Stercoralis Infection in a Dog in the Republic of Macedonia. ***Mac Vet Rev***. 2018; **41 (1): 95-98.** Impact factor 0.193 (4,8+0.193 ) | 4,939 |
| 2.5 | C Trevisan , S Sotiraki , M Laranjo-González , V Dermauw1 , Z Wang, A Kärssin, A Cvetkovikj , A S. Winkler, A Abraham, B Bobić , B Lassen, C Michaela Cretu, Cozma Vasile, D Arvanitis, G Deksne, Ilievski B, I Kucsera, J Karamon, J Stefanovska , B Koudela, **M Jurhar Pavlova**, M Varady, M Pavlak, M Šarkūnas, MKaminski, O Djurković-Djaković , P Jokelainen, D Stojčević Jan, V Schmidt, Z Dakić, S Gabriё, P Dorny and B Devleesschauwer. Epidemiology of taeniosis/ cysticercosis in Europe, a systematic review: eastern Europe *Parasites Vectors* **11,** 569 (2018). https://doi.org/10.1186/s13071-018-3153-5 Impact factor (2018) 1.565 (4,8+1.565) | 6,365 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови9 | |
| 3.1 | Tanja Petreska Ivanovska, Zoran Zhivikj, Liljana Bogdanovska, Maja Jurhar Pavlova, Ivica Gjurovski, Trpe Ristoski, Kristina Mladenovska, Lidija Petrushevska-Tozi. Probiotic/Synbiotic enriched ayran as functional food product-quality and therapeutic benefits(2016) Macedonian Pharmaceutical Bulletin 62 (suppl) 253-254. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | ISSN 1409-8695 Proceedings of the 6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. (60%)<br>3 бода (60%) | |
| 4 | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| 4.1 | Macedonian Veterinary Review (1*0,2) | 0,2 |
| 4.2 | Physioacta (2*0,2) | 0,4 |
| 4.3 | Journal of Morphological Sciences (1*0,2) | 0,2 |
| 5 | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| 5.1 | Маја Јурхар Павлова Влијание на пробиотикот *Lactobacillus casei* врз цревната флора кај експериментални стаорци - стручен состанок, МЗКИХИ, 20.10.2017, Скопје<br>1*1 | 1 |
| 6 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | **усна презентација** | |
| 6.1 | Jurhar Pavlova M., Stefanovska J., Cvetkovikj A., Jankuloski D., Prodanov M., Cvetkovikj S., Mikikj V., Kuzmanovska G., Petrovska M. (2016) Prevention of food-borne parasitoses. Days of preventive medicine in the Republic of Macedonia., 3-5 november 2016, Ohrid, R. Macedonia. | 1 |
| 6.2 | **Јурхар Павлова М.**, Пановски Н., Петреска Ивановска Т., Младеновска К., Зоран Живиќ, Ѓорѓиевска К., Миова Б., Петровска М. Ефектот на *Lactobacillus casei* во различни формулации на синбиотски продукт базиран на соја врз развој на систолниот крвен притисок кај млади, спонтано хипертензивни стаорци Effect of Lactobacillus casei in different formulation of synbiotic soy-based product on development of systolic blood pressure in young spontaneously hypertensive rats A IV НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ДЕНОВИ НА ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА 17 – 19 октомври 2019, Струга, РС Македонија, зборник на апстракти п124 | 1 |
| | постер | |
| 6.3 | **Maja Jurhar Pavlova**, Petrovska M., Cvetkovic A. Stefanovska J. Hadzi-Petruseva-Meloska I., Cvetkovic S., Cvetkovic D., Miloskoska Bogoeska E., Terziev G., María Ángeles Gómez-Morales (**2017**) PT on the detection of *Taenia* spp in human fecal samples in the Republic of Macedonia, a collaborative study. Final CYSTINET Conference, 23-25 October 2017 Athens, Greece<br>. | 0,5 |
| 6.4 | B. Ilievski1, Gj. Jota2, **M. Jurhar Pavlova** (**2018**) ABDOMINAL ECHINOCOCCOSIS WITH MULTIPLE BILATERAL OVARIAN ECHINOCOCCUS GRANULOSUS CYSTS (CASE | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | REPORT) VI Congress of Macedonian Microbiologists with International Participation, 30.5-2.6.2018 Ohrid, R. Macedonia. | |
| 6.5 | Jurhar Pavlova, Maja ; **Petrovska, Milena ; Gordana Mircevska; Labachevska Gjatovska, Liljana; Valentina Slavevska-Stamenkovic; Maja Vasileva Duganovska; Cvetkovikj, Aleksandar (2019)** Cutaneous myiasis-report of nosocomial case. 11th Balkan Congress of Microbiology – Microbiologia Balkanica 2019 Tirana, from 21 – 23 November 2019 http://www.ascm.al/ | 0,5 |
| 7 | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| | **- меѓународна** | |
| 7.1 | Gabrielli S. , Giacomi A. , Momčilović S. **, Pavlova M. J**. , Stefanovski J. , Cancrini G. , Otašević S. First molecular investigations on canine dirofilariosis from FYR of Macedonia: preliminary results *Parasites & Vectors* 2018, 11(Suppl 1):623 Proceedings of 6th European Dirofilaria and Angiostrongylus Days : Belgrade, Serbia. July 5 - 7, 2018. *Parasit Vectors*. 2018;11(Suppl 1):623. Published 2018 Dec 12. doi:10.1186/s13071-018-3183-z | 1 |
| 7.2 | **M. Jurhar Pavlova**, B. Ilievski, A. Cvetkovic, J. Stefanovska, V. Kirova-Urosevic, I. Hadzi-Petruseva-Meloska, D. Kocinski, S. Cvetkovic, D. Cvetkovic, E. MiloskoskaBogoeska, G.Terziev, M. Petrovska, G. Jankoska, V. Mircevski, L. Petkovska, I. Barbov, J. Petrovic, M. A. Gómez-Morales. Taeniasis/Neurocisticercosis (NCC) in the Republic of Macedonia: Importance and gaps. 6$^{th}$ Congress of Macedonian Microbiologists with international participation, Ohrid, Macedonia. MMP, god.71 (supl 98) 2018; Book of abstracts. p 240 | 1 |
| 7.3 | G. Mirchevska, V. Kotevska, E. Trajkovska-Dokic, **M. JurharPavlova**, A. Kaftandzieva, Z. Cekovska, Z.Stojanovski, Z.Milenkovik, N. Panovski EVALUATION OF METHODS FOR DIAGNOSIS OF INVASIVE CANDIDIASIS Симпозиум поддржан од FEMS ”Emerging infections” Охрид, Macedonia. MMP, god.71 (supl 98) 2018; Book of abstracts.<br>6$^{th}$ Congress of Macedonian Microbiologists with international participation, Ohrid, Macedonia. MMP, god.71 (supl 98) 2018; Book of abstracts. П64 | 1 |
| 7.4 | G Jankoska, L. Labacevska, **M. Jurhar-Pavlova**, M. Petrovska UREAPLASMA UREALYTICUM IN SPERMOCULTURE - DETECTION AND IMPORTANCE 2018 6$^{th}$ Congress of Macedonian | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Microbiologists with international participation, Ohrid, Macedonia. MMP, god.71 (supl 98) 2018; Book of abstracts.п99 | |
| 7.5 | JovanaStefanovska, LjubicaRashikj, Maja **Jurhar Pavlova,** Aleksandar Cvetkovikj (**2018**) Short overview of parasitic zoonotic diseases in R. Macedonia and One Health approach. VI Congress of Macedonian Microbiologists with International Participation, FEMS Supported Symposium “Emerging Infections”, Ohrid, Macedonia. MMP, god.71 (supl 98) 2018; Book of abstracts. | 1 |
| 7.6 | B. Ilievski1, Gj. Jota2, **M. Jurhar Pavlova** (**2018**) ABDOMINAL ECHINOCOCCOSIS WITH MULTIPLE BILATERAL OVARIAN ECHINOCOCCUS GRANULOSUS CYSTS (CASE REPORT) 6th Congress of Macedonian Microbiologists with international participation, Ohrid, Macedonia. MMP, god.71 (supl 98) 2018; Book of abstracts. p 240 | 1 |
| 7.7 | Jurhar Pavlova, Maja **; Petrovska, Milena ; Gordana Mircevska; Labachevska gjatovska, Liljana ; Valentina Slavevska-Stamenkovic; Maja Vasileva Duganovska; Cvetkovikj, Aleksandar (2019)** Cutaneous myiasis-report of nosocomial case. 11th Balkan Congress of Microbiology – Microbiologia Balkanica 2019 Tirana, from 21 – 23 November 2019 http://www.ascm.al/ **Abstract book** p68 | 1 |
| 7.8 | Labacevska -Gjatovska L,Jurhar M, Panovski N, Jankoska G. Ability for biofilm production by *Gardnerella vaginalis* 11th Balkan Congress of Microbiology – Microbiologia Balkanica 2019 Tirana, from 21 – 23 November 2019 http://www.ascm.al/ **Abstract book p45,** | 1 |
| | национална | |
| 7.9 | **Јурхар Павлова М.,** Стефановска Ј., Цветковиќ А., Јанкуловски Д., Проданов М., Цветковиќ С., Микиќ В., Кузмановска Г., Петровска М. (**2016**) Превенција на паразитози асоцирани со храна. Денови на превентивна медицина во Република Македонија. Зборник на Абстракти, Охрид, Р. Македонија p24 | 0,5 |
| 7.10 | Јурхар Павлова М1 , Пановски Н1 , Петреска Ивановска Т2 , Младеновска К2 , Зоран Живиќ2 , Ѓорѓиевска К3 , Миова Б4 , Петровска М1 Ефектот на Lactobacillus casei во различни формулации на синбиотски продукт базиран на соја врз развој на систолниот крвен притисок кај млади, спонтано хипертензивни стаорци Effect of Lactobacillus casei in different formulation of synbiotic soy-based product on development of systolic blood pressure in young spontaneously hypertensive rats А IV НАУЧЕН СИМПОЗИУМ | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | ДЕНОВИ НА ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА 2019, **Зборник на апстракти п124** | |
| | **Вкупно** | **58,378** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството – првпат во институцијата воведена метода | |
| | Детекција на ИгГ-антитела специфични за хелминти (Ascaris lumbricoides, Trichinella spp...) ELISA | 1 |
| 2 | Раководител на лабораторија | 1 |
| 3 | Менаџер за квалитет во акредитирани институции | 3 |
| 4 | Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт | |
| | Член на Работната група за изменување и дополнување на Правилник за барањата за учество во тестирања на оспособеноста, меѓулабораториски споредби и програми за екстерна оцена на квалитетот П06 (ИАРСМ) | 2 |
| | | |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | |
| | Организационен одбор на VI конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, 30 мај – 2 јуни 2018, Охрид | 1 |
| 2 | **Студиски престој во странство -до три месеци** | |
| 2.1 | СТСМ - 22 мај - 2 јуни 2017 organization of Proficiency testing (PT), according to the ISO/IEC 17043 European Union Reference Laboratory for Parasites (EURLP) Instituto Superiore di Sanita, Rome, Italy | 0,5 |
| 2.2 | Training school, - “Molecular methods used for foodborne parasite diagnstocs in Different matrics” 4-7$^{th}$ september 2017, Instituto SuperiorTechnio, University of Lisbon, Portugal | 0,5 |
| 3 | **Член на факултетска комисија** | |
| | јавна набавка:<br>1. реагенси за испитување со ЕЛИСА-ЕЛФА метод компатибилни на апаратот mini VIDAS или еквивалент бр. 17/2016<br>2. тестови за серолошка дијагностика 36/2017<br>3. МЕДИЦИНСКИ ОТПАД.2019<br>4. тестови за серолошка дијагностика, евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): 09896/2020, интерен број на постапката: 39/2020<br>5. 38/2020, евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):09343/2020 предмет: хемикалии | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. лабораториски и медицински потрошен материјал 22, 22-2, 22-3, 2020 (6*0,5) | |
| 4 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | |
| 4.1 | Член во извршното тело (Комитет за менаџмент) на COST-акцијата “CYSTINET”– European network on Taeniosis/Cysticercosis, FA COST Action TD1302 (2013 – 2017) | 2 |
| 4.2 | Член во извршното тело (Комитет за менаџмент) на COST-акцијата “European network for foodborne parasites in Europe (Euro-FBP) – COST Action FA 1408. 2015 – 2019“ | 2 |
| 5 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Технички комитет при ИАРСМ | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **17** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **231,99** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 58,378 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 17 |
| **Вкупно** | **307,368** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Никола Пановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Грданоска, член, с.р.**
**В. н. сор. д-р Весна Котевска, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Маја Јурхар Павлова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Маја Јурхар Павлова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **виш научен соработник** во научните области: микробиологија, бактериологија, вирусологија и паразитологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Маја Јурхар Павлова да биде избрана во звањето **виш научен соработник** во научните области: микробиологија, бактериологија, вирусологија и паразитологија.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Никола Пановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Грданоска, член, с.р.**
**В. н. сор. д-р Весна Котевска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА 3 АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 6.10.2020 година, за избор на 4 асистенти по предметот Хирургија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3524/45, донесена на 22.9.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Симон Трпески, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје и доц. д-р Владимир Рендевски, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 3 асистенти по предметот Хирургија, во предвидениот рок се пријавија: ас. д-р Роберт Шумковски, ас. д-р Оливер Арсовски и ас. д-р Виктор Тренчев.

### Ас. д-р Роберт Шумковски

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Роберт Шумковски е роден на 11.7.1964 год. во Скопје. Основно и средно образование, гимназија, завршил во Скопје, Македонија. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на 24.10.1992 година. Дипломирал на 16.11.19912година, со просечен успех 9,4.

Кандидатот завршил специјализација по неврохирургија на 12.3.2001 год., во Скопје.

Кандидатот завршил втор циклус студии со просек 9,6 и на 24.9.2012 год. го одбранил магистерскиот труд и се стекнал со звањето магистер по медицински науки.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Кандидатот е вработен во Универзитетската клиника за неврохирургија.

<u>Научноистражувачка дејност</u>

1. **Endoscopic Transsphenoidal Hypophisectomy versus Microscopic Transsphenoidal Surgery in the Treatment of Pituitary Adenomas: Evaluation of Results in Terms of Ophthalmic Affection**

Robert Sumkovsi1, Venko Filipce1, Ivica Kocevski1, Micun Micunovic2

1University Clinic of Neurosurgery, Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of
Macedonia; 2Special Hospital for Orthopedic Surgery and Traumatology “St. Erazmo”, Ohrid, Republic of Macedonia

2. **Endoscopic versus Microscopic Transsphenoidal Hypophysectomy: Comparison of the Endocrine Outcome – An Institutional Experience**

Robert Sumkovsi1, Ivica Kocevski1, Micun Micunovic2
1University Clinic of Neurosurgery, Faculty of Medicine, Saints Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia; 2Special Hospital for Orthopedic Surgery and Traumatology “St. Erazmo,” Ohrid, Republic of Macedonia

3. **Trigonocephaly: Case Report, Review of Literature and a Technical Note**

Robert Sumkovski1*, Ivica Kocevski1, Micun Micunovic2

1University Clinic of Neurosurgery, Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia; 2Special Hospital for Orthopedic Surgery and Traumatology “St. Erazmo”, Ohrid, Republic of Macedonia

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**
Кандидатот д-р Роберт Шумковски учествува како автор истражувач на проектот:

**CHAPTER 19: Surgery for Craniosynostosis; Springer; Publishing Agreement for Contributions in Collected Works**

This Publishing Agreement (this “**Agreement**”) has been approved by and entered into between
Robert Sumkovski, Ivica Kocevski and Mikjun Mikjunovikj and
**Springer Nature Switzerland AG**
**Gewerbestrasse 11, 6330 Cham, Switzerland**
(the “**Publisher**”)
Етаблирана транссфеноидална ендоскопска хипофизектомија на ЈЗУ, УК за неврохирургија.

**О Б Р А З Е Ц 1**

Кандидат: **Роберт Борис Шумковски**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **хирургија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,4<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,6 | Да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: (CEFR)Ц1<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 25.9.2020 година | Да |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Ѓорѓе Цокиќ, с.р.
Проф. д-р Симон Трпески, с.р.
Доц. д-р Владимир Рендевски, с.р.

## Ас. д-р Оливер Арсовски

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Оливер Арсовски е роден на 15.5.1974 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Никола Карев” во Скопје, Македонија. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на 30.11.1999 година. Дипломирал на 30.11.1999 година, со просечен успех 8,47.

Кандидатот завршил специјализација по општа хирургија на 26.12.2012 година во Скопје и супспецијализација по трауматологија на 25.9.2018.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Кандидатот е вработен во ТОАРИЛУЦ, о.е. трауматологија.

**Научноистражувачка дејност**

1. Igor Kaftandziev, Simon Trpeski, Oliver Arsovski, Marko Spasov : Percutaneous screw fixation od distal tibia fractures-functional results in sixteen patients. Open Access Macedonian Journal od Medical Sciences. 2014 Jun 15; 2(2):229-233.

2. Spasov M, Arsovski O, Krstevski S, Kaftandziev I,:Syndesmosis transfixation-effect on the functional outcome: Physioacta vol.13-No1.

**ОБРАЗЕЦ 1**

Кандидат: **Оливер Тодор Арсовски**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **хирургија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,47 | Да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: (CEFR) Ц1<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 22.9.2020 година | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.**
**Проф. д-р Симон Трпески, с.р.**
**Доц. д-р Владимир Рендевски, с.р.**

## Ас. д-р Виктор Тренчев

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот ас. д-р Виктор Тренчев е роден во Скопје, на 13.5.1976 год. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во тековната 1994/1995 год., а го завршил на 22.12.2000 год. Државниот испит по општа медицина го положил во 2001 год. Истата година се вработил на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија во Скопје.

Кандидатот завршил специјализација по општа хирургија на 8.4.2008 год., а супспецијализација по пластична и реконструктивна хирургија завршил на 29.4.2015 год.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Кандидатот во моментот е вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

FREE SKIN GRAFTING OF POSTOPERATIVE FACE AND HEAD DEFECTS

Peneva M.,Trencev V.Gjorgievska J.,Damevska Lj.

FREE SKIN GRAFTING IN RECONSTRUCTION AFTER SURGICAL EXCISION OF MALIGNANCES[RS46]

Peneva M.,Trencev V.,Naceska A.,Damevska Lj

**Cutaneus Flaps Used For Larger Body Tissue Defects Reconstruction**

**Mircevska E.,Peev I.,Naceska A.,Trencev V.,Peneva M.,Mircevski V.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

Кандидат: **Виктор Ристо Тренчев**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **хирургија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,75 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: (CEFR) Ц1<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет ,,Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 22.9.2020 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.**
**Проф. д-р Симон Трпески, с.р.**
**Доц. д-р Владимир Рендевски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставените материјали и анализирајќи ја досегашната активност на кандидатите, во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ѓорѓе Ѓокиќ, проф. д-р Симон Трпески и доц. д-р Владимир Рендевски, ги разгледа сите доставени документи од пријавените кандидати и го донесе следниов заклучок: оценувајќи ги позитивно сите поднесени документи, Комисијата ги предлага следниве кандидати за избор во звање – асистент: д-р Роберт Шумковски, д-р Оливер Арсовски и д-р Виктор Тренчев.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.**
**Проф. д-р Симон Трпески, с.р.**
**Доц. д-р Владимир Рендевски, с.р.**

ДР-Образец 8

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕВАЛУАЦИЈА НА TMPRSS2-ERG ФУЗИРАНИОТ ТРАНСКРИПТ И DNA-МЕТИЛАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНА ДИЈАГНОСТИЧКА И ПРЕДИКТИВНА ВРЕДНОСТ КАЈ КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА” ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ТРИФУНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXI редовно одржана седница на 30.12.2020 година, со Одлука бр. 0905-5236/11 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов ,,Евалуација на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA-метилациските промени и нивна дијагностичка и предиктивна вредност кај карцином на простата“ од кандидатот м-р д-р Александар Трифуновски, во состав: проф. д-р Слободан Ристовски (претседател), академик проф. д-р Живко Попов (ментор), проф. д-р Снежана Смичкоска (член), проф. д-р Сотир Ставридис (член) и проф. д-р Гоце Спасовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р д-р Александар Трифуновски, со наслов: „Евалуација на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA-метилациските промени и нивна дијагностичка и предиктивна вредност кај карцином на простата“, содржи 122 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Romans, со 1,15 проред и големина на букви 12 и 163 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

**Анализа на трудот**

Трудот е структуриран во 10 поглавја, и воедно ги содржи сите делови на еден научноистражувачки проект вклучувајќи вовед, мотив, цел и специфични цели на истражувањето, хипотези, материјал и методи на работа со статистичка обработка, резултати, дискусија, по што следат заклучоците и листата на библиографски податоци. Начинот на изложување е јасен и концизен, лесно се следи и воедно побудува интерес за одбраната тема на истражување. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се овозможува систематизирано и прегледно следење на материјата обработена во докторската теза. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект. На крајот на трудот има анекс со пример од прашалникот, употребен во истражувањето.

Докторската дисертација започнува со **вовед, како прво поглавје**, кој понатаму е поделен и организиран во десет тематски целини, на вкупно 21 страница. Во **првиот наслов од воведот,** кандидатот укажува на епидемиологијата на карциномот на простата. Тој укажува дека карциномот на простата, според зачестеноста на појавување претставува петта малигна болест во светски рамки, а воедно и најчест карцином кај лицата од машки пол. На овој вид карцином отпаѓаат 11,7 % од сите новодијагностицирани карциноми. Инциденцата на карциномот на простата бележи постојан пораст, како резултат на воведувањето на нови дијагностички маркери и методи, користење на ПСА-тестот, трансректална ултрасонографија и магнетна резонанца, и продолжување на животниот век кај мажите. Во овој дел цитирана е литература според која шансите за заболувањето нагло раснат со возраста, односно тие стануваат посебно големи по 50. година од животот. Случаите со карцином на

простатата, според цитираната литература, може да се јават во клинички манифестна форма, клинички неманифестна форма и во индолентен (окултен) облик. Последните форми не се манифестираат и честопати се откриваат дури на обдукциите. Преваленцијата на случаите со латентен облик на карцином на простата расте со возраста и достигнува околу 40 %, кај лицата на возраст од 80 години. Во **вториот наслов,** кандидатот детално ги анализира ризик-факторите за карцином на простата, поврзани со појавата, развојот и прогнозата на болеста. **Третиот наслов од воведот** се однесува на ембриологијата, развојот и карциногенезата кај простата, и истовремено дава осврт на нарушување на епително-стромалната хомеостаза како важен механизам за дедиференцијација и карциногенеза на ткивата. Во **четвртиот наслов од воведот**, кандидатот се задржува на простата-специфичниот антиген – ПСА и неговата примена како најчест тумор-маркер кој се користи во детекција и дијагностика на простатичниот канцер. **Петтиот наслов** ја опишува биопсијата на простата како метода која претставува златен стандард во утврдување или отфрлање на дијагнозата на карциномот на простатата. Исто така, укажува на хронологијата на развојот на методата и можните компликации од неа.

Во **шестиот наслов,** кандидатот го разработува Глисоновиот систем за градирање на простатичниот канцер, преку кој заедно со другите параметри е инкорпориран во основната стратегија за одредување на стадиумот, “stage-инг ” на карциномот на простата, потоа прогнозата и водење на терапијата. Во своја основа претставува микроскопска анализа на архитектонски карактеристики и степен на диференцираност на ткивото.

Во **седмиот дел од воведот,** кандидатот јасно и прецизно ги обработува параклиничките дијагностички методи остварени преку трансректална ултрасонографија, скенот на коски, компјутеризирана томографија, магнетна резонанца и ПЕТ скенот, заедно со нивните предности во однос на раната детекција во почетните стадиуми, како и откривање и дијагностика на метастазите и распространетоста на канцерот во напреднатите стадиуми. **Осмиот наслов од воведот** е посветен на терапевтските можности претставени со активно следење, простатектомијата, радијационата, хормоналната и хемотерапијата, преку имунотерапијата, употребата на високо фреквентни струи во третманот, па до аплицирање на “bone seeking agents “ за третман на болеста. Во **деветтиот наслов,** кандидатот дава детален опис на ТНМ (тумор, нодус, метастаза) класификација која се однесува на клиничкиот и патолошкиот стејџинг за давање приказ на проширувањето на болеста и подобра предикција за исходот од неа.

**Десеттиот наслов од воведот** ги обработува релевантните и потенцијални молекуларни маркери, и генетски предиспозиции во дијагностика и прогноза кај простатичен канцер, задржувајќи се на PHI(prostatic health index) и другите маркери од каликреинскиот панел, простата специфичниот мембрански антиген PSMA, PCA3, PTEN генот и други. Преку цитирање на бројни автори, во овој дел кандидатот се посветува и на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA-метилациските промени, како и нивната дијагностичка и предиктивна вредност кај карцином на простата.

**Второто поглавје** го анализира **мотивот** за изработка на оваа студија, кој е јасно дефиниран. Кандидатот го потенцира фактот дека карциномот на простата завзема висок процент од сите новодијагностицирани карциноми. Со зголемување на скринингот и воведување на нови дијагностички методи инциденцата на локално-ограниченото заболување се зголемува, додека бројот на пациенти со метастатско прогресивната болест е намален. Како главен мотив за изработка на овој труд, кандидатот го наведува испитувањето на дијагностичката вредност на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA метилациската промена како релевантни биомаркери со висока сензитивност и специфичност и предиктивна сигнификантност. Според кандидатот, со нив би се овозможила стратификација на ризикот за присуство и појава на напреднат стадиум на болеста и утврдување на персонализирана терапија кај пациентите. Новитетите во дијагностиката можат да доведат до намалување на

економските импликации од самата болест и истовремено да овозможат достапност на најсоодветната терапија за пациентите.

Во **третото поглавје** од докторската дисертација, кандидатот ги презентирал **целите** на истражувањето, кои се јасно дефинирани, конципирани и одредени. Генералната цел на истражувањето е да се направи евалуација на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA метилациските промени и да се утврди нивната дијагностичка и предиктивна вредност кај карцином на простата. Дополнително на главната цел, кандидатот има поставено и три специфични цели. Првата се однесува на анализа на примерокот според социодемографските и клиничките карактеристики на пациентите од двете групи со укажување на сигнификантноста на постоењето на евентуалните разлики. Втората се однесува на испитувње на сензитивноста и специфичноста на двата потенцијални биомаркера (TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA метилациските промени) за детекција и дијагноза на простатичен канцер споредено со простата специфичниот антиген (ПСА), наодот од хистопатологија и клиничкиот стадиум на болеста, а третата специфична цел е насочена кон утврдување на предиктивната улога на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA метилациските промени во молекуларната стратификација (стадиумот и напреднатоста на заболувањето) кај пациенти со карцином на простата.

**Четвртото поглавје** ги прикажува **хипотезите** во студијата. Кандидатот има поставено три работни хипотези кои се тестирани во рамките на истражувањето, и тоа: (1) Двата потенцијални биомаркера (TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA метилациските промени) имаат значајна улога во детекцијата и дијагнозата на простатичен канцер. (2) TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA метилациските промени имаат сигнификантна предиктивна улога во утврдување на молекуларната стратификација (стадиумот и напреднатоста на заболувњето) кај пациенти со карцином на простата. (3) Нема сигнификантна разлика помеѓу двете групи на пациенти во однос на социодемграфските и клиничките карактеристики.

**Петтото поглавје** ги прикажува **материјалот и методите**. Тие се целисходни, логично одбрани и резултираат со квалитетни резултати по спроведената анализа. Систематизирани се во **шест наслови** и преку нив кандидатот се потрудил да одговори на поставените цели. Во **првиот наслов,** кандидатот детално го опишува дизајнот на истражувањето кое претставува проспективна клиничка студија која била спроведена во периодот од 2018 до 2020 година на Универзитетската клиника за урологија во Скопје, во соработка со Институтот за патолошка анатомија и Институтот за клиничка биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје, Фармацевтскиот факултет во Скопје, Институтот за радиотерапија и онкологија и Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов” при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ). Примерокот во истражувањето е објаснет во **вториот наслов** од делот за материјалот и методи. Студијата е спроведена на прост случаен примерок на пациенти (random sampaling) кои во периодот на истражувањето се јавиле на Универзитетската клиника за урологија во Скопје заради проверка, следење на состојбата на простатата и испитување на тегобите поврзани со неа. Во истражувањето биле вклучени кохорта на пациенти со карцином на простата (испитувана група), 90 пациенти, и кохорта на пациенти со бенигна хиперплазија на простата (контролна група), 58 испитаници.

**Третиот наслов** дава прецизен увид на однапред утврдени инклузиони и ексклузиони критериуми спрема кои учесниците во истражувањето биле селектирани. Инклузиони критериуми биле: а) мажи над 40 и под 85-годишна возраст; б) независно од националност, место на живеење, ниво на образование, работен статус, брачен статус, социо-економски статус итн.; в) ПСА >4 ng/ml, и/или позитивно ректално туше и г) доброволна согласност за учество. Ексклузиони критериуми вклучуваат: а) отсуство на спремност и желба за учество; б) присуство на друго малигно заболување, во моментот

н истражувањето; в) возраст под 40 и над 85 години; г) тешка општа и локорегионална состојба, инкурабилна состојба и д) деменција, отсуство на рационално расудување и потешки кардиоваскуларни заболувања и коагулопатии.

**Четвртиот наслов** од петтото поглавје е посветен на материјалите кои биле користени во истражувањето кај испитуваната група (пациенти со карцином на простата) и кај контролната група (пациенти со бенигна хиперплазија на простата): ткиво добиено од биопсија на простата или од оперативен зафат, како и крв и урина колектирани по простатична масажа (пред спроведување на биопсија). Покрај материјалите за молекуларните анализи (ткиво, крв и урина), користени се и податоци од патохистолошките наоди на ткивата (со податоци за Gleason score и патолошкиот стадиум), податоци за нивото на простата специфичниот антиген (PSA) во крв и податоци од клиничките параметри добиени од параклинички иследувања.

Детален опис на методологијата имплементирана во истражувањето, кандидатот ја опишал во **петтиот наслов** во поглавјето за материјали и методи. Патохистолошката анализа на примероците од ткиво на простата (добиени во најголем дел по пат на биопсија на простата по претходно поставена индикација и со оперативна метода) била извршена на Институтот за патолошка анатомија при Медицинскиот факултет во Скопје. Примероците од ткивото на простата добиени со биопсија биле земени според утврдените рутински методи, односно досега стандардизираната метода која се употребува на Клиниката за урологија во Скопје. Биле земени најмалку 10-12 “core “биопсии (+ 1 - 2 цилиндра) во должина од 10 до 20 мм, и тоа 2 од апекс на простата, 2 од база и 6-8 во средина од периферна зона на простатата (по 5-6 од двете страни на простатата). Еден дополнителен цилиндар од суспектната зона бил земен за молекуларни анализи. Тој потоа се ставал во 1,5 мл Eppendorf туба замрзнат во течен азот со потопување и се складирал на - 80 степени целзиусови до понатамошна анализа во лабораторијата во МАНУ. Доколку некој примерок од биоптичниот материјал бил несоодветен (недоволно долг), постапката на биопсијата во таа зона е повторувана (што и рутински се прави). Материјалот од оперативниот примерок ( радикална простатектомија ) е издвојуван со прецизно селектирање на местото на промената од кој се издвојувал ткивниот фрагмент. Непосредно по земање, ткивото (биоптично и оперативно) за ПХА, е ставано во контејнер со 10 % формалин, со цел спречување на ткивна автолиза. Материјалот потоа се дисецирал, биле земени соодветни примероци кои се ставале во хистокасети, кои, исто така, биле фиксирани во формалин. Потоа, хистокасетите биле пуштени за обработка во автотехникон. По ткивното процесирање во автотехникон, примерокот бил калапен, по што следело сечење со микротом, нанесување на предметно стакло, депарафинирање и стандардно боење со Хемалаум-Еозин (Х.Е.) за “Gleason” процена и одредување на патолошкиот стадиум на болеста pTNM, кој е проценуван постоперативно. Клиничкиот стадиум TNM бил проценет според клиничките и параклиничките иследувања, а во рамките на истражувањето, одредуван е “стејџинг” (stage-стадиум) со сублимирање на поединечно утврдениот клинички односно патолошки стадиум за секој од пациентите со карцином на простата (CaP-група). Анализа на крвта во однос на простата-специфичниот антиген (PSA - ПСА) била претходно направена на Институтот за клиничка биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје. Сите пациенти со простатичен канцер постоперативно (постирадијационо) биле следени на 6 и 12 месеци за пораст на вредност на ПСА, заради следење на појава на биохемиска рекурентност. Пациентите со ПСА>0,2 ng/ml, се ставени во група на пациенти со биохемиска рекурентност. Во однос на процесирање на материјалот за генетско испитувње, од пациентите е земана венска крв со венепункција, по стандардизираните рутински методи, (2-5 мл ) во епрувета со EDTA (ethylenediamine tetraacetic acid) антикоагулант. Урината е земана преку рутинските методи на земање за анализа на уринарен седимент, после извршена простатична масажа, а пред биопсија, во резервоар, и тоа минимум 30 мл урина. Примероците од крв и урина по земање биле чувани на 0-4 степени целзиусови и во рок од 4 до 6 часа се транспортирани до лабораторијата за понатамошна обработка (дилуирање, центрифугирање и издвојување на супернатантот). Молекуларните анализи за испитувње на посочените биомаркери

биле изведувани во Истражувачкиот центар за генетско инжинерство и биотехнологија “Георги Д. Ефремов” при МАНУ и вклучувале: Изолација на DNA од биолошките материјали по стандарден метод на фенол-хлороформ екстракција/етанол преципитација; Изолација на RNA од биолошките материјали со користење на TRI Reagent® и хлороформ екстракција/изопропанол преципитација; Одредување на DNA-метилациски промени во ткиво кај пациенти со карцином на простата со MLPA метод со користење на SALSA MLPA ME001 Tumour suppressor mix 1 китот (MRC, Holland); Детектирање на TMPRSS2-ERG фузиран транскрипт во ткиво кај пациенти со карцином на простата со Real-Time PCR. Кај рандомизирана група на 15 пациенти кај кои има детектирано TMPRSS2-ERG генската фузија во ткиво била извршена детекција за присуство на фузиониот транскрипт и во крв и урина. Детекција на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт во крв и урина кај пациенти кои се позитивни за овие промени во ткиво била спроведена со помош на претходно наведената метода - Real-TimePCR. Добиените резултати биле споредени со: вредностите на ПСА, со наодот од патохистолошката анализа на ткиво (Gleason) земен како златен стандард за верификација на дијагнозата, и со стадиумот на болеста. **Шестиот наслов** , кој воедно е и последен се однесува на слободна волја да се потпише информирана согласност, напишана на јазик и стил разбирлив за пациентот, по претходно побарана и одобрена дозвола од Клиниката за урологија и Етичката комисија за истражување на луѓе на Медицинскиот факултет при УКИМ.

**Шестото поглавје** се однесува на **статистичка обработка** – податоците добиени со истражувањето се обработени во соодветни статистички програми (Statistica for Windows 7,0 и SPSS), а се прикажани табеларно и графички. Анализата на атрибутивните (квалитативни) серии била правена преку одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки, и истите се прикажувани како апсолутни и релативни броеви. Нумеричките (квантитативни) серии се анализирани со употреба на мерките на централна тенденција како и со мерки на дисперзија. Pearson Chi square test, Yates corrected, Fischer exact тест и Fisher Feeman Halton exact test кандидатот ги користи за утврдување на асоцијацијата меѓу одредени атрибутивни дихотомни белези. Spearman-овиот коефициентот на ранг-корелација е употребен за утврдување на поврзаноста помеѓу нумеричките варијабли со неправилна дистрибуција на фреквенциите. Анализата на зависните примероци била правена со McNemar Chi-square. Shapiro-Wilk W-тестот е користен за утврдување на правилноста на дистрибуцијата на фреквенцијата на одредени варијабли. За тестирање на значајноста на разликата меѓу одредени нумерички параметри со неправилна дистрибуција на фреквенции биле користени непараметарски тестови за два независни примероци (MannWhitneyUтест) и за повеќе независни примероци (Kruskal-Wallis H test). Факторите на ризик се квантифицирани преку користење на однос на веројатности (Oddratio – OR) и интервалите на доверба – confidence intervals (CI). За споредба на пропорциите бил користен Difference test. Униваријантна логистичка регресиона анализа кандидатот ја применувал за одредување и квантифицирање на независните значајни предиктори за карцином на простата. Дијагностична ефикасност на селектирани параметри за појава на карцином на простата ја проценувал согласно ROC-анализата и добиените AUC-вредности. Споредбата на AUC- вредностите на две независни ROC-криви била направена со z test. За утврдување на статистичка значајност е користено ниво на сигнификантност од 0.05.

Резултатите од истражувањето се прикажани во **седмото поглавје.** Добиените **резултати** од спроведената статистичка анализа се прикажани прегледно во 28 табели и 23 графикони, поделени во **6 наслови** и со 13 поднаслови. Во истражувањето, согласно со инклузионите и ексклузионите критериуми, биле вклучени пациенти кои во периодот на истражувањето се јавиле на Универзитетската клиника за урологија во Скопје. Испитаниците со карцином на простата - CaP биле ИСПИТУВАНА група, додека со бенигна промена на простата – BeP се КОНТРОЛНА група. **Првиот наслов** од резултатите се однесува на **генерални карактеристики** на примерокот. Анализата укажува дека ткивата во групата со CaP се добиени од оперативен и биоптичен материјал, а ткивата во контролната група биле исклучиво од биоптичен материјал.

Кандидатот, исто така, констатира дека просечната возраст на испитаниците од CaP, односно BeP групата изнесувала консеквентно 69,2±6,9 со мин/мак 50/85 години vs 68,4±6,3 со мин/мак 55/82 години, а за p>0,05, не била утврдена статистички сигнификантна разлика помеѓу двете групи (CaP/ BeP) во однос на возраста на пациентите. Во однос на образованието, направената анализата, за p>0,05, не укажува на статистички сигнификантна асоцијација помеѓу степенот на образование и групата на која и припаѓаат ипитаниците (CaP/BeP) во примерокот. Сепак, согледано е дека во групата CaP има несигнификантно повеќе лица со пониско образование споредено со групата BeP. Направената анализата, за p>0,05, не укажала на статистички сигнификантна асоцијација помеѓу висината на body mass index- **BMI** (кој бил пресметуван како однос помеѓу телесна тежина (kg) и квадратот од телесната висина ($m^2$) ) и степенот на ухранетост во однос на групата на која и припаѓаат испитаниците (CaP/BeP) во примерокот. Во групата со карцином на простата - CaP односно во групата со бенигни промени на простата - BeP најмногуброни биле надхранетите, застапени со консеквентно (50 %) vs (46,1 %), следено со нормално ухранети (29,1 %) vs (37,2 %), и обезни (20,9 %) vs (16,7%). Кога станува збор за консумација на алкохол, кандидатот укажува на тоа дека испитаниците со карцином на простата (CaP-група) консумирале алкохол за 2,11 пати сигнификантно повеќе споредено со оние со бенигна промена на простата (BeP-група) за OR=2,11, а во однос на пушачкиот статус, за p>0,05, не била утврдена статистички сигнификантна асоцијација помеѓу пушачкиот статус и групата на која ѝ припаѓаат испитаниците. Анализата укажува на тоа дека во CaP-групата, со позитивна **фамилијарна историја** за карцином на простата се 22,62 %, а во BeP-групата оваа пропорција изнесувала 12,12 %. За p>0,05, не била утврдена статистички сигнификантна асоцијација помеѓу фамилијарна историја за малигном на простата и групата на која ѝ припаѓаат испитаниците, но било утврдено дека пропорцијата на испитаници со позитивна фамилијарна историја за карцином на простата била несигнификантно поголема во CaP-групата. Поединечната анализа само во CaP-групата укажува дека процентуалната застапеност на карцином на простата кај таткото, за p<0,05, била сигнификантно поголема од онаа кај братот. Во анализата, кандидатот, исто така, согледал сигнификантна асоцијација помеѓу присуството на други малигни заболувања во семејството и групата на која ѝ припаѓаат испитаниците. Испитаниците со карцином на простата (CaP) имаат за 12,109 пати сигнификантно почесто членови во семејството со други малигни заболувања споредено со оние во BeP-групата. При испитувањето на **клиничките симптоми**, не била утврдена сигнификантна асоцијација помеѓу манифестацијата на клинички симптоми и групата на која ѝ припаѓаат испитаниците. Оваа анализа се однесувала на манифестација на еден или повеќе од следните симптоми, и тоа: симптоми од долен уринарен тракт, хематурија и хематоспермија. Во однос на простата-специфичниот антиген **PSA**, кај пациентите од CaP-групата била регистрирана сигнификантно повисока вредност од консеквентно 30,3±34,7 со мин/мак од 4,3/152 ng/mL на PSA споредено со пациентите од BeP-групата, а заклучено е и дека пациентите од CaP групата имале сигнификантно повисока вредност на PSAD споредено со пациентите од BeP групата. Кај пациенти од BeP-групата регистрирана била сигнификантно повисока вредност на % fPSA споредено со пациентите од CaP-групата. Кај 50% од испитаниците од CaP, односно BeP-групата вреднста на % fPSA била поголема од консеквентно 15,6 vs 28,6. Што се однесува до анализирањето на prostatic health index-PHI, се согледува дека кај 50 % од испитаниците од CaP, односно BeP-групата, вредноста на PHI била поголема од консеквентно 53,9 vs 25,1. За p<0,05, се утврдила сигнификантна разлика помеѓу двете групи CaP/BeP во однос на нивото на PHI во прилог на сигнификантно повисока вредност на PHI во CaP-групата. Во последниот поднаслов, кандидатот дава осврт на анализата на **параклинички иследувања** (скен на коски, КТ урографија и MR – магнетна резонанца) кои се аплицирани на пациентите од CaP групата преку сет од 9 параметри, и тоа: скен на коски; скен на коски метастази; КТ-урографија; КТ-урографија, суспекна промена на простата; КТ-урографија, хидронефроза; КТ-урографија, лимфни јазли>15mm; MR, примарна промена простата; MR, лимфни јазли>15mm и MR, PI RADS

(Prostate Imaging–Reporting and Data System). Во понатамошниот тек на истражувањето, кандидатот преминува на обработка на генетските аберации, при што е направен скрининг на вкупно 148 (100 %) пациенти. Анализата била аплицирана на консекутивни серии од 90 пациенти со карцином на простата - CaP група и 58 пациенти без карцином на простата – BeP-група. Во **вториот наслов** детално е претставена анализата на **TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт**. Прецизно се наведува дека TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт бил детектиран кај 33 (37,08%) од пациентите во CaP-групата и кај ниеден, односно 0% од пациентите во BeP-групата. Анализата во CaP-групата, за p>0,05, не укажува на сигнификантна разлика помеѓу пациентите со/без експресија на TMPRSS2-ERG во однос на висината на PSA. За p<0,05, пациентите од CaP-групата имале сигнификантно повисоко нивото на PSA споредено со пациентите од BeP-групата, кај 50 % од пациентите во CaP-групата нивото на PSA било повисоко од 14ng/ml односно кај 75 % тоа било повисоко од 38ng/ml. За пациентите од CaP-групата (со карцином на простата) бил одредуван Gleason Score (Gleason Major & Gleason Minor). Направена е споредба на вредностите на Gleason Score помеѓу пациентите без/со експресија на TMPRSS2: ERG фузиониран транскрипт. Анализата, за p>0,05, не укажала на сигнификантна разлика помеѓу пациентите со/без експресија на TMPRSS2-ERG фузионираниот транскрипт во однос на просечната вредност на Gleason Major, Gleason Minor и Gleason score соодветно. Во однос на детекција на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт, кај рандомизираната подгрупа со 15 пациенти кај кои генската експресија била детектирана во простатичното ткиво, присуството на транскриптот во крв и урина бил утврден само кај еден пациент. Во рамките на истражувањето е одреден стадиумот на болеста (стејџинг) со сублимирање на поединечно утврдениот клинички односно патолошки стадиум за секој од пациентите со карцином на простата. Анализата на стадиумот (стејџингот) во целата CaP-група има укажано на најголема застапеност на T2c,N0,M0 од пациентите, следено со T2b,N0,M0 и T2c,Nx,Mx. Меѓу пациентите од CaP-групата со експресија на TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт наголемата застапеност имал стадиумот T2b,N0,M0, а во групата без експресија на TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт најзастапен стадиум бил T2c,N0,M0. За p>0,05, не била утврдена сигнификантна разлика помеѓу групите без/со експресија на TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт во однос на поединечната процентуалната застапеност на секој од клиничко-патолошките стадиуми. За p>0,05, асоцијацијата помеѓу TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт и T стадиумот во однос на големината на туморот и локалната прошireност не укажува на сигнификантност. Само кај 1 пациент со експресија на TMPRSS2-ERG детектиран е T4 стадиум. Дополнително, направено било сумирано групирање на петте T стадиум категории во две и тоа T2 и T3 при што, за p>0,05, ниту кај нив не била утврдена сигнификантна асоцијацијата помеѓу TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт и T2/cpT3 стадиумот. На направената анализа на две N стејџ категории за засегнатост на регионалните лимфни жлезди и тоа N0 и N1 и за p>0,05, утврдена била гранична несигнификантна асоцијацијата помеѓу TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт и N0/N1 стадиумот (p=0,0692). Сигнификантна асоцијацијата за p<0,05 е утврдена при анализата на категориите M0 и M1, помеѓу TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт и M0/M1 стадиумот (Pearson Chi-square test: $X^2$=8,1316; df=1; p=0,0017). Таа и по Bonferroni-корекција (p=0,025) била сигнификантна. Пациентите од групата со експресија на TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт имале за 5,833 пати почесто далечни метастази споредено со оние од групата без експресија на TMPRSS2-ERG. Кандидатот, исто така, потенцира дека во студијата за p<0,05, TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт сигнификантно асоцирал со L – инвазијата на перипростатичните лимфни садови (Fisher exact test: p=0,0238). Пациентите од групата со експресија на TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт имале за 4,577 пати сигнификантно почесто инвазија во перипростатични лимфни садови споредено со оние од групата без експресија на TMPRSS2-ERG. Асоцираност со ресекционите маргини – R, и засегнатоста на перипростатичните вени не е утврдена. **Третиот наслов** од седмото поглавје се задржува на анализа на **DNA-метилациските промени** на сет од 26 гени. Анализите биле аплицирани на 89 (98,89%) од пациентите

во CaP-групата (N=90) и кај 55 (94,83%) од пациениите во BeP групата (N=58). Кандидатот прецизно наведува дека во CaP-групата, генска експресија на DNA-метилациски промени била детектирана кај 10 (38,46%) од анализираните гени со дистрибуција: CASP8-3 (25,84%), RARB-1 (44,94%), RASSF1-1 (64,04%), APC-2 (42,70%), ESR1-1 (10,11%), CD44-1 (12,36%), GSTP1-1 (53,93%), CADM1-1 (1,12%) CDH13-1 (39,33%) и TIMP3-1 (2,25%). Во оваа група генската експресија не била детектирана кај 16 (61,54%) од анализираните гени и тоа кај: TP73-1, VHL-1, MLH1-1, FHIT-1, CDKN2A-up, CDKN2B-1, DAPK1-1, KLLN-1, PTEN-1, ATM-1, CDKN1B-1, CHFR-1, BRCA2-1, HIC1-1, BRCA1-1 и SLC9A2-2. Во BeP-групата, согледано е дека генска експресија на DNA-метилациски промени имало кај сите испитаници односно кај 55 (100%). Најголема експресија била забележана за RASSF1-1 (34,55%), следено со ESR1-1 (25,45%) и CASP8-3 (17,27%). Експресијата на сите останати гени била еднаква и изнесувала 23,64% односно се јавувала кај исти 13 пациенти. Согледано било дека гените RARB-1, RASSF1-1 APC-2 и GSTP1-1 биле со сигнификантно поголема процентуална застапеност во CaP споредено BeP-групата, а гените ESR1-1, CADM1-1, и TIMP3-1 биле со сигнификантно поголема процентуална застапеност во BeP споредено CaP-групата. Во рамките на истражувањето, кандидатот направил анализа на поврзаноста на генската експресија на DNA-метилациските промени со PSA, Глисонот, стадиумот (стејџингот) на болеста и патохистолошките параметри. Се утврдила сигнификантна линеарна позитивна умерена корелација помеѓу PSA и RARB-1 и APC-2 , и сигнификантна линеарна позитивна умерена корелација помеѓу Gleason Score и CASP8-3, RARB-1, APC-2, и GSTP1-1. Во истражувањето, кандидатот забележува дека сите анализирани гени на DNA-метилациските промени, несигнификантно корелираат со трите анализирани стадиуми T, N и M, на болеста и со патохистолошките параметри. Во **четвртиот наслов** е направена анализа на совпаѓање на TMPRSS2-ERG и DNA-метилациските промени кај простатичниот канцер. Согледано било дека експресијата на TMPRSS2-ERG фузионираниот транскрипт истовремено била присутна кај следните генски експресии на DNA-метилациските промени: 1) CASP8-3 - 11 (12,50%); 2) RARB-1 кај 18 (20,45%); 3) RASSF1-1 кај 24 (27,27%); 4) APC-2 кај 16 (18,18%); 5) ESR1-1 кај 1 (1,14%); 6) CD44-1 кај 7 (7,95%); 7) GSTP1-1 кај 22 (25%); 8) CADM1-1 кај 0 (0%); 9) CDH13-1 кај 16 (18,18%) и 10) TIMP3-1 кај 0 (0%). Cohen's κ укажал на сигнификантно благо совпаѓање помеѓу експресијата на TMPRSS2-ERG фузионираниот транскрипт и две генски експресии (CD44-1 и GSTP1-1) на DNA метилациските промени за консеквентно κ=0,171 vs κ=0,219. Во **петтиот наслов** на седмото поглавје од истражувањето, кандидатот прави анализа на пациентите во CaP-групата во однос на биохемиската рекурентност на заболувањето со дополнителна анализа според експресија на TMPRSS2-ERG фузионираниот транскрипт и генска експресија на DNA-метилациски промени. За оваа цел биле опфатени 10те гени со експресија на DNA-метилациските промени. TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт сигнификантно асоцирал со рекурентноста на заболувањето. Со рекурентност на заболувањето биле 11 (52,5%) од пациентите со експресија на TMPRSS2-ERG. Пациентите од групата со експресија на TMPRSS2: ERG фузиониран транскрипт имале за 6,050 пати [OR=6,050 (1,78-20,51) 95% CI; p=0,0024] сигнификантно почесто биохемиска рекурентност на заболувањето споредено со оние без експресија на TMPRSS2-ERG, а за $p>0,05$, ниедна од десетте генски експресии на DNA-метилациските промени нема асоцирано сигнификантно со биохемиска рекурентност на заболувањето. **Шестиот наслов** се однесува на анализирање на предиктивната улога на селектирани параметри за карциномот на простатата. Во овој дел се анализирани дванаесет параметри од интерес и тоа TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт (со експресија само во CaP-група, односно без ниедна експресија во BeP-група), 8 гени на DNA-метилациските промени (со експресија и во CaP и BeP-групата), возраст на пациентите, како и ниво на PSA како апсолутна вредност и како група ≥8 ngr/mL. Со униваријантна логистичка регресија била анализирана предиктивна улога на овие параметри за појава на карцином на простата и било утврдено дека 7 од анализираните параметри се значајни предиктори за карциномот на простатата. TMPRSS2-ERG бил присутен исклучиво кај пациентите со карцином на простата, а кај

ниеден од пациентите со бенигна промена. Предиктивната улога за секој анализиран маркер кој ја зголемува веројатноста за простатичен канцер била различна. Експресијата на GSTP1-1 DNA-метилациската промена ја зголемувала веројатноста за присуство за 3,782 пати, на RASSF1-1 за 3,375 пати, RARB-1 за 2,637 и APC-2 za 2,407 пати. Присуството на ESR1-1 на DNA-метилациската промена ја намалувало веројатноста за карцином на простата за 67,1%. Сепак, кандидатот во истражувањето согледува дека дијагностичката вредност на секој од овие параметри била ограничена со приближно еднаква специфичност и сензитивност, за разлика од PSA како утврдена референца (златен стандард) чијашто дијагностичка вредност за cutoff 4,31; останала висока со сензитивност =100% и специфичност =98,3%. Предиктивноста за покачување на секоја единица од вредноста ја покачувала веројатноста за присутен канцер за 1,036 пати, а за PSA ≥8ngr/mL веројатноста се покачувала за 2,624 пати.

**Осмото поглавје** се однесува **на дискусијата** на докторската дисертација, која опфаќа детална анализа на добиените резултати. Кандидатот систематизирано во одделни целини давал толкувања на добиените резултати и ги споредувал со објавени релевантни резултати од современи автори кои дале значителен придонес во обработка на оваа проблематика. Широкиот спектар на достапни современи истражувачки студии и објавени резултати го оправдува и го прави актуелно ова истражување. Кандидатот ги споредувал сопствените резултати од оваа докторска дисертација, кои укажуваат на согласност со податоците од литературата и резултатите добиени од слични, пообемни истражувања во интернационални рамки.

Во **деветтото** поглавје, врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето, кандидатот ги формулирал **заклучоците** од истражувањето. Анализата за предиктивноста на испитуваните параметри јасно и недвосмислено укажува на тоа дека TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт, RARB-1, RASSF1-1, APC-2, GSTP1-1, ESR1-1 метилациските промени, и PSA од анализираните параметри се значајни предиктори за карциномот на простатата. Во истражувањето е заклучено дека TMPRSS2-ERG фузираниот генски транскрипт има експресија само кај малигно простатично ткиво, и неговото присуство укажува на веројатност за поголема потенцијална агресивност и неповолна прогноза. Оние канцери кај кои е детектиран TMPRSS2-ERG фузираниот генски транскрипт имале поголема веројатност за инвазија на перипростатични лимфни садови. Пациентите од оваа група имале за 5,833 пати сигнификантно почесто далечни метастази споредено со оние од групата без експресија на TMPRSS2-ERG. Пациентите од групата со експресија на TMPRSS2-ERG фузиониран транскрипт имале за 6,050 пати сигнификантно почесто биохемиска рекурентност на заболувањето споредено со оние без експресија. Експресијата на GSTP1-1 DNA-метилациската промена ја зголемувало веројатноста за присуство на карцином на простата за 3,782 пати, на RASSF1-1 за 3,375 пати, RARB-1 за 2,637 и APC-2 za 2,407 пати, додека ESR1-1 ја намалувало веројатноста за карцином за 67,1%. Во анализата согледуваме дека дијагностичката вредност на TMPRSS2-ERG, RARB-1, RASSF1-1, APC-2, GSTP1-1, ESR1-1 е ограничена со приближно еднаква специфичност и сензитивност. Заклучено е исто така и дека PSA како утврдена референца (златен стандард) има висока дијагностичка вредност за cutoff 4,31; со сензитивност =100% и специфичност =98,3%. Согледано е дека зголемувањето на единица вредност на PSA-то ја зголемувало веројатноста за присутен канцер за 1,036 пати, а за PSA ≥8ngr/mL веројатноста се покачувала за 2,624 пати.

Последното, **десетто поглавје** од докторската дисертација ја содржи приложената литература која е обемна и прегледна, содржи 163 референци, опфаќа современи публикации од темата која се обработува и коректно е цитирана по прифатените стандарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р д-р Александар Трифуновски, со наслов: ЕВАЛУАЦИЈА НА TMPRSS2-ERG ФУЗИРАНИОТ ТРАНСКРИПТ И DNA МЕТИЛАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНА ДИЈАГНОСТИЧКА И ПРЕДИКТИВНА

ВРЕДНОСТ КАЈ КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на урологијата. Докторската дисертација е изработена по сите принципи на едно научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитување е современа. Поставените цели се во целина реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клиничко применета вредност. Од добиените резултати се изведени соодветни заклучоци кои недвосмислено, јасно и прецизно укажуваат на дијагностичкото и предиктивното значење на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA-метилациските промени и можност за нивна апликативна примена.

Докторската дисертација на кандидатот м-р д-р Александар Трифуновски, со наслов: **Евалуација на TMPRSS2-ERG фузираниот транскрипт и DNA-метилациските промени и нивна дијагностичка и предиктивна вредност кај карцином на простата**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт фактор) следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Trifunovski A, Dimovski A, Dohcev S, Stavridis S, Stankov O, Saidi S, Gjorgjievska M, Popov Z. Detection of TMPRSS2-ERG Fusion Transcript in Biopsy Specimen of Prostate Cancer Patients: A Single Centre Experience. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2020 Jun 1;41(1):5-14.

2. Trifunovski A, Dohcev S, Stankov O, Stavridis S, Popov Z. Predictive (prognostic) value of TMPRSS2-ERG in prostate cancer specimen. Medicus. 2020 Dec; 25(3) 354-361.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главен научен придонес на докторската дисертација е можноста од клиничка апликативна примена на добиените резултати, кои укажуваат на значењето и дијагностичката и предиктивната вредност на геномските биомаркери во навремено препознавање на оние пациентите со простатичен канцер кој носи потенцијал на агресивност. Тоа би помогнало во донесување на одлука за понатамошно дејствување по извршената биопсија на простата, нудејќи додатни информации околу стратификација на ризикот за напредната болест и остварување на персонализирана терапија.

Дополнителен придонес на ова истражување е промоцијата на примена на нови геномски биомаркери во детекција и дијагностика на карциномот на простатата кои нудат перспективен начин за идентификување на пациенти со неповолна прогноза, кои имаат корист од радикален третман.

Подрачјето на примена на овој труд е клиничката дисциплина урологија, каде што постои можност за примена на добиените сознанија со цел да се постави навремена дијагноза и да се донесе правилна одлука за третман на пациентите со карцином на простата и проценка на можност за присуство на болест со поголема инвазивност кај пациентите.

Докторската дисертација ЕВАЛУАЦИЈА НА TMPRSS2-ERG ФУЗИРАНИОТ ТРАНСКРИПТ И DNA МЕТИЛАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНА ДИЈАГНОСТИЧКА И ПРЕДИКТИВНА ВРЕДНОСТ КАЈ КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА, поднесена од м-р д-р АЛЕКСАНДАР ТРИФУНОВСКИ, претставува оригинален и самостоен научен труд и во целост ги исполнува условите согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата смсета дека трудот е автентичен и актуелен, има значаен научен и апликативен придонес, во целина ги обработува поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи и детално прикажани и статистички обработени резултати на студијата. Дискусијата и заклучоците се објективни и даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р д-р Александар Трифуновски, со наслов: ЕВАЛУАЦИЈА НА TMPRSS2-ERG ФУЗИРАНИОТ ТРАНСКРИПТ И DNA-МЕТИЛАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНА ДИЈАГНОСТИЧКА И ПРЕДИКТИВНА ВРЕДНОСТ КАЈ КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Слободан Ристовски, претседател, с.р.**
**Акад. проф. д-р Живко Попов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Смичкоска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сотир Ставридис, член, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Спасовски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИСТЕМИТЕ ЗА ФАРМАКОВИГИЛАНЦА И МАТЕРИОВИГИЛАНЦА И НИВНАТА УЛОГА ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО“ ОД М-Р ВЛАТКО КОКОЛАНСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.12.20220 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Влатко Коколански со наслов: Системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство, во состав: проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (претседател), проф. д-р Розалинда Исјановска (ментор), проф. д-р Драган Ѓорѓев (член), проф. д-р Димче Зафиров (член) и проф. д-р Моме Спасовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Влатко Коколански, со наслов „Системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство“, содржи 142 страници компјутерски обработен текст во фонт Arial, со 1.5 проред и големина на букви 11, 234 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран по глави, вклучувајќи ги воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатот укажува дека динамичниот развој на медицината овозможи намалување на преваленцата на болестите. Од тој аспект, може да се говори за значително намалување на ризик-факторите за појавата на болестите. Меѓутоа, со намалување на ризикот од заболувањата, се зголемиле ризиците за нарушување на здравјето на пациентите кои можат да настанат во текот на постапката на лекување. Употребата на лековите е важен аспект на многу програми за јавно здравје, кои имаат за цел унапредување на здравјето на одредена популација. Но, сите лекови носат одреден ризик од штета по здравјето на луѓето, поради што е потребно нивно следење. Медицинските средства, исто така, се поврзани и со одредени ризици по животот и здравјето на корисниците. Трагедиите со употребата на лекови и лековите во минатото неминовно придонесоа за воведување на правни норми со кои ќе се регулираат односите кои настануваат помеѓу сите засегнати страни по повод лековите и медицинските средства. За таа цел се развени два система, и тоа: фармаковигиланца и материовигиланца. Фармаковигиланца претставува систем кој се применува за откривање, собирање, следење, процена и обезбедување на соодветност на новите податоци за безбедноста на лекот и на односот ризик - корист во врска со употребата на лекот или неговата интеракција со други лекови, додека, пак, материовигиланца е систем во чиј центар на внимание се безбедносните податоци на медицинските средства.

<u>**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**</u>

Во поглавјето „Мотив за истражување“, кандидатот укажува дека актуализирањето на системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство пошироко во заедницата претставуваа мотив за ова истражување. Имено, во последните години сè повеќе станува актуелен проблемот на безбедноста на пациентите/корисниците на лекови и медицинските средства, како во светот, така и во Република Северна Македонија. За тој проблем се повеќе се дискутира во научните и стручните кругови, помеѓу здравствените работници и соработници. Овој проблем е инкорпориран во релативно новиот научен систем – медицинско (здравствено) право. Освен тоа, информациите поврзани за безбедноста на лековите и медицинските сестри се презентираат и преку печатените и електронските медиуми поради што за тој проблем сè повеќе дознава и заедницата. Системите на фармаковигиланца и материовигиланца се релативно нови и динамични системи, кои во последните години, по

инцидентите што се случија, добија на значење во заштитата на јавното здравство. Досега, кај нас не е истражувано мислењето на здравствените работници и пациентите за знаењата и ставовите за овие системи.

**Предмет на истражување**

Во поглавјето „Цели“, кандидатот ги наведува главната цел и специфичните цели. Имено, главната цел на истражувањето е да се укаже на улогата на системите за фармаковигиланца и материовигиланца во јавното здравство и да се утврдат знаењата и ставовите на здравствените работници и на пациентите. Специфични цели на истражувањето се: осврт на предностите и недостатоците на системите за фармаковигиланца и материовигиланца во Република Северна Македонија, споредбено со други четири правни системи (САД, ЕУ, Јапонија и НР Кина); утврдување на знаењата и ставовите на здравствените работници (доктори по медицина, доктори по стоматологија, фармацевти и медицински сестри/техничари) за системите за фармаковигиланца и материовигиланца; утврдување на знаењата и ставовите на пациентите за системите за фармаковигиланца и материовигиланца.

**Краток опис на применетите методи**

Докторскиот труд на кандидатот е дизајниран како научноистражувачки преглед на важечките законски прописи кои ги уредуваат системите за фармаковигиланца и материовигиланца во Република Северна Македонија, споредбено со други четирите правни системи. Исто така, истражувањето беше дизајнирано и како дескриптивно-аналитичка студија (студија на пресек), со која се процениваа знаењата и ставовите на здравствените работници и пациентите за системите за фармаковигиланца и материовигиланца. Во истражувањето беа вклучени и 100 доктори по медицина, 100 доктори по стоматологија, 100 фармацевти и 100 медицински сестри/техничари, вработени во јавни и приватни здравствени установи на територијата на Град Скопје и 200 пациенти кои доаѓале во Клиничкиот центар „Мајка Тереза” за користење на здравствени услуги на терцијарно ниво. Истражувањето беше спроведено со помош на анонимен анкетен прашалник наменет за здравствени работници и анонимен анкетен прашалник за пациентите. Методите кои беа користени за научноистражувачкиот преглед на позитивните правни прописи се: логично заклучување, анализа на содржината, системско и телеолошко толкување, дескриптивен и споредбен метод. Овој дел од истражувањето се одвиваше на повеќе нивоа: апстрактно или теоретско и појавно-конкретно рамниште со мултитехнички пристап.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во поглавјето „Резултати“, кандидатот укажува дека анализата на системот на фармаковигиланца на Република Северна Македонија, споредбено со други четири правни системи (САД, ЕУ, Јапонија и НР Кина), според постоење на: национален центар за фармаковигиланца, систем за спонтано пријавување на несакани реакции на лекови, национална база на податоци или систем за собирање и управување со пријавите за несакани реакции, национално советодавно тело за несакани реакции на лекови или фармаковигиланца и постоење на комуникациски стратегии, покажа дека во сите анализирани системи овие основни барања се воспоставени. Анализата на системот на материовигиланца покажа три најдобри практики кои придонесуваат за унапредување на јавното здравје: транспарентност, повторување на испитување на медицинското средство и централна наспроти локална контрола.

74,0 % од анкетираните фармацевти, 38,0 % од анкетираните доктори на медицина, 12,0 % од докторите по стоматологија и 7,0 % од медицинските сестри/техничари ја знаеле дефиницијата за поимот фармаковигиланца, додека, пак, најголем дел од фармацевтите (75,0 %) изјавиле дека слушнале за поимот материовигиланца, но само 25,0 % знаат што претставува тој. 45,0 % од докторите по медицина слушнале за овој поим, но само 5,0 % ја знаат дефиницијата, додека, пак, 28,0 % од стоматолозите слушнале, но 3,0 % од нив знаат што означува тој поим. Само 6,0 % од медицинските сестри/техничари чуле за поимот материовигиланца, додека процентот на медисцинските сестри/техничари кои ја знаат дефиницијата на овој поим е занемарлив и изнесува 1 %.

На прашањето: Дали на некој од Вашите пациенти му се случила несакана реакција од лек, одговориле потврдно 60,0 %, од анкетираните доктори на медицина, 45,0 % од докторите по стоматологија, 58,0 % од фармацевтите и 40,0 % од медицинските сестри/техничари. Процентуалната разлика која се регистрира помеѓу здравствените работници доктори по

медицина верзус доктори по стоматологија и медицински сестри/техничари е статистички сигнификантна за $p<0.05$ (Difference test, p=.0337, p=.0199). Процентуалната разлика која се регистрира помеѓу фармацевтите верзус медицинските сестри/техничари е статистички сигнификантна за $p<0.05$(Difference test, p=.0109), останатите процентуални разлики се несигнификантни, додека, пак, 80,0 % од фармацевтите, 59,0 % од анкетираните доктори на медицина, 55,0 % од докторите по стоматологија и 40,0 % медицинските сестри/техничари одговориле потврдно на прашањето за несакана рекација/настан од медицинско средство кој го забележале кај своите пациенти.

На прашањето: Дали некогаш сте доставиле пријава за несакана реакција на лек, потврдниот одговор варира во ранг од 38,0 % (фарамацевти) до 16,0 % (доктори на стоматологија). Но еден голем процент од анкетираните не знаат каде се поднесуваат и како се пополнуваат пријавите за несакана реакција на лек во ранг од 51,0 до 36,0 %. На прашањето: Дали некогаш сте доставиле пријава за несакана реакција/настан поврзан со употребата на медицински средства, само двајца (2,0 %) од докторите на медицина одговараат дека доставиле пријава за несакана реакција/настан поврзан со употребата на медицински средства. 90,0 % од докторите по стоматологија одговараат со негирање, 78,0 % од фармацевтите и 87,0 % од медицинските сестри/техничари, исто така даваат негативен одговор. Процентуалната разлика помеѓу здравствените работници во однос на различните модалитети на одговори е статистички сигнификантна за $p<0.05$.

61,0 % од анкетираните доктори на медицина, 60,0 % од докторите на стоматологија, 84,0 % од фармацевтите и 51,0 % медицинските сестри/техничари сметаат дека е неопходно пријавувањето на несакани реакции на лек. Процентуалната разлика која се регистрира помеѓу фармацевтите верзус останатите здравствени работници е статистички сигнификантна за $p<0.05$(Difference test, p=.000). 81,0 % од фармацевтите, 75,0 % од анкетираните доктори на медицина, 61,0 % докторите на стоматологија и 51,0 % медицинските сестри/техничари сметаат дека е неопходно пријавувањето на несакани реакции/настани поврзани со употребата на медицински средства.

За поимот фармаковигиланца не слушале 76,0 % од пациентите, додека 96,0 % од пациентите не слушнале за поимот материовигиланца.

27,0 % од анкетираните пациенти изјавиле дека им се случила несакана реакција на лек, додека, пак, никој од испитуваните пациенти немал несакан настан/реакција предизвикана од употреба на медицинско средство. Само 10,0 % од анкетираните пациенти изјавиле дека ја пријавиле несаканата реакција на лекот. Нашето истражување покажа дека кај анкетираните пациенти е поделено мислењето за пријавувањето на несаканите реакции на лековите и медицинските средства и воспоставувањето на систем за пријавување. Секако загрижува податокот дека е голем процентот на испитувани пациенти, кои немаат позитивен став кон овие сериозни прашања.

Поаѓајќи од целите и хипотезите, а врз основа на прегледот на системите на фармаковигиланца и материовигиланца на Република Северна Македонија, споредено со четири правни системи (САД, ЕУ, Јапонија и НР Кина) и анкетата кај здравствените работници и пациентите, кандидатот укажува дека може да се заклучи дека: 1) Република Северна Македонија има воспоставено систем на фармаковигиланца кој е соодветен на високоразвиените земји и ги исполнува основните барања предвидени од Светската здравствена организација. 2) Нашата законска регулатива за фармаковигиланцата и материовигиланцата има инклузивен пристап бидејќи овозможува пријавување на несакани реакции не само на здравствените работници и фармацетските комапнии, туку и на пациентите. 3) До денес, нема емпириски докази дека еден систем е подобар во однос на друг, но несомнено е дека секој систем има свои предности и недостатоци во врска со заштитата на јавното здравје. 4) Во рамките на анализираните системи на материовигиланца, може да се забележат трите најдобри практики кои придонесуваат за унапредување на јавното здравје: транспарентност, повторување на испитување на медицинското средство и централна наспроти локална контрола. 5) Нашите резултати покажаа дека знаењата се значително подобри во однос на останатите здравствени работници, а позитивните ставови на фармацевтите значително отстапуваат од ставовите на здравствените работници. 6) Докторите по медицина во нашето истражување, иако послабо од фармацевтите, покажаа добри знаења за системите за фармаковигиланца и материовигиланца и имаат позитивни ставови кон

воспоставувањето на ефикасни системи за следење на несаканите настани. 7) Докторите по стоматологија и медицинските сестри/техничари имаа најмало познавање на системите, но сепак имаат позитивни ставови кон воспоставувањето на ефикасни системи за следење на несаканите настани. 8) Пациентите во нашето истражување имаа минимални познавања за системите и загрижува нивниот негативен став за пријавување на несканите настани предизвикани од употреба на лек или на медицинско средство. 9) Најголем број од здравствените работници сметаат дека за унапредување на системите е потребно дополнителна едукација.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Влатко Коколански, со наслов „Системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство“, претставува истражување во областа на јавното здравство. Изработката на темата на оваа докторска дисертација укажува на улогата на системите за фармаковигиланца и материовигиланца во јавното здравство и на знаењата и ставовите на здравствените работници и на пациентите за овие системи, но и за потребата од поголемо познавање на системите за фармаковигиланца и материовигиланца, како и дефинирање на предизвиците за понатамошен развој на овие системи.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Влатко Коколански, со наслов „Системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил, (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Kokolanski V., Trajkovikj Jolevska S., Isijanovska R., Ivanovski Kj., Dirjanska K., Sivadasan S. Knowledge and Attitude towards Pharmacovigilance and Adverse Drug Reaction Reporting among Dental Medicine Students in the Republic of Macedonia Macedonian Dental Review. 2018; 41 (1-2): 1-8.
2. Коколански В, Трајковиќ-Јолевска С, Исјановска Р, Ивановски Ќ, Дирјанска К. Компаративна анализа на системите на материовигиланца во Македонија, САД, ЕУ, Јапонија и Кина и нивната улога во јавното здравство. Архиви на јавното здравје 2019; 11 (1): 20-30.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: укажување на улогата на системите за фармаковигиланца и материовигиланца во јавното здравство, знаењата и ставовите на здравствените работници и на пациентите за овие системи, потребата од поголемо познавање на системите за фармаковигиланца и материовигиланца, како и дефинирање на предизвиците за понатамошен развој на овие системи.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: улогата на системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство е од особено значење. Потребна е поголема застапеност на наставни содржини за несаканите настани/реакции на лек и медицинско средство во додипломската едукација на докторите на медицина, докторите на стоматологија и медицинските/сестри/техничари. Исто така, потребна е едукација на здравствените работници и пациентите за значењето на пријавувањето на несаканите настани и нивно стимулирање за активно пријавување преку спроведување на работилници/конференции за фармаковигиланца и материовигиланца. Преку активен процес на идентификување, следење и проценка ќе се придонесе за намалување на појавата на несакани настани од употреба на лек или на медицинско средство и нивно превенирање.

Можните понатамошни истражувања се: утврдување на ставовите на релевантните авторитети во Република Северна Македонија, како и стратешката ориентација на надлежните министерства, агенциите и владата за важноста и развојот на системите за фармаковигиланца и материовигиланца.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Влатко Коколански** со наслов: **Системите за фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Розалинда Исјановска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Драган Ѓорѓев, член, с.р.**
**Проф. д-р Димче Зафиров, член, с.р.**
**Проф. д-р Моме Спасовски, член, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
| 50. | Учество на 14th International Balkan Education and Science Congress, 5-7 September 2019, Ohrid, Faculty of Pedagogy “S. Kliment Ohridski” – Skopje, со реферат (усна презентација, коавтор): *Colors as value-based adjectives: gender and culture perspective*. | 1 |
| 51. | Учество на Меѓународен научен собир „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања“, 13 – 14 ноември 2019, Скопје, ИМЈ „Крсте Мисирков“, со реферат (усна презентација, коавтор): *Македонскиот јазик како немајчин и степенот на усвоеност на јазичните знаења*. | 1 |
| 52. | Учество на Научен собир „Седумдесет и пет години современ македонски јазик, азбука и правопис; Јазикот и стилот во творештвото на Горан Стефановски“, 25 септември 2020, Велес, ИМЈ „Крсте Мисирков“, СМЈ, Општина Велес, со реферат (усна презентација, коавтор): *75 години од современата македонска азбука и од современиот македонски правопис*. | 1 |
| 53. | Учество на Меѓународен научен собир „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)“, 20-21 октомври 2020, Скопје, ИМЈ „Крсте Мисирков“, со реферат (усна презентација): *Боите во јазикот на поезијата*. | 1 |
| 54. | Апстракт (објавен во Knjiga sažetaka): *Multilingualism and the language nomination in the color system*, 11th International Balkan Education and Science Congress “The Future of Education and Education for The Future”, 12-14 October 2016, Porec, Hrvatska, Sveučilište u Zagrebu, Učiteljski fakultet, Zagreb, 2016<br>ISBN: 978-953-8115-13-4<br>https://bib.irb.hr/datoteka/858231.2016_IBES.pdf | 1 |
| 55. | Апстракт (објавен во Abstracts book): *The lexemes porfir (porphyrous) and purpur (purple) in Macedonian and Albanian*, 4th International Conference “Education Across Borders”, 19-20 October 2018, Florina, Greese, University of Western Macedonia, Faculty of Education, Florina, 2018 | 1 |
| | **Вкупно** | **122,8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор во стручна енциклопедија: „Прва училишна енциклопедија“, Арс ламина, Скопје 2017 | 3 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот: организација на патрониот празник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (8 Декември), 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 | 2,5 |
| 3. | Учество во промотивни активности на Факултетот: организација на 1., 2. и 3. Студентски поетски фестивал „На крилата на зборот“ (2017, 2018, 2019) | 1,5 |
| 4. | Лекторирање магистерски труд: „Усвојување и преведување на македонскиот удвоен индиректен и директен предмет од студентите на Филозофскиот факултет во Риека“ од Ана Азеска, Скопје, 2016 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Лекторирање книга: „Тато Мумин и морето“ од Туве Јансон, Готен, Скопје, 2017 | 1 |
| 6. | Лекторирање книга: Литературен алманах „На крилата на зборот“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје, 2017 | 1 |
| 7. | Лекторирање книга: Зборник на прилози од научно-стручната работилница „Јазичното и книжевното во литературата за деца“, Скопје, 2018 | 1 |
| 8. | Лекторирање магистерски труд: „Претставниците на албанската национална преподба и нивниот придонес во албанската литература“ од Вилдане Сулејмани, Скопје, 2018 | 1 |
| 9. | Лекторирање магистерски труд: „Училиштето како општествена и образовна институција“ од Мендиме Алиу, Скопје, 2019 | 1 |
| 10. | Лекторирање магистерски труд: „Современиот третман на формите и средствата на комуникација на одделенските наставници со родителите“ од Бурхан Салији, Скопје, 2019 | 1 |
| 11. | Лекторирање книга: Информатор за Одделенска настава, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје, 2019 | 1 |
| 12. | Лекторирање книга: Информатор за Предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје, 2019 | 1 |
| 13. | Лекторирање книга: Зборник на трудови „Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик – Рацин и македонскиот јазик“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2019 | 1 |
| 14. | Лекторирање книга: Зборник на трудови „Светлината на зборот (јазични и книжевни аспекти во поезијата на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2019 | 1 |
| 15. | Лекторирање книга: „Книжевно-фолклористички рефлексии и изворишта“ од Мито Спасевски, Скопје, 2019 | 1 |
| 16. | Лекторирање книга: „Литературно-јазични прилози“ од Мито Спасевски, Скопје, 2019 | 1 |
| 17. | Лекторирање книга: Литературен алманах „На крилата на зборот“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје, 2019 | 1 |
| 18. | Лекторирање книга: „Арката на Ное“, Струшки вечери на поезијата, Струга, 2019 | 1 |
| 19. | Лекторирање книга: „Антологија на една љубов“ од Ана Климан, Зојдер, Скопје, 2020 | 1 |
| 20. | Лекторирање книга: „Чинар“ од Благоја Петковски, Скопје, 2020 | 1 |
| 21. | Лекторирање магистерски труд: „Историја на оперетата и на мјузиклот – нови стилови и форми во Европа и во Америка“ од Шкодран Толај, Скопје, 2020 | 1 |
| 22. | Лекторирање книга: „Песни“ од Амир Ор, Струшки вечери на поезијата, Струга, 2020 | 1 |
| 23. | Стручна редакција (член на Редакциски одбор): научно списание „Педагошка ревија“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, 2016 (2), 2017 (2), 2018 (2) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Стручна редакција (член на Редакциски одбор): литературен алманах „На крилата на зборот“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје, 2017, 2019 | 1 |
| 25. | Стручна редакција (дел од книга): „Поглед во минатото“ од Људмил Спасов, Пагома прес, Скопје, 2018 | 0,5 |
| 26. | Стручна редакција (член на Редакциски одбор): Зборник на трудови „Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик – Рацин и македонскиот јазик“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2019 | 0,5 |
| 27. | Стручна редакција (член на Редакциски одбор): Зборник на трудови „Светлината на зборот (јазични и книжевни аспекти во поезијата на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2019 | 0,5 |
| 28. | Стручна (јазична редакција): Зборник на трудови „Погледи за македонскиот јазик“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2020 | 1 |
| | **Вкупно** | **32,5** |

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| 29. | Уредник на зборник на трудови на високообразовна институција (монографија): 70 години просвета, образование, наука, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2017 | 2 |
| 30. | Член на организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик – Рацин и македонскиот јазик“, 14 – 15 јуни 2018, Велес, ИМЈ „Крсте Мисирков“, СМЈ, Општина Велес. | 1 |
| 31. | Член на организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Светлината на зборот (јазични и книжевни аспекти во поезијата на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)“, 7 јуни 2019, Велес, ИМЈ „Крсте Мисирков“, СМЈ, Општина Велес. | 1 |
| 32. | Член на организацискиот одбор на 14$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress, 5-7 September 2019, Ohrid, Faculty of Pedagogy “S. Kliment Ohridski” – Skopje. | 1 |
| 33. | Член на организацискиот одбор на Научната конференција „Седумдесет и пет години современ македонски јазик, азбука и правопис; Јазикот и стилот во творештвото на Горан Стефановски“, 25 септември 2020, Велес, ИМЈ „Крсте Мисирков“, СМЈ, Општина Велес. | 0,5 |
| 34. | Изготвување и пријавување научно-образовен национален проект (носител): „Социјалните медиуми во контекст на јазичната писменост кај младите“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2020 | 1 |
| 35. | Раководителка на Институтот за предучилишно воспитание, август 2016 – јуни 2020 | 3 |
| 36. | Раководителка на Институтот за одделенска настава, октомври 2020 – 2023 | 3 |
| 37. | Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за упис на нови студенти во прва година во учебната 2016/2017 година на | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје, 2016 | |
| 38. | Член на факултетска комисија: Комисија за наставни прашања на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2016 – | 0,5 |
| 39. | Член на факултетска комисија: Комисија за одбележување на патрониот празник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 | 2,5 |
| 40. | Член на факултетска комисија за реализација на 1., 2 и 3. Студентски поетски фестивал „На крилата на зборот“, 2017, 2018, 2019 | 1,5 |
| 41. | Член на факултетска комисија: Комисија за реакредитација на сите студиски програми за втор циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје, 2017 | 0,5 |
| 42. | Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за упис на нови студенти во прва година во учебната 2018/2019 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” – Скопје, 2018 | 0,5 |
| 43. | Член на факултетска комисија (претседател): Работно тело за изготвување текстуална содржина за претставување на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје во Монографијата на УКИМ (70 години од неговото постоење), 2018 | 0,5 |
| 44. | Член на факултетска комисија (претседател): Работна група за изработка на меморандум за соработка со МТСП, 2018 | 0,5 |
| 45. | Член на факултетска комисија: Комисија за избор на научноистражувачки проект од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за конкурсот за научноистражувачки проекти финансирани од УКИМ, 2019 | 0,5 |
| 46. | Член на факултетска комисија (претседател): Комисија за изготвување Предлог-извештај за признавање и еквиваленција на положени испити од трет циклус студии (по барање на студент), 2019 | 0,5 |
| 47. | Член на факултетска комисија (претседател): Комисија за издавачка дејност, 2020 – | 0,5 |
| 48. | Член на факултетска комисија (претседател): Комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на ФСС на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2020 | 0,5 |
| 49. | Подготовка на национални документи: учество во подготовка на новиот Закон за употребата на македонскиот јазик, поставен на ЕНЕР на 25.12.2019 г., јавна расправа на 15.1.2020 г. во ИМЈ „Крсте Мисирков“, испратен до Владата на РСМ | 2 |
| 50. | Член на Советот за македонски јазик при Министерството за култура на РСМ (2017 – 2021) | 3 |
| 51. | Надворешен член (претставник на Владата на РСМ) во Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје (2017 – 2020) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 52. | Надворешен член (претставник на Владата на РСМ) во Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје (2020 – 2023) | 1 |
| 53. | Надворешен член (претставник на Владата на РСМ) во Советот на Институтот за македонски фолклор „Марко Цепенков“ Скопје (2017 – 2020) | 1 |
| 54. | Член на Комисијата за давање мислење за одобрение и употреба на прирачници и детски списанија во детски градинки при Министерството за образование и наука (2017-) | 1 |
| 55. | Член на Избирачки одбор (заменик-претседател) за изборното место 2784, Општина Кисела Вода (2017 –) | 1 |
| 56. | Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (1.1.2018 – 31.12.2019) | 1 |
| 57. | Член на Друштвото на писателите на Република Северна Македонија, од 8 април 2019 | 1 |
| 58. | Член на Работната група за утврдување начин на употреба на ендоними и егзоними според обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ОН, август 2019 | 1 |
| | **Вкупно** | **67,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 152,12 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 122,80 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 67,00 |
| **Вкупно** | 341,92 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Људмил Спасов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Маленко, член, с.р.**
**Проф. д-р Мито Спасевски, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДНО) ЛИЦЕ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" на 10.11.2020 и „Lajm" на 11.11.2020, за избор на 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент од научната област орална хирургија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет арх. бр. 62-3466/1 од 1.12.2020, донесена на 33. редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марина Кацарска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет, доц. д-р Гордана Апостолова, доцент на Стоматолошкиот факултет и проф. д-р Едвард Јанев, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на поднесената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на едно лице во соработничко звање – асистент од научната област орална хирургија, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Владимир Филиповски.

**Биографски податоци и образование**

Д-р Владимир Филиповски е роден на 22.2.1967 година во Скопје, Р Македонија. Средното образование го завршил во гимназијата „Орце Николов" во Скопје, во 1985 година. Студиите на Стоматолошкиот факултет ги започнал во 1986 година и ги завршил во 1991 година со просечен успех 8,6.

На Клиниката за орална хирургија при Стоматолошкиот клинички центар се вработил во 1992 година, и истата година го положил стручниот испит.

Во 1997 година го положил специјалистичкиот испит по орална хирургија и се здобил со стручно звање – специјалист по орална хирургија.

Во 2006 година магистрирал со одбрана на магистерскиот труд од областа на денталната имплантологија.

Во 2013 година докторирал со одбрана на докторската дисертација со наслов „Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран дијабетес мелитус".

Кандидатот активно го познава англискиот јазик.

**Наставно-научна активност**

Учествувал на бројни конгреси и на симпозиум од областа на оралната хирургија. Како истражувач од Македонија, во периодот од 2009 до 2010 година учествувал во изработка на мултицентричен проект – студија со наслов „Проспективна клиничка и радиолошка студија на Straumman имплантите".

Автор или коавтор е на 39 труда, апстракти и статии. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 986 од 15.5.2010 година.

**Стручна активност**

Во 1996 година, во период од шест месеци, кандидатот бил на стручно усовршување во Ватиканскиот универзитет на Клиниката „Свето срце” во Рим, Италија. Истата година бил на стручно усовршување во траење од четири месеци и на Универзитетската клиника при Гете-универзитетот во Франкфурт, Германија.

Во пократки временски периоди во 1999, 2000, 2001 и во 2002 година реализирал стручни престои на Универзитетската клиника во Франкфурт и во Имплантолошкиот центар на фабриката „Дегуса“ од Ханау.

Кандидатот е акредитиран едукатор во полето на имплантологијата на фирмите „Ankylos - Dentsply” од Германија и ,,Straumann” од Базел, Швајцарија.

Во 2005 година како едукатор од обласста на имплантологијата од Македонија учествувал во проектот за едукација на млади стоматолози за Југоисточна Европа, поддржан од Германската академија DAAD.

Во 1999 година добил Пофалница од Стоматолошкиот факултет, во 2000 година бил добитник на Благодарница од Лекарското друштво на Македонија, а во 2009 и 20019 година добил Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Член е на Европската асоцијација за осеоинтеграција и на I.T.I тимот.

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат:** ***Владимир Томислав Филиповски***
(име, татково име, презиме)
**Институција:** ***Стоматолошки факултет***
(назив на факултетот)
**Научна област:** **ОРАЛНА ХИРУРГИЈА**

| **Ред. бр.** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | / |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: **ОРАЛНА ХИРУРГИЈА.** | **ДА** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,6.**<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,7.** | **ДА**<br><br>**ДА** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: **англиски јазик**<br>2. Назив на документот: **уверение бр. 03-1368/2**<br>3.Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески”<br>4. Датум на издавање на документот: **20.10.2020** | **ДА** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Марина Кацарска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Гордана Апостолова, член, с.р.**
**Проф. д-р Едвард Јанев, член, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација и изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Владимир Филиповски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избран во соработничко звање – асистент од научната област орална хирургија.

Според изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Владимир Филиповски да биде избран во соработничко звање – асистент во научната област орална хирургија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Марина Кацарска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Гордана Апостолова, член, с.р.**
**Проф. д-р Едвард Јанев, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 10.12.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски технологии и инженерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-1854/6, донесена на неговата седница одржана на 23.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Аксенти Грнаров, редовен професор во пензија, претседател, д-р Димитар Ташковски, редовен професор на ФЕИТ, член и д-р Димитар Трајанов, редовен професор на ФИНКИ, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област компјутерски технологии и инженерство, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

### 7. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марија Календар е родена на 21.1.1979 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во јуни 1997. Со високо образование се стекнала на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што се запишала во септември 1997 година. Дипломирала на 13.3.2002 година, со просечен успех 9,98, како прва и со највисок просек на Факултетот од својата генерација. Како првенец на генерацијата 1997/98 при Електротехничкиот факултет е наградена со плакета од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а добитник е и на признанието „Инженерски прстен“ што го доделува претседателот на Р Македонија секоја година на инженери што дипломираат со најдобар просечен успех во текот на студирањето на техничките факултети.

Од февруари до јули 2002 работела како систем-администратор во факултетската Лабораторија за обработка на податоци при Електротехничкиот факултет во Скопје. Од октомври 2002 до септември 2008 година работела како помлад асистент при Институтот за компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Во учебната 2002/2003 година се запишала на магистерски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Студиите ги завршила во 2006 година, со просечен успех 10,00. Во јануари 2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Детектирање и контрола на P2P-мрежен сообраќај.*

Во октомври 2008 година е избрана за асистент на предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во рамките на наставната дејност држела аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од наставно-научната област компјутерска техника и информатика.

Докторската дисертација ја пријавила во септември 2007 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Дисертацијата на тема: *Статистички засновано, хардверски поддржано упатување и контрола на мрежен сообраќај* ја одбранила на 4.7.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Аксенти Грнаров, претседател, проф. д-р Аристотел Тентов, ментор, проф. д-р Петар Лазов, член, проф. д-р Тони Јаневски, член, и доц. д-р Катерина Ралева, член. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област технички науки.

На 28.9.2011 година е избрана во звањето доцент на Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во областа компјутерска техника и информатика.

На 16.6.2016 година е избрана во звањето вонреден професор на Институтот за компјутерски технологии и инженерство при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во областа компјутерска техника и информатика.

Во моментот е вонреден професор при Институтот за компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1124 од 2016 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од изборот за доцент, објавен во Билтенот бр. 1014 од 1.IX 2011 и изборот за вонреден професор, објавен во Билтенот бр. 1124 од 1.VI 2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, при Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), кандидатката д-р Марија Календар изведува настава и аудиториски вежби од поголем број предмети од соодветната област на **прв циклус** студии на ФЕИТ, на студиските програми: Компјутерски технологии и инженерство (КТИ), Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР), Телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ), како и на студиската програма Приватна и корпоративна безбедност на Филозофскиот факултет при УКИМ; на **втор циклус** студии, на студиските програми: Компјутерски мрежи - интернет на нешта, наменски компјутерски системи, интернет и мобилни сервиси и апликации (ИМСА) и Dedicated Embedded Computer Systems and IoT (на англиски јазик) со можност за двојна диплома; на **трет циклус** студии, на студиската програма: Електротехника и информациски технологии.

Кандидатката била ментор на седумдесетина дипломски трудови од изборот во звањето вонреден професор.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена или одбрана на шеесетина дипломски и осум магистерски труда и на седум докторски дисертации.

Кандидатката организирала и учествувала и на повеќе школи и работилници од соодветната област на работа.

Детали за сите наставно-образовни активности на кандидатката се прикажани во табелата од Образец 2.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Во доменот на научноистражувачката дејност, д-р Марија Календар се занимавала со истражување во областа на компјутерско-комуникациските мрежи, дизајнот на процесори и компјутерските архитектури и проценка на нивните перформанси, како и областите интернет на нешта и примена на резултати од машинско учење во повеќе области. Има објавено 36 трудови на меѓународни и домашни конференции и во меѓународни научни списанија. Коавтор е на пет книги. Учествувала во десетина научноистражувачки и апликативни проекти од областа на компјутерските технологии и инженерство. Исто така, добитник е на стипендија од Светската федерација на научници во периодот од јануари до декември 2005 година.

Од претходниот избор до денес, д-р Марија Календар има објавено 11 научноистражувачки трудови во меѓународни научни публикации и зборници на рецензирани научни трудови од меѓународни академски собири. Од претходниот избор до денес, д-р Марија Календар раководела два домашни научни проекта и била учесник на еден меѓународен научноистражувачки проект.

Кандидатката била ментор на пет одбранети магистерски трудови, како и на четири во изработка.

**Рецензија на публикувани трудови во периодот по последниот избор**

[1] D. Efnusheva, A. Cholakoska, **M. Kalendar**, "FPGA Design of IP Packet Filter based on SNORT rules", Ptroceedings of the 10th International Conference on Information Society and Technology, ICIST 2020, Kopaonik, Serbia, 8-11 March 2020.
Во овој труд се опфатени важни елементи од мрежната безбедност со хардверска имплементација на мрежен филтер на пакети во стилот на системите за детекција и превеција на упади (NDIS). Хардверот е базиран на NDIS-правила кои може флексибилно да се програмираат во меморијата во тек на работа на хардверот. Дизајнираниот хардверски модул е дефиниран преку VHDL и тестиран на FPGA-платформа. Анализата на дизајнираниот модул укажува дека карактеристиките на модулот овозможуваат голема флексибилност и модуларност на хардверски базиран систем за детекција и превенција на упади, кој внесува значителни забрзувања во обработката на пакетите во однос на софтверски базиран NDIS-систем.

[2] D. Efnusheva, G. Dokoski, A. Tentov, **M. Kalendar**, "Memory-Centric Approach of Network Processing in a Modified RISC-based Processing Core", Proceedings of Future Technologies Conference 2016, FTC 2016, 6-7 Dec. 2016, San Francisco, United States, pp. 1181 - 1188, IEEE Conferences, DOI: 10.1109/FTC.2016.7821751.
Во овој труд се истражува применливоста на нов мемориско-центричен пристап на мрежно процесирање во RISC-модифицирано процесорско јадро. Предложеното процесорско јадро обезбедува директен пристап до мемориските ресурси, без да употребува регистри за општа намена и кеш меморија и воедно имплементира техника на мемориски прекари која обезбедува едноставна манипулација со полиња од IPv4 или IPv6 заглавија. Резултатите од Ipv4/IPv6 процесирање покажуваат дека предложеното мрежно процесорско јадро постигнува слични перформанси како RISC-базираните процесорски јадра во Интеловиот IXP-мрежен процесор.

[3] S. Bojadjievski, N. Anastasova-Bojadjievska, **M. Kalendar**, A. Tentov, "Interoperability of Emergency and Mission Critical IoT Data Services", Proceedings of the 26th Telecommunications Forum (TELFOR), 2018, 20-21 Nov.2018, Belgrade, Serbia, SS.6 (DOI: 10.1109/TELFOR.2018.8611826).
Овој труд се фокусира на истражување во областа за реакции во случај на итни и мисиски-критични ситуации со користење на нови технологии од видот на 5G-комуникациски мрежи и интернет на нешта (IoT) уреди, кои се во центарот на новите хетерогени мрежни околини. Трудот ја разгледува надежната комуникација во овие услови со нов пристап: корисничко-центричен пристап, интероперабилност меѓу различни мрежни технологии, предлог за симбиоза на повеќе системи од новите генерации за одговор во итни случаи, сè со цел да се обезбеди надежен трансфер на итни и мисиски-критични податоци. Во трудот е предложен модел за систем од следна генерација за итни и мисиски-критични податоци кој претставува симбиоза на повеќе пристапи и концепти кои се меѓу себе комплементарни, каде што особено се става фокус на динамичкиот пристап до сите мрежни околини кои се на располагање во околината на активниот уред.

[4] S. Bojadzievski, **M. Kalendar**, T. Shuminoski, "Ultra Reliable Advanced Framework for Emergency and Mission Critical Data for 5G Services", Proceedings of the 8th International Conference on Applied Innovation in IT (2020). Volume 8, Issue 1, pp. 13-20. (DOI:10.25673/32743).
Во овој труд е претставен нов пристап за користење на хетерогени уреди и мрежи од следна генерација со влијание врз ултранадежни услуги во рамките на 5G-мрежите од следната генерација и преносот на итни и мисиски-критични податоци. Предложен е EMCD-модел за мобилни и безжични IoT-уреди во хетерогени безжични околини, кои користат ултранадежни податочни апликации. Пристапот вклучува воспоставување на надежна комуникација за пренос на временски-критични податоци, каде што корисникот е во центарот и може да користи повеќе достапни податочни мрежи за достап до услугите и пренос на податоците. Во трудот е предложена соодветена архитектура и алгоритам кои се проверени со симулации. Резултатите од симулациииите и соодветната анализа покажуваат одлични перформанси во насока на ултранадежни комуникации со мало доцнење при повеќе сценарија со различни карактеристики на мрежите и различен опсег

на покривање. Анализата покажува дека надежноста на предложеното решение е споредлива со теоретските вредности за надежноста на 5G-мрежите, истовремено обезбедувајќи мало доцнење при преносот.

[5] A. Trenchevski, **M. Kalendar**, H. Gjoreski, D. Efnusheva, "Prediction of Air Pollution Concentration Using Weather Data and Regression Models", Proceedings of the 8th International Conference on Applied Innovation in IT (2020). Volume 8, Issue 1, pp. 55-61. (DOI: 10.25673/32749).

Во овој труд е претставен пристап за користење на техниките од машинско учење за предвидување на концентрации на загадувачи во воздухот, конкретно концентрации на PM10-честички. Во методот се користени тековни информации за времето (измерени од сензори и од временска прогноза), како и претходни информации за времето и загадувачите. Податочното множество комбинира голема количина податоци од двата типа, собрани во текот на повеќе години од различни извори. Некомплетните и неконзистентни податоци во податочното множество бараат соодветно приспособување и покажуваат големо влијание врз резултатите од предвидувањата. По соодветно приспособување на податоците, применети се повеќе регресиски модели за машинско учење и споредени се нивните карактеристики. Резултатите од симулациите покажуваат дека сите алгоритми обезбедуваат подобрување на предвидените вредности и приближување до реалните податоци во множеството, но сепак во сите симулации, изведени и за различни локации, најдобри карактеристики покажува моделот XGBoost.

..

[6] S. Bojadjievski, N. Anastasova-Bojadjievska, **M. Kalendar**, A. Tentov, "Critical Data Communications in Heterogeneous Networks", Proceedings of XIVth International Conference ETAI2018, 20 – 22 Sep. 2018, Struga, R. Macedonia, pp.ETAI 11-6 (pp.63, Proceedings).

Во трудот е претставена предлог-архитектура на хетерогена мрежна околина за надежен пренос на критични податочни комуникации. Архитектурата дефинира мрежна интероперабилност во рамките на безжичните мрежи на разновидни оператори кои би овозможиле непречено податочно поврзување на уредот примарно до сопствената мрежа, но и можност да ги користи и останатите безжични мрежи во неговата околина. Секој од операторите дефинира посебен изолиран сегмент, исклучиво за намена за критични податочни комуникации. Сегментот е предефиниран кај секој оператор и има обезбедено ресурси за пристап, автентикација и опслужување на корисникот. Архитектурата го става корисникот во центарот, односно неговиот/ите IoT-уреди, нивната поврзаност со облак-платформите, како и можностите за поврзување и користење на сите достапни безжични мрежи во околината за преносот на критичните податоци.

[7] D. Vasilevski, A. Cholakoska, **M. Kalendar**, D. Efnusheva, "Managing Real Time IoT Data With Cloud Computing Services", Proceedings of XIVth International Conference ETAI2018, 20 – 22 Sep. 2018, Struga, R. Macedonia, pp.ETAI 11-4 (pp.62, Proceedings).

Во овој труд е прикажан модуларен дизајн на архитектура за целосно хардверско-софтверско решение за поврзување и обработка на податоци од IoT-уреди поврзани во облак-платформа. Комплетното решение е тестирано за работа со апликации во реално време. Решението овозможува постојана синхронизација на сензорите и обработка на податоците во реално време низ сите слоеви на архитекурата, сè до конечното прикажување на клиентската веб-апликација. Симулациите на системот покажуваат дека предложената архитектура задоволува апликации за работа во реално време кои немаат голема зависност од воспоставувањето на првата конекција. Симулациите, исто така, ги потенцираат придобивките и недостатоците при користење на податоци во реално време во систем за работа во облак.

[8] G. Jakimovski, D. Davcev, **M. Kalendar**, "Bewared Android Mobile Awareness Platform about Natural Disasters", Proceedings of the 7th International Conference on Applied Innovation in IT (2019). Volume 7, Issue 1, pp. 49-54. (DOI: 10.25673/13482).

Во овој труд е предложена Андроид платформа за социјални мрежи, Bewared, која овозможува соработка меѓу корисниците, споделување информации и одредување на локацијата на одредена природна катастрофа во речиси реално време. Платформата овозможува интеграција со постојни платформи и социјални мрежи и обезбедува

географско лоцирање на корисниците во мрежата преку користење на мобилниот уред и неговите можности за интеракција во реално време. Архитектурата овозможува информирање на корисниците за непогоди во близина и нивна соодветна реакција. Сепак, архитектурата се базира на информации кои се споделени од самите корисници, па најголема придобивка и валидност на архитектурата ќе се добие со вклучување во системот на соодветни агенции за справување со кризи, кои ќе можат да ги верификуваат собраните информации.

[9] A. Cholakoska, D. Efnusheva, **M. Kalendar**, "Hardware Implementation of IP Packet Filtering in FPGA", Proceedings of the 7th International Conference on Applied Innovation in IT (2019). Volume 7, Issue 1, pp. 23-29. (DOI: 10.25673/13478).
Во овој труд е направена реализација на комбинирано хардверско/софтверско решение за подобрена мрежна заштита, базирано на платформата со отворен код Snort. Имплементиран е филтер на пакети и хардверски забрзувач за обработка на полињата од заглавјето на IP-пакетите. Извршени се симулации со FPGA-платформа и резултатите покажуваат голема флексибилност и ниска цена за дизајн на хардверскиот модул, како и едноставна можност за негово проширување со правила и модули за дополнителни протоколи, однесување на пакети и филтри за селекција.

[10]D. Efnusheva, A. Tentov, A.Cholakoska, **M. Kalendar**, "FPGA Implementation of IP Packet Header Parsing Hardware", Proceedings of the 5th International Conference on Applied Innovation in IT (2017). Volume 1, Issue 5, pp. 33-41. (DOI:10.13142/KT10005.05)
Во овој труд е прикажана практична реализација на парсер за заглавија на IP-пакети во Virtex7 FPGA-платформа. Во трудот се дадени резултати од симулации на предложениот парсер и прикажано е дека предложениот парсер зафаќа помалку од 1 % од расположливите ресурси на Virtex7 FPGA-платформата.

[11] D. Efnusheva, **M. Kalendar**, A.Tentov, G. Dokoski, "A Modified Memory-centric Approach for Network Packet Processing", Proceedings of XIIIth International Conference ETAI2016, 22 – 24 Sep. 2016, Struga, R. Macedonia, pp. ETAI-MLC-6 (pp.44-45, Proc. abstracts).
Во овој труд е прикажан развојот на нов модифициран пристап за мрежно процесирање на пакети. Новината кај овој пристап на мрежно процесирање е во тоа што тој обезбедува директна работа со полиња од заглавија на мрежни пакети, со примена на дополнителна логика за поместување и табели за пребарување.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марија Календар активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за електротехника и информациски технологии во повеќе сегменти: подготовка на елаборати за нови студиски програми од сите степени на студии, стручна редакција на превод на академски книги, активна изработка на информациски систем за евиденција на наставата на ФЕИТ, како и учество во повеќе промотивни активности на Факултетот.

Кандидатката д-р Марија Календар остварила експертски активности преку повеќе консултантски извештаи за АД ЕСМ (АД Електрани на РС Македонија), вешт наод и мислење за Министерство за земјоделство на РС Македонија, како и повеќе консултански активности со компании од ИТ-индустријата.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Германија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за електротехника и информациски технологии:

- Комисија за студентска практична настава;
- Комисија за настава;
- Конкурсна комисија за упис на нови студенти;
- Пописна комисија;
- Комисија за иновирање на студиските програми.

Д-р Марија Календар активно е вклучена во работата и на комисии на УКИМ, односно во Комисијата за информатичка технологија од 2013 година.

Од септември 2016 година, д-р Марија Календар е раководител на Институтот за компјутерски технологии и инженерство при ФЕИТ. Д-р Марија Календар била член на девет рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Марија Календар учествувала во изготвување и пријавување на неколку научни и стручно-апликативни национални и меѓународни проекти.

Д-р Марија Календар била член на организационен одбор на неколку меѓународни научни собири, координатор на неколку студиски програми во рамките на ФЕИТ, како и член на претседателството на Алумни-организацијата на добитници на наградата „Инженерски прстен“. Исто така, од 2019 година, д-р Марија Календар е член на управниот одбор на здружението ЕТАИ и член на управниот одбор на Инженерската институција на Македонија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката доц. д-р Марија Календар, во 2020 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Календар.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Календар поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област компјутерски технологии и инженерство.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, д-р Марија Календар да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област компјутерски технологии и инженерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Аксенти Грнаров, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Ташковски, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***МАРИЈА АЛЕКСАНДАР КАЛЕНДАР***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***21208 – компјутерски технологии и инженерство***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __9,98______<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ___10,00_______ | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: 21208 – компјутерски технологии и инженерство; поле: 212 – компјутерска техника и информатика; подрачје: техничко-технолошки науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 10th International Conference on Information Society and Technology, ICIST 2020<br>2. Назив на меѓународниот собир: 10th International Conference on Information Society and Technology, ICIST 2020<br>3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Италија, Португалија, Велика Британија, Франција<br>4. Наслов на трудот: D. Efnusheva, A. Cholakoska, **M. Kalendar,** "FPGA Design of IP Packet Filter based on SNORT rules"<br>5. Година на објава: __2020___________ | ДА |
| 3.2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот: Proceedings of Future Technologies Conference 2016, FTC 2016,<br>2. Назив на меѓународниот собир: Future Technologies Conference 2016, FTC 2016,<br>3. Имиња на земјите: САД, Велика Британија, Австралија, Германија, Јапонија, Романија, Русија<br>4. Наслов на трудот: D. Efnusheva, G. Dokoski, A. Tentov, **M. Kalendar**, "Memory-Centric Approach of Network Processing in a Modified RISC-based Processing Core"<br>5. Година на објава: __2016______ | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 26th Telecommunications Forum (TELFOR)<br>2. Назив на меѓународниот собир: 26th Telecommunications Forum (TELFOR),<br>3. Имиња на земјите: Србија, Велика Британија, Австралија, Германија, РС Македонија, Романија, Словенија, Кина<br>4. Наслов на трудот: S. Bojadjievski, N. Anastasova-Bojadjievska, **M. Kalendar**, A. Tentov, "Interoperability of Emergency and Mission Critical IoT Data Services"<br>5. Година на објава: __2018______ | ДА |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 8th International Conference on Applied Innovation in IT (2020)<br>2. Назив на меѓународниот собир: 8th International Conference on Applied Innovation in IT (2020)<br>3. Имиња на земјите: Германија, Русија, САД, РС Македонија, Шведска<br>4. Наслов на трудот: S. Bojadzievski, **M. Kalendar**, T. Shuminoski, "Ultra Reliable Advanced Framework for Emergency and Mission Critical Data for 5G Services"<br>5. Година на објава: __2020_____ | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of XIVth International Conference ETAI 2018<br>2. Назив на меѓународниот собир: XIVth International Conference ETAI 2018 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Имиња на земјите: РС Македонија, Германија, Србија, САД, Турција, Грција, Австрија, ...<br>4. Наслов на трудот: D. Vasilevski, A. Cholakoska, **M. Kalendar**, D. Efnusheva, "Managing Real Time IoT Data With Cloud Computing Services"<br>5. Година на објава: __2018_____ | |
| 3.6 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of XIIIth International Conference ETAI2016, 22 – 24 Sep. 2016, Struga, R. Macedonia<br>2. Назив на меѓународниот собир: XIIIth International Conference ETAI2016<br>3. Имиња на земјите: РС Македонија, Германија, Србија, САД, Турција, Грција, Австрија, ...<br>4. Наслов на трудот: D. Efnusheva, **M. Kalendar**, A.Tentov, G. Dokoski, "A Modified Memory-centric Approach for Network Packet Processing"<br>5. Година на објава: __2016_____ | ДА |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен на УКИМ:<br><br>**1.6.2016 - Билтен бр. 1124** | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Аксенти Грнаров, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Ташковски, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Трајанов, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **МАРИЈА АЛЕКСАНДАР КАЛЕНДАР**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **21208 – компјутерски технологии и инженерство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | **75,3** |
| **1.1** | **ПРВ ЦИКЛУС** | **38,4** |
| 1.1.1 | - **Напредни алгоритми и програмирање,** зимски 2016/17 (2 часа, 74 студенти), зимски 2017/18 (2 часа, 55 студенти) | 2,4 |
| 1.1.2 | - **Моделирање на податоци и бази**, зимски 2016/17 (2 часа, 83 студенти), зимски 2017/18 (2 часа, 80 студенти), зимски 2018/19 (2 часа, 79 студенти), | 3,6 |
| 1.1.3 | - **WAN-мрежи и дистрибуирани системи**, зимски 2016/17 (2 часа, 35 студенти) | 1,2 |
| 1.1.4 | - **Мобилни мрежи и уреди (ОС и програмирање)**, зимски 2016/17 (2 часа, 29 студенти) | 1,2 |
| 1.1.5 | - **Напредни компјутерски архитектури и микропроцесорски системи**, летен 2016/17 (2 часа, 34 студенти), летен 2017/18 (2 часа, 35 студенти), летен 2018/19 (2 часа, 39 студенти) | 3,6 |
| 1.1.6 | - **Оперативни системи**, летен 2016/17 (2 часа, 60 студенти), летен 2017/18 (2 часа, 76 студенти), летен 2018/19 (2 часа, 72 студенти), зимски 2019/20 (2 часа, 34 студенти), зимски 2020/21 (2 часа, 55 студенти) | 6 |
| 1.1.7 | - **Мрежни стандарди и уреди**, летен 2016/17 (2 часа, 12 студенти) | 1,2 |
| 1.1.8 | - **Кластер системи**, летен 2016/17 (2 часа, 30 студенти), летен 2017/18 (2 часа, 43 студенти), летен 2018/19 (2 часа, 49 студенти), летен 2019/20 (2 часа, 39 студенти) | 4,8 |
| 1.1.9 | - **Логички кола и компјутерски архитектури**, зимски 2017/18 (2 часа, 50 студенти) | 1,2 |
| 1.1.10 | - **Оперативни системи, модули и драјвери за вградливи системи**, зимски 2017/18 (2 часа, 14 студенти), зимски 2018/19 (2 часа, 11 студенти), зимски 2019/20 (2 часа, 20 студенти), | 3,6 |
| 1.1.11 | - **Основи на информатика**, летен 2017/18 (2 часа, 18 студенти), летен 2018/19 (2 часа, 13 студенти), летен 2019/20 (2 часа, 17 студенти) | 3,6 |
| 1.1.12 | - **Вградливи компјутерски системи и компоненти**, зимски 2018/19 (2 часа, 15 студенти) | 1,2 |
| 1.1.13 | - **Мрежно програмирање**, зимски 2019/20 (1 час, 16 студенти), зимски 2020/21 (1 час, 6 студенти), | 1,2 |
| 1.1.14 | - **Микропроцесорски системи**, летен 2019/20 (2 часа, 29 студенти) | 1,2 |
| 1.1.15 | - **Грид структури и пресметувања во облак**, летен 2019/20 (2 часа, 7 студенти) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.16 | - **Развој на софтвер и тестирање**, зимски 2020/21 (2 часа, 14 студенти) | 1,2 |
| **1.2** | **ВТОР ЦИКЛУС** | **31,5** |
| 1.2.1 | - **Интернет на нешта**, зимски 2016/17 (3 часа, 5 студ.), летен 2017/18 (3 часа, 1 студ.), зимски 2018/19 (3 часа, 6 студ.), зимски 2020/21 (3 часа, 1 студ.) | 9 |
| 1.2.2 | - **Оперативни системи и драјвери**, зимски 2016/17 (3 часа, 2 студ.), зимски 2017/18 (3 часа, 2 студ.), зимски 2020/21 (3 часа, 1 студ.) | 6,75 |
| 1.2.3 | - **Сензорски, безжични и мобилни компјутерски мрежи и системи**, зимски 2016/17 (3 часа, 2 студ.) | 2,25 |
| 1.2.4 | - **Софтвер за наменски компјутерски системи и мрежи**, зимски 2016/17 (3 часа, 4 студ.), зимски 2020/21 (3 часа, 1 студ.), | 4,5 |
| 1.2.5 | - **Напредни концепти на виртуелизација**, зимски 2018/19 (3 часа, 1 студ.) | 2,25 |
| 1.2.6 | - **Напредни веб-технологии и сервиси**, зимски 2018/19 (3 часа, 2 студ.), зимски 2019/20 (3 часа, 1 студ.), летен 2019/20 (3 часа, 1 студ.) | 6,75 |
| **1.3** | **ТРЕТ ЦИКЛУС** | **5,4** |
| 1.3.1 | - **Напредни и современи сензорски, безжични и мобилни компјутерски мрежи и системи**, летен 2018/19 (3 часа, 1 студ.) | 2,7 |
| 1.3.2 | - **Интернет на нешта, сеприсутно пресметување, пресметување во облак и мрежни сервиси**, летен 2018/19 (3 часа, 1 студ.) | 2,7 |
| **2.** | **Одржување на вежби (аудиториски – АВ, лабораториски – ЛВ, семинарски труд)** | **18,45** |
| 2.1 | - **Напредни алгоритми и програмирање**, зимски 2016/17 (2 часа АВ, 74 студенти), зимски 2017/18 (2 часа АВ, 55 студенти) | 1,8 |
| 2.2 | - **Напредни компјутерски архитектури и микропроцесорски системи**, летен 2016/17 (2 часа АВ, 34 студенти) | 0,9 |
| 2.3 | - **Кластер системи**, летен 2016/17 (АВ-1 час, ЛВ-2 часа, 30 студенти), летен 2017/18 (АВ-1 час, ЛВ-2 часа, 43 студенти), летен 2018/19 (АВ -1 час, 49 студенти), летен 2019/20 (АВ -1 час, 39 студенти) | 3,6 |
| 2.4 | - **Логички кола и компјутерски архитектури**, зимски 2017/18 (2 часа, 50 студенти) | 0,9 |
| 2.5 | - **Основи на информатика**, летен 2017/18 (2 часа АВ, 18 студенти), летен 2018/19 (2 часа АВ, 13 студенти), летен 2019/20 (2 часа АВ, 17 студенти) | 2,7 |
| 2.6 | - **Вградливи компјутерски системи и компоненти**, зимски 2018/19 (1 час АВ, 15 студенти) | 0,45 |
| 2.7 | - **Грид структури и пресметувања во облак**, летен 2019/20 (2 часа АВ, 1 час ЛВ, 7 студенти) | 1,35 |
| 2.8 | -**Мрежно програмирање**, зимски 2020/21 (1 часа АВ, 6 студенти) | 0,45 |
| 2.9 | -**Развој на софтвер и тестирање**, зимски 2020/21 (2 часа АВ, 14 студенти) | 0,9 |
| 2.10 | - **Истражувачки проект од областа на компјутерските мрежи**, летен 2015/16 (6 часа, 3 студ.) | 2,7 |
| 2.11 | - **Истражувачки проект од областа на компјутерските мрежи**, летен 2016/17 (6 часа, 2 студ.) | 2,7 |
| 2.12 | - **Истражувачки проект од областа на компјутерските мрежи**, летен 2018/19 (6 часа, 2 студ.) | 2,7 |
| **3.** | **Настава во школи и работилници** | **8,5** |
| 3.1 | Летна школа: „Вовед во програмирање Code@FEIT 2016“, раководител | 1,5 |
| 3.2 | Летна школа: „Вовед во програмирање Code@FEIT 2017“, раководител | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3 | Летна школа: „Вовед во програмирање Code@FEIT 2018", раководител | 1,5 |
| 3.4 | Летна школа: „Вовед во програмирање Code@FEIT 2019", раководител | 1,5 |
| 3.5 | Летна школа: „Вовед во програмирање Code@FEIT 2020", раководител | 1,5 |
| 3.6 | „Вовед во Cyber Security", 2018 година (учесник) | 1 |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет** | **15,5** |
| 4.1 | - **Микропроцесорски системи** (предавања) | 1 |
| 4.2 | - **Вградливи компјутерски системи и компоненти** (предавања+вежби) | 1,5 |
| 4.3 | - **Оперативни системи, модули и драјвери за вградливи системи** (предавања) | 1 |
| 4.4 | - **Мрежно програмирање** (предавања+вежби) | 1,5 |
| 4.5 | - **Основи на информатика** (предавања+вежби) | 1,5 |
| 4.6 | - **Грид структури и пресметувања во облак** (предавања+вежби) | 1,5 |
| 4.7 | - **Развој на софтвер и тестирање** (предавања+вежби) | 1,5 |
| 4.8 | - **Софтвер за наменски компјутерски системи и мрежи**, (предавања) | 1 |
| 4.9 | - **Интернет на нешта** (предавања) | 1 |
| 4.10 | - **Напредни концепти на виртуелизација** (предавања) | 1 |
| 4.11 | - **Напредни веб-технологии и сервиси** (предавања) | 1 |
| 4.12 | - **Напредни и современи сензорски, безжични и мобилни компјутерски мрежи и системи** (предавања) | 1 |
| 4.13 | - **Интернет на нешта, сеприсутно пресметување, пресметување во облак и мрежни сервиси** (предавања) | 1 |
| **5.** | **Консултации со студенти** | **2,564** |
| | - вкупно студенти во сите семестри, во сите циклуси настава | 1282 |
| **6.** | **Ментор на дипломска работа** | **13,4** |
| | - вкупно дипломски работи (67) | 13,4 |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** (7) | **3,5** |
| **8.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** (8) | **2,4** |
| **9.** | **Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа** (61) | **6,1** |
| **10.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **13** |
| 10.1 | - **Микропроцесорски системи** (предавања) | 1 |
| 10.2 | - **Вградливи компјутерски системи и компоненти** (предавања+вежби) | 1 |
| 10.3 | - **Оперативни системи, модули и драјвери за вградливи системи** (предавања) | 1 |
| 10.4 | - **Мрежно програмирање** (предавања+вежби) | 1 |
| 10.5 | - **Основи на информатика** (предавања+вежби) | 1 |
| 10.6 | - **Грид структури и пресметувања во облак** (предавања+вежби) | 1 |
| 10.7 | - **Развој на софтвер и тестирање** (предавања+вежби) | 1 |
| 10.8 | - **Софтвер за наменски компјутерски системи и мрежи** (предавања) | 1 |
| 10.9 | - **Интернет на нешта** (предавања) | 1 |
| 10.10 | - **Напредни концепти на виртуелизација** (предавања) | 1 |
| 10.11 | - **Напредни веб-технологии и сервиси** (предавања) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 10.12 | - **Напредни и современи сензорски, безжични и мобилни компјутерски мрежи и системи** (предавања) | 1 |
| 10.13 | - **Интернет на нешта, сеприсутно пресметување, пресметување во облак и мрежни сервиси** (предавања) | 1 |
| | **Вкупно** | **158,714** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерска работа (5)** | **10,00** |
| **2.** | **Раководител на национални научни проекти** | **12,00** |
| 2.1. | "Improving the Quality of Digital Student Services", 1.1.2018 – 31.12.2018, финансиран од УКИМ, раководител | 6,00 |
| 2.2. | „Проектирање и развој на нова мемориско-центрична процесорска архитектура (ПРИМА)“, 1.2.2017 – 31.12.2017, финансиран од ФЕИТ, раководител | 6,00 |
| **3.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5,00** |
| 3.1. | "East Partnership academic cooperation and exchange", 01.01.2019-31.12.2020, DAAD Grant, Germany, Project coordinator: Prof. E. Siemens, Anhalt University of Applied Sciences, Germany | 5,00 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **37,00** |
| 4.1 | D. Efnusheva, A. Cholakoska, **M. Kalendar**, "FPGA Design of IP Packet Filter based on SNORT rules", Ptroceedings of the 10th International Conference on Information Society and Technology, ICIST 2020, Kopaonik, Serbia, 8-11 March 2020 | 4,00 |
| 4.2 | D. Efnusheva, G. Dokoski, A. Tentov, **M. Kalendar**, "Memory-Centric Approach of Network Processing in a Modified RISC-based Processing Core", Proceedings of Future Technologies Conference 2016, FTC 2016, 6-7 Dec. 2016, San Francisco, United States, pp. 1181 - 1188, IEEE Conferences, DOI: 10.1109/FTC.2016.7821751 | 3,00 |
| 4.3 | S. Bojadjievski, N. Anastasova-Bojadjievska, **M. Kalendar,** A. Tentov, "Interoperability of Emergency and Mission Critical IoT Data Services", Proceedings of the 26th Telecommunications Forum (TELFOR), 2018, 20-21 Nov.2018, Belgrade, Serbia, SS.6 (DOI: 10.1109/TELFOR.2018.8611826) | 3,00 |
| 4.4 | S. Bojadzievski, **M. Kalendar**, T. Shuminoski, "Ultra Reliable Advanced Framework for Emergency and Mission Critical Data for 5G Services", Proceedings of the 8th International Conference on Applied Innovation in IT (2020). Volume 8, Issue 1, pp. 13-20. (DOI:10.25673/32743) | 4,00 |
| 4.5 | A. Trenchevski, **M. Kalendar,** H. Gjoreski, D. Efnusheva, "Prediction of Air Pollution Concentration Using Weather Data and Regression Models", Proceedings of the 8th International Conference on Applied Innovation in IT (2020). Volume 8, Issue 1, pp. 55-61. (DOI: 10.25673/32749) | 3,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 4.6 | S. Bojadjievski, N. Anastasova-Bojadjievska, **M. Kalendar**, A. Tentov, "Critical Data Communications in Heterogeneous Networks", Proceedings of XIVth International Conference ETAI2018, 20 – 22 Sep. 2018, Struga, R. Macedonia, pp.ETAI 11-6 (pp.63, Proceedings) | 3,00 |
| 4.7 | D. Vasilevski, A. Cholakoska, **M. Kalendar**, D. Efnusheva, "Managing Real Time IoT Data With Cloud Computing Services", Proceedings of XIVth International Conference ETAI2018, 20 – 22 Sep. 2018, Struga, R. Macedonia, pp.ETAI 11-4 (pp.62, Proceedings) | 3,00 |
| 4.8 | **G. Jakimovski, D. Davcev, M. Kalendar**, "Bewared Android Mobile Awareness Platform about Natural Disasters", Proceedings of the 7th International Conference on Applied Innovation in IT (2019). Volume 7, Issue 1, pp. 49-54. (DOI: 10.25673/13482) | 4,00 |
| 4.9 | A. Cholakoska, D. Efnusheva, **M. Kalendar**, "Hardware Implementation of IP Packet Filtering in FPGA", Proceedings of the 7th International Conference on Applied Innovation in IT (2019). Volume 7, Issue 1, pp. 23-29. (DOI: 10.25673/13478) | 4,00 |
| 4.10 | D. Efnusheva, A. Tentov, A.Cholakoska, **M. Kalendar** , "FPGA Implementation of IP Packet Header Parsing Hardware", Proceedings of the 5th International Conference on Applied Innovation in IT (2017). Volume 1, Issue 5, pp. 33-41. (DOI:10.13142/KT10005.05) | 3,00 |
| 4.11 | D. Efnusheva, **M. Kalendar**, A.Tentov, G. Dokoski, "A Modified Memory-centric Approach for Network Packet Processing", Proceedings of XIIIth International Conference ETAI2016, 22 – 24 Sep. 2016, Struga, R. Macedonia, pp. ETAI-MLC-6 (pp.44-45, Proc.abstracts) | 3,00 |
| **5.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | **3,00** |
| 5.1 | A. Cholakoska, D. Efnusheva, **M. Kalendar**, "Hardware Implementation of IP Packet Filtering in FPGA", Proceedings of the 7th International Conference on Applied Innovation in IT (2019). Volume 7, Issue 1, pp. 23-29. (DOI: 10.25673/13478) – усна презентација | 1,00 |
| 5.2 | G. Jakimovski, D. Davcev, **M. Kalendar**, "Bewared Android Mobile Awareness Platform about Natural Disasters", Proceedings of the 7th International Conference on Applied Innovation in IT (2019). Volume 7, Issue 1, pp. 49-54. (DOI: 10.25673/13482) – усна презентација | 1,00 |
| 5.3 | D. Vasilevski, A. Cholakoska, **M. Kalendar**, D. Efnusheva, "Managing Real Time IoT Data With Cloud Computing Services", Proceedings of IXth International Conference ETAI2018, 20 – 22 Sep. 2018, Struga, R. Macedonia, pp.ETAI 11-4 (pp.62, Proceedings) – усна презентација | 1,00 |
| **6.** | **Рецензија на научен/стручен труд** | **1,20** |
| 6.1. | - ETAI 2018 - 2 труда | 0,40 |
| 6.2. | - ETAI 2016 - 4 труда | 0,80 |
| | **Вкупно** | **68,20** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | -Компјутерски мрежи - Интернет на нешта (II циклус) | 1 |
| | -Наменски компјутерски системи (II циклус) | 1 |
| | -Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of Things (II циклус) | 1 |
| 1.2 | -Компјутерски технологии и инженерство (I циклус) | 1 |
| **2.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија [11]** | **9** |
| 2.1 | - консултантски технички извештаи - ЕЛЕМ (ECM) (2018-2019) - 8 | 8 |
| 2.2 | - вешт наод за Министерство за земјоделство, 2018 | 1 |
| **3.** | **Дизајн или изработка на информациски систем** | **1** |
| 3.1 | - Дизајн и изработка на информациски систем: „Евиденција за присуство на настава на ФЕИТ“ | 1 |
| **4.** | **Учество во промотивни активности на Факултетот/ Институтот** | **2,50** |
| 4.1 | Отворен ден на ФЕИТ/КТИ, 2016. | 0,5 |
| 4.2 | Отворен ден на ФЕИТ/КТИ, 2017. | 0,5 |
| 4.3 | Отворен ден на ФЕИТ/КТИ, 2018. | 0,5 |
| 4.4 | Отворен ден на ФЕИТ/КТИ, 2019. | 0,5 |
| 4.5 | Отворен ден на ФЕИТ/КТИ, 2020. | 0,5 |
| **5.** | **Стручна редакција на трудови на странски/ македонски јазик** | **1** |
| 5.1 | - стручна техничка редакција на книгата: Ј. Хан, М. Камбер, Ј. Пеи, “Податочно рударење - концепти и техники”, трето издание, македонско издание, Арс студио, во печат, 2020 | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| **1.** | **Член на организационен или одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | **6** |
| 1.1 | ЕТАИ 2016 | 1 |
| 1.2 | ЕТАИ 2018 | 1 |
| 1.3. | ICAIIT 2017 | 1 |
| 1.4. | ICAIIT 2018 | 1 |
| 1.5. | ICAIIT 2019 | 1 |
| 1.6. | ICAIIT 2020 | 1 |
| **2.** | **Студиски престој во странство** | **0,5** |
| 2.1 | Anhalt University of Applied Sciences - 3 недели, ноември 2019, работилници и предавања | 0,5 |
| **3.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | **2** |
| 3.1 | „Проектирање и развој на нова мемориско-центрична процесорска архитектура (ПРИМА)“, финансиран од ФЕИТ, 2.2017 – 12.2017, носител | 1 |
| | "Improving the Quality of Digital Student Services", UKIM research initiative, 2018, носител | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | **4** |
| 4.1 | “Cloud and Big Data Transport Solutions – German-Macedonian Research" (CloudBDT- GMR)”, BMBF, 2020, соработник | 1 |
| 4.2. | "IDEA-East Hub: International Innovation Hub for Data Science and renewable Energy - East” (IDEA-East Hub), DAAD, 2020, соработник | 1 |
| 4.3. | “UbiLAB: A ubiquitous virtual laboratory framework” (UbiLAB), Erazmus+ KA2, 2020, носител | 2 |
| **5.** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | **3** |
| 5.1. | - Раководител на Институт КТИ (2016 – 2020) | 3 |
| **6.** | **Член на универзитетска комисија** | **1** |
| 6.1 | -Комисија за информатичка технологија (2017 – 2019) | 1 |
| **7.** | **Член на факултетска комисија** | **1,5** |
| 7.1 | - Комисија за студентска практична настава (од 2016 до 2020) | 0,5 |
| 7.2 | - Конкурсна комисија за упис на втор циклус студии, 2016/2017 | 0,5 |
| 7.3 | - Конкурсна комисија за упис на прв циклус студии, 2016/2017 | 0,5 |
| **8.** | **Член на комисија за избор во звање** | **1,8** |
| 8.1. | - избори на вонреден професор (2 комисии) | 0,4 |
| 8.2. | - избори на доцент и насловен доцент (4 комисии) | 0,8 |
| 8.3. | - избори на асистент докторанд и асистенти (3 комисии) | 0,6 |
| **9.** | **Координатор на студиска програма** | **2** |
| 9.1. | - Компјутерски мрежи - Интернет на нешта, втор циклус (2016 – сега) | 1 |
| 9.2. | - Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of Things (2018 – сега) | 1 |
| **10.** | **Член на управен одбор на здружение поврзано со струката** | **0,6** |
| 10.1 | - ЕТАИ – од 2019 | 0,3 |
| 10.2 | - Инженерска институција на Македонија – од 2020 | 0,3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **37,90** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ **Д-Р МАРИЈА КАЛЕНДАР** ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **158,714** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **68,20** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **37,90** |
| **Вкупно** | **264,814** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Аксенти Грнаров, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Ташковски, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Трајанов, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА ПРОТОКОЛ ЗА АДАПТИВНА ДИНАМИЧКА БАЕСОВА ИНФЕРЕНЦИЈА“ ОД М-Р ДУШКО ЛУКАРСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 23.12.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Душко Лукарски со наслов „Развој на протокол за адаптивна динамичка Баесова инференција”, во состав: проф. д-р Маргарита Гиновска (претседател), проф. д-р Христина Спасевска (ментор), вонр. проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска (член), вонр. проф. д-р Томислав Станковски (член) и доц. д-р Митко Вета (член).

Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Душко Лукарски, со наслов „Развој на протокол за адаптивна динамичка Баесова инференција”, содржи 150 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред од 1,5 точки и големина на букви од 12 точки, со 54 слики, 2 табели и 118 библиографски единици, меѓу кои има научни трудови и книги.

Докторскиот труд започнува со предговор, содржина, список на слики, список на табели, список на користени кратенки и апстракт на македонски и на англиски јазик. Трудот е структуриран во осум глави кои содржат поднаслови и точки.

Првата глава е воведна и опфаќа преглед на досегашните достигнувања на полето на динамичките системи, со посебен акцент на самоодржливите осцилатори. Истовремено опфаќа и преглед на досегашните достигнувања од обласа на испитување на функциите на спрега меѓу осцилаторните системи во човековиот организам со акцент на кардиореспираторните интеракции.

Во втората глава се дадени теориските основи на самоодржувачките осцилаторни системи. Во неа се разработени основните поими за граничен циклус и за фаза во нелинеарната динамика, како и главните карактеристики на самоодржливите осцилатори. Дадени се и воведни дефиниции за неавтономните системи, како и за моделот на фазни осцилатори.

Во третата глава е даден преглед на концептите и теоријата за временски променливите функции на спрега. Презентирани се и постојните методи за нивна реконструкција, како и различните научни полиња на нивна примена.

Во четвртата глава, детално е изложен методот за динамичка Баесова инференција што се истражува во докторскиот труд со цел негово подобрување.

Во петтата глава е опишан протоколот за адаптивна динамичка Баесова инференција и неговото воспоставување преку нумерички анализи на познати системи спрегнати фазни осцилатори.

Во шестата глава е опишана потврдата на протоколот, преку анализа на втор познат систем спрегнати осцилатори – осцилатори на граничен циклус, т.е. осцилатори на Поанкаре. На тој начин е извршено верификување на применливоста на протоколот и на други осцилаторни системи.

Во седмата глава е опишана примената на протоколот при истражување на кардиореспираторни заемни дејства. Презентирани се направените мерења за истражување на кардиореспираторни интеракции при различни контролирани шеми

на респирација на еден субјект, како и добиените резултати од примена на протоколот со акцент на добиените функции на спрега.

Во последната глава се резимирани анализите од добиените резултати и е даден заклучок. Во неа се дефинирани и идни насоки на истражување кои произлегуваат од добиеното истражување.

- **Предмет на истражување**

Предмет на истражување во докторската дисертација се самоодржувачките осцилаторни системи и спрегите меѓу нив, со посебен акцент на осцилаторните системи на човековиот организам, поточно на кардиоваскуларниот и респираторниот систем. Постојат повеќе методи за проучување на осцилаторните системи и нивните меѓусебни заемни дејства. Еден од тие методи е и методот на динамичката Баесова инференција, чија надградба е преку развивање на протокол за адаптивна динамичка Баесова инференција.

Еден од проблемите што се среќаваат кај различните методи кои се основаат на секвенцијална анализа на мерни податоци е како да се определи времетраењето на временскиот прозорец. Ова е од особено значење при проучување на временски променливи динамички системи, кои се цел на проучување на методот. Должината на временскиот прозорец вообичаено е резултат помеѓу две спротивставени барања. Првото е временскиот прозорец да биде доволно голем за да има доволен број податоци за методот да даде точни резултати, а второто е да биде што е можно помал за да обезбеди што е можно подобра временска резолуција на промените на параметрите и функциите од интерес. Од таа причина, изборот на големината на временскиот прозорец е проблематичен и затоа честопати, врз основа на искуството и интуицијата на истражувачот, тој се избира како слободен параметар. Докторската дисертација развива метод за определување на временскиот прозорец во рамките на воспоставувањето на протоколот за адаптивната динамичка Баесова инференција.

Истовремено е развиен и метод за адаптивно одредување и на параметарот на пренесување, кој во динамичката Баесова инференција исто така се одредува како слободен параметар. Параметарот на пренесување одредува колкав дел од инферираната информација во даден блок од секвенцијалната анализа се пренесува во следниот блок. На тој начин се овозможува подобрена инференција на параметрите на моделот кој го опишува разгледуваниот систем спрегнати осцилатори.

При истражувањето, најпрво се анализирани однапред познати системи спрегнати осцилатори во присуство на шум. Протоколот е воспоставен преку разгледување на систем од спрегнати фазни осцилатори, а потоа и потврден со разгледување на систем од спрегнати осцилатори со граничен круг, т.е. осцилатори на Поанкаре. Од ваквите познати системи се генерирани нумерички сигнали кои претставуваат влезни променливи во динамичката Баесова инференција. Од анализа на добиените излезни променливи и нивна споредба со однапред познатите вредности, воспоставени се алгоритми за одредување на временскиот прозорец и на параметарот на пренесување.

По утврдување на протоколот со анализа на познати осцилаторни системи, спроведена е негова практична верификација преку истражување на кардиореспираторните интеракции во човековиот организам. За таа цел се спроведени мерења на ЕКГ и респираторен сигнал кај еден субјект, при што респирацијата на субјектот следи предодредени шеми.

Во понатамошното истражување, главен фокус е ставен на функциите на спрега меѓу кардиолошкиот и респираторниот осцилаторен систем, со кои се проучува влијанието на различните шеми на респирација врз срцевата активност. За оние шеми на дишење за кои постојат претходно објавени резултати во литературата е извршена споредба на добиените резултати со претходно објавените, а за останатите е извршена анализа на резултатите и соодветна дискусија.

- **Состојба на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Опишувањето на динамичките системи се врши преку користење на диференцијални равенки во кои се застапени изводи по времето. Од интерес за ова истражување се човековите физиолошки системи кои имаат осцилаторен карактер, бидејќи анализите на мерењата кои потекнуваат од овие системи можат да доведат до сознанија за нив, дури и кога нивните меѓусебни влијанија не се однапред познати. Двата осцилаторни система кои се предмет на оваа дисертација се кардиоваскуларниот и респираторниот систем. Кардиореспираторното заемно дејство, како еден од централните механизми во кардиореспираторниот систем, интензивно е проучено во литературата во контекст на различни состојби и болести. И кардио- и респираторниот сигнал може да се добие со неинвазивни мерења, што ги прави кардиореспираторните мерења релативно едноставни и достапни. Двата система се карактеризираат со периодична осцилаторна динамика што го овозможува нивното моделирање преку нивната фазна динамика. Како и во случај со други отворени биолошки системи, динамиката на кардиореспираторниот систем е временски променлива и притоа фреквенцијата на осцилации и јачините на спрегите во системот се временски променливи, што воведува дополнително усложнување во анализите на мерењата. Во литературата досега се објавени истражувања од различни аспекти на кардиореспираторните заемни дејства, вклучувајќи фазна синхронизација, јачина и насоченост на кардиореспираторната спрега, функции на спрега и друго.

Од посебен интерес за ова истражување се функциите на спрега кои ги опишуваат промените на функционалните механизми на заемните дејства со текот на времето. Функционалните механизми може да доведат до различни квалитативни промени во системите и зависно од функциите на спрега, резултантната динамика може да доведе до различни состојби, физички ефекти и појави како што се: синхронизација, осцилаторна и амплитудна смрт, раѓање на осцилации, фрактални димензии и друго. Познавањето на ваквите функционални механизми може да се користи за детектирање, создавање или предвидување на одреден физички ефект, а во живите системи и за проценка на здравствената состојба и следење на промените при различни патолошки состојби. Во последно време, функциите на спрега привлекуваат значително внимание во научните истражувања и има значаен број научни публикации кои разгледуваат аспекти на механизмите на заемно дејство во повеќе научни полиња.

Постојат повеќе методи за реконструкција на функциите на спрега врз основа на одредени мерења, меѓу кои е и методот на динамичка Баесова инференција за временски променлива динамика во присуство на шум, кој се подобрува во истражувањата на докторската дисертација. Во контекст на овој метод, динамичка инференција подразбира инферирање на модел кој опишува решение на систем обични диференцијални равенки, преку анализи на временски серии добиени од мерења. Во рамките на методот, два параметра, временскиот прозорец и параметарот на пренесување се избираат произволно, како резултат на искуство на истражувачот. Целта на оваа докторска дисертација е дефинирање на протокол за адаптивна динамичка Баесова инференција, во кој ќе се врши адаптивно одредување на вредностите на овие два параметра со цел оптимизирање на инференцијата на параметрите на моделот и шумот. Протоколот е воспоставен преку нумерички анализи на познати спрегнати фазни осцилатори, а потоа е тестиран со помош на нумерички анализи на спрегнати осцилатори на граничен циклус. По воспоставувањето на протоколот, тој е искористен за анализа на кардиореспираторните интеракции, при што е проучувано влијанието на различни шеми на контролирана респирација врз кардиореспираторните функции на спрега. Конечно, при дискусијата на добиените функции на спрега, јачината на спрегите, како и сличноста меѓу функциите на спрега при нивната временска еволуција, направена е споредба на добиените резултати при истражуваните респираторни шеми со резултатите кои веќе се објавени.

- **Опис на применетите методи**

Научниот метод што е применет во оваа докторска дисертација се состои од: дефинирање на проблем, преглед на досегашни истражувања и достигнувања, поставување хипотези, спроведување експеримент, проверка на експериментот, анализа и интерпретација на добиените резултати, носење заклучок, воспоставување постапки, развој на протоколи, проценка и промена на параметри кои имаат влијание на добиените резултати.

На почетокот од докторската дисертација е направен детален преглед на досегашните истражувања и достигнувања од областа на самоодржувачките осцилаторни системи со акцент на кардиореспираторните интеракции во човековиот организам, како и на теоријата за временски променливите функции на спрега. Детално е разгледан методот на динамичка Баесова инференција, кој со оваа теза се унапредува.

Потоа се направени нумерички анализи на познати системи спрегнати фазни осцилатори и врз основа на ваквите нумерички експерименти, преку анализа и интерпретација на добиените резултати, дадени се заклучоци и воспоставени се постапки за развој на протоколот за адаптивна динамичка Баесова инференција.

Воспоставениот протокол е потврден преку нумерички анализи на втор систем спрегнати осцилатори на граничен циклус, т.е. осцилатори на Поанкаре. Преку менување на влезните параметри, утврдени се границите во кои протоколот може да се користи во идни експериментални истражувања.

Понатаму се спроведени и експериментални истражувања за проверка на поставените хипотези и мерења за истражување на кардиореспираторните интеракции при различни контролирани шеми на респирација на еден субјект, со примена на протоколот се реконструирани функциите на спрега кои ги опишуваат механизмите на интеракција. За временско-фреквентната анализа на добиените сигнали од мерењата се користени и методите на вејвлет-анализата.

Конечно, при анализите на добиените функции на спрега кои го опишуваат влијанието на респирацијата врз срцевата работа, како и на јачината на спрегите и сличноста меѓу функциите на спрега при нивната временска еволуција, направена е и интерпретација на добиените резултати при истражуваните респираторни шеми и нивна споредба со резултатите кои се веќе објавени.

- **Опис на резултатите од истражувањето**

Во оваа докторска дисертација е развиен протокол за адаптивна динамичка Баесова инференција. Развивањето на протоколот се базира на нумерички анализи на познат систем од спрегнати фазни осцилатори. Протоколот овозможува динамичка инференција на временски променлива динамика во присуство на шум, што значи дека овозможува следење на временската еволуција на множеството параметри кои го опишуваат моделот со кој се моделира истражуваниот систем и во исто време разделување на динамичките ефекти од шумот.

При воведувањето на протоколот, како индикатор за квалитетот на спроведената инференција се користи коваријансна матрица која е одредена за секој блок инферирани податоци. Бидејќи при нумеричките симулации се познати вистинските вредности на параметрите на моделот на спрегнати осцилации, при одредувањето на оптималниот временски прозорец и параметарот на пренесување се минимизира разликата меѓу инферираните и вистинските вредности на параметрите и шумовите и истовремено се минимизира вредноста на коваријансната матрица.

Резултатите од анализите укажуваат дека зависноста на коваријансната матрица од временскиот прозорец и параметарот на пренесување покажува максимум и за сите вредности помали од вредностите кои го одредуваат тој максимум, инференцијата не ги следи временските промени на параметрите, односно не ја опишува соодветно динамиката на системот. Затоа, оптималните вредности на временскиот прозорец и параметарот на пренесување се бараат за поголеми вредности од оние кои го одредуваат максимумот. Притоа, утврдено е дека со нивен пораст доаѓа до опаѓање на коваријансната матрица. Меѓутоа, истовремено, преголеми вредности за временскиот

прозорец исто така оневозможуваат соодветна инференција на временските промени, бидејќи во таков случај резолуцијата на опишување на осцилаторните промени би била преголема. Затоа, во протоколот се прави иницијална инференција на временската променливост на параметрите, со користење на што е можно помала вредност за временскиот прозорец и фиксирана вредност за параметарот на пренесување. Со претпоставка дека има осцилаторна динамика на параметрите, се спроведува брза Фуриева трансформација на иницијално инферираните параметри и од неа се утврдува најголемата фреквенција, односно најмалиот период на промена на параметрите. Оптималниот временски прозорец потоа се одредува како една осмина од овој период што овозможува резолуција од осум точки за опишување на најбрзо осцилирачкиот параметар на моделот. Резултатите на нумеричките истражувања понатаму овозможуваат, врз основа на вака одредениот оптимален временски прозорец, да се воспостави алгоритам за одредување на оптималниот параметар на пренесување. Со така одредените временски прозорец и параметар на пренесување потоа се спроведува втора, оптимизирана инференција.

Во следната фаза од истражувањето е извршена потврда на протоколот со помош на нумерички анализи на втор познат систем од спрегнати осцилатори, осцилатори на граничен циклус на Поанкаре. Нумеричките симулации спроведени за ваквиот систем потврдуваат дека во рамките на одредени ограничувања на шумот, користејќи ги фазните осцилатори како граничен модел, предложениот протокол може да се примени за инферирање на временски променливи динамики.

Потоа протоколот е применет на вистински биолошки податоци, добиени преку кардиореспираторни мерења на субјект од машки пол без познати кардиоваскуларни здравствени тегоби. Притоа, дишењето на субјектот следи предодредена респираторна шема на начин што субјектот следи визуелна и аудиокомпјутерска симулација во која топче се движи по синусна линија на компјутерскиот екран. Фреквенцијата на движење на топчето, заедно со синусната линија, се менува според законот кој треба да го следи респирацијата. Мерењата се спроведени кога субјектот е во лежечка положба на грб. Респирацијата е мерена со еластичен појас поставен на градите на субјектот, додека срцевата работа е следена со помош на ЕКГ-сонда со три електроди. Моменталната кардиофаза е проценета од ЕКГ-сигналот, а респираторната фаза од респираторниот сигнал.

Во студијата се истражени три различни шеми на дишење: спонтано слободно дишење, временски променливо дишење, при кое фреквенцијата на дишење се менува по синусен закон и временски променлива респирација, при која фреквенцијата на дишење се менува по апериодичен закон. По добивањето на фазите, применет е протоколот за адаптивна динамичка Баесова инференција со цел реконструкција на функциите на спрега кои го карактеризираат заемното дејство меѓу респирацијата и срцевата работа.

Примената на протоколот на кардиореспираторните интеракции доведува до потврда на некои претходни сознанија, а и до некои нови резултати. Еден од добиените резултати кој е познат од претходно е дека јачината на функцијата на спрега се менува и зголемува при бавно дишење, а со примената на протоколот ова сознание е проширено и е покажано дека при синусни промени на респираторната фреквенција, ваквите промени се јавуваат континуирано и ја следат пертурбацијата која ги предизвикува. Слично поведение се набљудува и при апериодично дишење, но тоа е помалку изразено. Добиениот резултат укажува дека индексот на сличност на функцијата на спрега која го опишува влијанието на дишењето врз срцевата работа е поголем при побавно дишење и во случај на хармониски промени на фреквенцијата, континуирано ја следи пертурбацијата. И кај апериодичната пертурбација е утврдено слично поведение, но не толку јасно како во хармонискиот случај. Инферираната форма на кардиореспираторната функција на спрега, за трите испитувани примери на респирација, е конзистентна со резултатите од претходни истражувања. Иако во трите случаи временскиот прозорец има вредности кои значително се разликуваат, добиените формите на усреднетите функции на спрега квалитативно се слични.

При побавно дишење, формата на функцијата на спрега се менува главно по должина на респираторната оска и е релативно константна по должина на оската на кардиофазата. Тоа потврдува дека спрегата е главно одредена од директното влијание на дишењето врз срцевата работа, што е утврдено за нискофреквентните делови при дишење по синусен закон, а е помалку видливо при апериодична респирација која се одвива при повисоки респираторни фреквенции. Во физиологијата, ваквото влијание на респираторната фреквенција врз срцевата работа е означена како респираторна синусна аритмија и постојат повеќе истражувања кои ги поврзуваат кардиореспираторните спреги со неа. Резултатите од ова истражување ги потврдуваат сознанијата дека респираторната синусна аритмија е поизразена при бавно длабоко дишење.

Со резултатите од истражувањето се постигнати следниве цели:

- утврдување на методологија за одредување на временскиот прозорец при динамичката Басеова инференција, што се основа на анализи на нумерички симулации кај познати осцилаторни системи;
- утврдување на методологија за одредување на параметарот на пренесување на коваријансната матрица при динамичката Баесова инференција, што се основа на анализи на нумерички симулации кај познати осцилаторни системи;
- воспоставување на протокол за адаптивна Баесова инференција што се основа на одредување на временскиот прозорец и параметарот на пренесување и негова примена за истражување на функциите на спрега меѓу осцилациите, со потекло од кардиоваскуларниот и респираторниот систем кај човекот;
- потврдување на протоколот за адаптивна динамичка Баесова инференција со мерења на срцевата работа и респирацијата и споредба на добиените функции на спрега при слободно дишење на субјектот со постојните сознанија во литературата;
- потврдување на постојните и добивање на нови сознанија за функциите на спрега при временски променлива респирација.

Развиениот протокол и сите постапки на испитување се детални, концизни и разбирливи и може да се применат во услови кога е достапна соодветна апаратура за мерење.

**Заклучок**

- **Главни научни придонеси на кандидатот**

Главниот научен придонес на докторската дисертација е развојот на нов протокол за адаптивна динамичката Баесова инференција преку одредување на временскиот прозорец и параметарот на пренесување.

Новиот протокол, преку анализа на временски серии на мерења, овозможува подобрено инферирање на модел со кој се опишува систем од два или повеќе осцилатори, во присуство на шум, меѓу кои постојат заемни дејства. Заемните дејства меѓу осцилаторите се опишани од функциите на спрега.

Новиот протокол може да најде широка примена во различни научни области. Така, на пример, потекнувајќи од физиката при проучување на различните динамички системи, методот може да се примени и во останатите науки. Во хемијата, при испитување на хемиските осцилатори и нивните меѓусебни заемни дејства, а во медицинските науки може да се користи при различни истражувања на човековата физиологија, како, на пример, за испитување на кардиореспираторните интеракции, за проучување на осцилаторните движења на крвните садови, за идентификување на спрегите меѓу мозочните бранови при различни состојби (будна состојба, состојба под анестезија, патолошки состојби) и друго. Исто така, методот може да се применува и при истражувања на мрежи од осцилатори, што овозможува научни сознанија со потенцијал за унапредување на безбедноста во комуникациите. Во сите овие научни области, унапредувањето на методот на динамичката Баесова инференција доведува до посигурни и поиздржани научни заклучоци.

Бидејќи одредувањето на временскиот прозорец е чест проблем на методите кои користат анализи на временски серии, развиениот метод за одредување на временскиот прозорец со одредени адаптации може да се примени и во други научни методи корисни за анализи на динамички системи со временска променливост.

Дополнителен научен придонес е и испитувањето на функциите на спрега кои ги опишуваат кардиореспираторните интеракции при различни шеми на дишење. Функционалната форма на спрегата, насоченоста и јачината на заемното дејство, како и сличноста на функциите на спрега при нивната временска еволуција доведуваат до нови сознанија за кардиореспираторните заемни дејства.

- **Подрачје на примена и ограничувања**

Постојат многу различни видови динамички системи со најразлична временска променливост која се манифестира во различни делови од тие системи, што го прави изнаоѓањето на општо теориско решение многу сложено. Но, во пракса, со акумулирањето на научни резултати, веќе се истражуваат такви системи и појави, за кои е неопходно да се земе предвид нивната временска променливост. Од таа причина, предложениот протокол е моделиран да одговара на специфичниот проблем на кардиореспираторни заемни дејства. Една од основните претпоставки на протоколот е дека системот има осцилаторен карактер, што ја овозможува апроксимацијата за претставување на системот преку неговата фазна динамика. Исто така, се претпоставува дека временските промени се мали, во споредба со осцилаторните фреквенции во системот. Ваквите претпоставки овозможуваат моделирање на случај каков што се среќава при проучување на кардиореспираторните интеракции. Дополнително, поради користењето на Фуриев развој од втор ред за моделирање на базните функции, се појавуваат и ограничувања во инферирањето на високо нелинеарни динамики, а истовремено и на многу мали промени.

Во анализите на предодредените фазни осцилатори кои заемно дејствуваат, воспоставени се детални услови за одредување на временскиот прозорец. Вакви услови не би можеле точно да се одредат за општ случај на непознат систем спрегнати осцилатори на граничен циклус, како што е примерот на разгледуваните осцилатори на Поанкаре, но користејќи ги фазните осцилатори како граничен модел, анализите покажуваат дека може да се најдат ограничувања во рамките на кои може да се одреди

временскиот прозорец за конкретните случаи. Користењето на инферираната коваријансна матрица како индикатор за квалитетот на инференцијата може да стане строг и несоодветен критериум во случај на големи промени што потекнуваат од шумот. Во тој случај се применуваат други стохастички методи и во комбинација со предложениот протокол да се одреди влијанието на шумот, за потоа да се утврди дали користењето на коваријансата за дефинирање на временскиот прозорец е соодветно за конкретниот случај.

- **Можни понатамошни истражувања**

Изработката на оваа теза отвора неколку нови прашања кои овозможуваат нови перспективи за научни истражувања. Иако во неа главниот фокус е на осцилаторните интеракции кај кардиореспираторниот систем на човекот, предложениот протоколот и резултатите за одредувањето на временскиот прозорец можат да се применат и на други полиња, вклучително осцилаторни интеракции кај други системи кои заемно дејствуваат или кај други методи на анализи на временски серии, како и кај други динамички системи кај кои е присутна временска промена.

Големо подрачје на истражување е примената на методите за испитување на заемните дејства во човековиот нервен систем, кој го истражува невронауката. Од интерес е истражувањето на различните мозочни бранови при различни физиолошки состојби на организмот и какво е влијанието на физиолошките состојби врз мозочните бранови и обратно. Една од најголемите цели е да се даде одговор дали може преку индуцирање на одредени мозочни бранови, однадвор да се влије на постигнување или отстранување на одредени физиолошки состојби. Конкретен пример е преку надворешно влијание на мозочните бранови да се спречи епилептичен напад на пациентот. Проучувањето на механизмите на заемно дејство, опишани преку функциите на спрега меѓу мозочните бранови, има значајна улога во таа насока. Овие истражувања во моментот се доста актуелни и предложениот протокол може да придонесе во таа насока.

Примената на кардиореспираторните заемни дејства, исто така, може да се прошири со вклучување на повеќе субјекти и различни методи на мерење на срцевата работа и на дишењето. На пример, може да се спроведат мерења на пулсот со дополнителен сензор за пулс и да се реконструираат функциите на спрега меѓу дишењето и пулсот. Исто така, може да се испитаат истите протоколи на респирација мерени со помош на различна мерна апаратура. Во оваа докторска дисертација, мерењата на дишењето се правени преку еластичен појас поставен на градите на субјектот, па во друга студија, може да се спроведе истовремено мерење на воздушниот проток при дишењето и така добиените резултати да се споредат за да се утврди колку формата и големината на кардиореспираторните функции на спрега зависат од начинот на мерење од кое се реконструира соодветната респираторна фаза.

- **Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторската дисертација, објавил три труда поврзани со предметот на истражување, од кои два се во референтно научно списание и еден од нив е во списание со фактор на влијание 3,201. Дополнително, четвртиот труд во списание со фактор на влијание 3,137 произлегува од примената на протоколот на понатамошни научни истражувања.

1. <u>Lukarski, D.</u>, Ginovska, M., Spasevska, H., Stankovski, T. (2020). Time window determination for inference of time-varying dynamics: application to cardiorespiratory interaction. Front. Physiol. 11:341, (IF=3.201).
2. <u>Lukarski, D.</u>, Ginovska, M., Spasevska, H., Stankovski, T. Time-variability of cardiorespiratory interactions. 11th Conference of the European Study Group on Cardiovascular Oscillations (ESGCO), Pisa, Italy, 2020, pp. 1-2, doi: 10.1109/ESGCO49734.2020.9158192.

3. Lukarski, D., Spasevska, H., Stankovski, T. (2020). Towards a Protocol for Adaptive Dynamical Bayesian Inference: Case of Limit-Cycle Oscillators, JEEIT, Vol.5, No.2, 85-92.
- Lukarski, D., Stavrov, D., Stankovski, T., Variability of Cardiorespiratory Interactions Under Different Breathing Patterns, Biomedical Signal Processing and Control (in preparation 2021).

**Заклучок со предлог до ННС**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Душко Лукарски е концизна и добро структурирана, со соодветен избор на литература. Текстот е јасно конципиран во глави, наслови и поднаслови, има разбирлив текст и е дополнет со графици, слики и табели. Од напишаното се гледа одличното познавање на кандидатот од областа што се обработува.

Развиениот протокол во рамките на докторскиот труд е сеопфатен и претставува научно достигнување што овозможува нови истражувања на динамички системи во повеќе научни области. Протоколот е потврден со нумерички симулации на два различни нумерички система на спрегнати осцилатори и со реални биолошки мерења на кардиореспираторните интеракции на субјект. Дел од истражувањата во докторската дисертација се објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание, што ја потврдува вредноста и значењето на добиените резултати.

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, да ја прифати позитивната оцена и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Душко Лукарски со наслов „Развој на протокол за адаптивна динамичка Баесова инференција“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Маргарита Гиновска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Христина Спасевска, ментор, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Томислав Станковски, член, с.р.**
**Доц. д-р Митко Вета, член, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗАОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

**1. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | ЕМЕЛ КУРТ | АФИРМАЦИЈА, РАЗВОЈ И ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ЖЕНСКИОТ ФУДБАЛ НА ГЛОБАЛНО НИВО | AFFIRMATION, DEVELOPMENT AND CURRENT SITUATION OF WOMEN'S FOOTBALL AT GLOBAL LEVEL | Проф. Д-р НЕБОЈША МАРКОВСКИ | 0201-926/9.2<br>27.10.2020 |

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГРАДЕЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКА ГРИЖА КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ХРОНИЧНИ ЗАБОЛУВАЊА“ ОД ДОНКА ПАНКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на XXVII седница одржана на 29.12.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Донка Панков со наслов „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања“, во состав: проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска (претседател), проф. д-р Марија Главаш Додов (ментор), проф. д-р Зоран Стерјев (член), проф. д-р Никола Гешковски (член) и проф. д-р Рената Славеска Раички (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Донка Панков, со наслов „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања“, претставува оригинален самостоен научноистражувачки труд.

Трудот е структуриран во 8 тематски целини, и тоа: Вовед и преглед на литература, Цели на истражувањето, Експериментален дел, Резултати и дискусија, Заклучок, Предлог насоки за градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања во периодот 2021 – 2025 год., Литература и Прилози. На почетокот е дадено резиме на трудот и соодветен апстракт на англиски јазик.

Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката дава објаснување за значењето на фармацевтската грижа и нејзината имплементација во секојдневната фармацевтска практика, современите фармацевтски услуги кои се нудат во аптеките во европските земји и во таа насока, и промената на фокусот на компетенции на фармацевтот во аптеката. Во линија со понатамошното истражување, ставен е акцент на новите, напредни услуги и практики кои фармацевтите ги спроведуваат во аптеките со цел успешно управување со болестите, навремено земање на пропишаната терапија, подобрување на придржувањето кон терапијата од страна на пациентите, спречување на интеракциите помеѓу лековите, спречување на дуплирање на терапијата, како и поттикнување на пациентите да усвојат здрав начин на живот.

Кандидатката се осврнува на податоците што укажуваат на енормниот глобален пораст на пациенти со хронични заболувања и големиот здравствен товар за општествата што е последица на долготото лекување, дополнителните компликации, како и болничките лекувања на хроничните состојби. Токму од овие причини, досегашните искуства од европските земји укажуваат дека фармацевтот има многу важна улога во грижата за пациентите со хронични заболувања. Кандидатката ги нагласува предизвиците од

ниската атхеренца кај пациентите со хронични заболувања и оттука важноста од имплементација на напредните фармацевтски услуги кои според економските проценки може да генерираат големи заштеди на здравствените системи.

Во продолжение, кандидатката се осврнува на визијата и клучните препораки за современиот фармацевт во Европа што се издадени од страна на „Фармацевтската група на ЕУ“ (Pharmaceutical Group of European Union-PGEU). Кога се во прашање хроничните заболувања, PGEU дава особено значење на примената на напредните фармацевтски услуги во едукација и советување на оваа група на пациенти. Детално се обработени искуствата од Велика Британија, која е лидер во законското регулирање и имплементацијата на напредните и останатите дополнителни фармацевтски услуги, а потоа се дадени конкретни примери на различни фармацевтски услуги што се нудат во аптеките во Ирска, Германија, Франција, Данска, Белгија, Швајцарија, Хрватска и САД. На крајот на воведниот дел, кандидатката дава детален осврт на состојбата со аптеките и фармацевтските услуги во РС Македонија, препознатливоста на професионалната улога на фармацевтите, како и нивниот статус и вреднување во целокупниот здравствен систем. Во овој дел, кандидатката нè запознава со Националната стратегија на РС Македонија за превенција и контрола на незаразните болести“, трендот на хроничните заболувања и товарот од нив. Оттука, произлегува и предметот на истражувањето кој е во насока на согледување на моменталната состојба и идентификување на потребите за развој и проширување на фармацевтската грижа во РС Македонија преку воведување на дополнителни фармацевтски услуги за пациентите со хронични заболувања, а со крајна цел – градење на стратегија за ефикасно фармацевтско управување на хроничните состојби кај пациентите.

Во поглавјето **Цели на истражувањето**, кандидатката ја наведува главната цел на истражувањето, односно преку евалуација на ставовите и мислењата на фармацевтите, лекарите (матични лекари и лекари-специјалисти) и пациентите да се согледа местото и улогата на фармацевтот во аптека во управувањето со хроничните заболувања и неговата позиционираност во севкупниот здравствен систем во РС Македонија.

Во поглавјето **Експериментален дел**, кандидатката ја наведува методологијата користена во истражувањето. Имено, во текот на прелиминарната фаза на истражувањата бил подготвен пилот-прашалник наменет за пациенти и здравствени работници (лекари и фармацевти). Врз основа на резултатите и заклучоците од овие пилот-прашалници биле формулирани анонимни анкетни прашалници наменети за пациенти, лекари и за фармацевти. Добиените одговори биле соодветно групирани и обработени со користење на статистички софтвер за мултиваријантни анализи на податоци.

Најобемен дел од докторската дисертација е поглавјето **Резултати и дискусија**. Во ова поглавје, кандидатката ги прикажува и ги анализира добиените резултати од спроведените истражувања. Како посебни целини се обработени пилот-прашалниците и анкетните прашалници од трите групи на испитаници. Како што наведува кандидатката, добиените резултати од евалуацијата на пилот-прашалниците укажуваат дека сите групи на испитаници се согласни дека со вклучување на фармацевтите во едукација на пациентите со хронични заболувања ќе се подобри придржувањето кон медикаментозната терапија, ќе им се појасни потребата од користење на пропишаните лекови, ќе се подобри разбирањето на нивната болест и ќе се превенираат компликациите. Истовремено, најголем дел од испитаниците се согласни дека е потребно да се утврдат ресурси и содржини за едукација и обука на фармацевтите во

управувањето со хронични болести и дека е потребно да се изгради и имплементира соработка меѓу фармацевтите и лекарите за подобра контрола на хроничните болести. Како што наведува кандидатката, овие пилот-прашалници најмногу послужиле при креирањето на анкетните прашалници да се евалуираат поставените прашања од аспект на јасност, покриеност на проблематиката, понудени одговори, како и за дополнителни сугестии од испитаниците во врска со проблематиката на истражувањето. Како засебна целина се прикажани резултатите и дискусијата на трите одделни анкетни прашалници. Резултатите од евалуацијата на прашалникот што се однесуваат на ставовите и мислењата на пациентите со хронични заболувања (99 испитаници) за улогата на фармацевтите во управувањето со хроничните заболувања укажуваат дека пациентите за себе сметаат дека поседуваат доволно знаење за својата болест, но сепак ја идентификуваат потребата од фармацевтска едукација во сите домени на управување на хроничните болести, од советувања во врска со терапијата и болеста до начин на употреба на апликатори, мерачи и други медицински средства што се користат во управувањето на хроничните болести. Евалуирани се исто така ставовите и мислењата на 175 матични лекари и лекари специјалисти за проширување на фармацевтската грижа кај пациентите со хронични заболувања. Кандидатката преку графички прикази ги дава добиените резултати што укажуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу ставовите на матичните лекари и лекарите специјалисти. Сепак, детектирани се два кластера, односно група која целосно ја поддржува фармацевтската грижа и група која делумно ја поддржува оваа фармацевтска активност. Ваквите резултати јасно укажуваат дека се потребни дополнителни активности во насока на препознавање на местото и улогата на фармацевтот во едукација на пациентите со хронични заболувања, а со цел да се постигне доверба и поголема соработка помеѓу здравствените работници.

Со оглед на тоа што во прашалниците за пациенти, лекари и фармацевти има седум сродни прашања, направена е компаративна статистичка анализа на добиените одговори на овие прашања, од која се извлечени главните заклучоци од ова истражување. Со оглед на ординалната природа на податоците, за статистичка споредба на одговорите од трите групи на испитаници употребен е тестот на Крускал-Валис, а добиените резултати за секое одделно обработено прашање, кандидатката ги прикажала преку соодветни графички прикази. На првото споредбено прашање, што се однесува на согледување на нивото на едукација на пациентите со хронични заболувања, пациентите одговориле дека имаат доволно знаење за својата болест, додека, пак, лекарите и фармацевтите доминантно одговориле дека пациентите не се доволно едуцирани. За второто споредбено прашање кое се однесува на идентификување на местото и улогата на фармацевтот во грижата за пациентите со хронични заболувања, фармацевтите имаат позитивен став во однос на нивното вклучување во едукацијата и проширувањето на услугите и фармацевтската грижа. Како што наведува кандидатката, за да можат пациентите и лекарите да добијат јасна претстава за значењето, функцијата и придобивките од користењето на напредните фармацевтски услуги, потребна е соодветна промоција на овие услуги од страна на фармацевтите. Исто така, кандидатката ја потенцира важноста на фармацевтските услуги и интервенции, кои треба да бидат јасно специфицирани преку соодветни протоколи, со што би се постигнала конзистентност и стандарден квалитет во нивното спроведување. Третото споредбено прашање се однесува на евалуација на мислењето за важноста на едукацијата на пациентите од страна на фармацевтот, а во насока на

подобрување на атхеренцата и комплијансата кон терапијата кај пациентите со хронични заболувања. Како што наведува кандидатката, сите испитаници во истражувањето ги препознале предностите на проширената фармацевтска грижа за пациентите со хронични заболувања од аспект на појаснување на потребата од користење на лековите и придржувањето кон медикаментозната терапија. Во секојдневната практика ова би значело поддршка на хроничните пациенти при започнување терапија со нов лек, подобрување на атхеренцата кај пациентите со хронични заболувања кои примаат повеќе различни лекови, максимизирање на придобивките од терапијата и минимизирање на ризикот и несаканите ефекти од нивната употреба. На овој начин би се имплементирал соодветен систем за управување со терапијата со лекови кај пациенти со хронични заболувања во аптекарски услови. На четвртото прашање од компаративната анализа, кое е поставено со цел да се испита ставот на трите групи испитаници за вклучувањето на фармацевтите во едукацијата на пациентите за користењето на медицинските средства, најголем дел од пациентите и фармацевтите сметаат дека услугите на фармацевтите треба да се прошират со спроведување на соодветна едукација и советување околу правилното користење на медицинските средства (инсулински пенкала, инхалатори, апарати за контрола на крвен притисок), додека, пак, лекарите сметаат дека овие услуги би имале само одредени придобивки, неприфаќајќи го целосното вклучување на фармацевтите во давање на ваков тип на услуги на пациентите. Кандидатката ги издвоила за интересни одговорите на петтото споредбено прашање, кое се однесува на евалуација на ставот на трите групи испитаници за вклучување на фармацевтите во мерењето на крвните параметри и крвниот притисок, како дополнителна услуга во аптеките. Повеќето лекари и дел од фармацевтите сметале дека овие услуги не треба да ги врши фармацевтот и дека аптеките немаат услови за ваков тип на услуги. Од друга страна, пак, пациентите имаат неспорна потреба токму од овој вид на услуги, имајќи предвид дека фармацевтите се најдостапни здравствени работници кои имаат професионален и посветен пристап. Шестото прашање од компаративната анализа, кое се однесува на евалуација на ставовите на трите групи испитаници за вклучувањето на фармацевтите од аптеките во едукацијата на пациентите за менување на животните навики (исхрана и регулирање на телесната тежина, престанок на пушење и консумација на алкохол и проценка на ризик-факторите за одредени хронични заболувања), е позитивно прифатено од сите испитанички групи. Во однос на седмото споредбено прашање, кандидатката го издвојува мислењето на пациентите, според кое е потребна поголема соработка помеѓу фармацевтите и лекарите за успешно управување со хроничните болести. Сите здравствени работници се единствени во ставот дека фармацевтите треба проактивно да се вклучат во информирање на лекарите и пациентите за сите дополнителни активности кои ги спроведуваат во аптеките. Во таа насока, кандидатката ја потенцирала важноста од проактивноста на фармацевтите кои треба да ги истакнат своите вредности, компетенции и вештини и да ги промовираат дополнителните фармацевтски услуги кои ги вршат во аптеките.

Во однос на ставовите и мислењата на фармацевтите од вториот дел од прашалникот за оваа група на испитаници (326 евалуирани фармацевти), кандидатката потенцира дека од добиените резултати може да се извлечат суштински заклучоци за спремноста, едуцираноста, ставот и мотивираноста на фармацевтите за спроведување фармацевтска грижа кај пациентите со хронични болести. Вториот дел од прашалникот за фармацевти започнува со осмото прашање со кое се истражува кој најсоодветно би ги оспособил фармацевтите за

спроведување на фармацевтската грижа кај пациентите со хронични заболувања. Најголемиот дел од анкетираните фармацевти сметаат дека високообразовните институции, како што е Фармацевтскиот факултет во соработка со универзитетските клиники, најсоодветно би ги оспособиле за спроведување на фармацевтската грижа кај пациентите со хронични заболувања. Резултатите од деветтото прашање од прашалникот за фармацевти, кое се однесува на евалуација на можностите и условите во аптеките за спроведување на фармацевтската грижа, како и резултатите од десеттото прашање кое се однесува на согледување на заинтересираноста на фармацевтите за спроведување на дополнителната фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања, кандидатката ги нагласува како исклучително важни за истражувањето. Резултатите покажале дека ~50 % од испитаниците фармацевти се на мислење дека можат да обезбедат услови (место и простор) во аптеките за спроведување на овие дополнителни услуги, но интересен е податокот дека доколку имаат услови, ~76 % од нив се изјасниле дека се заинтересирани да ги спроведуваат овие услуги за пациентите со хронични заболувања.

Единаесеттото прашање се однесува на спремноста на фармацевтите за давање на ваков тип услуги на пациентите со хронични заболувања. Согласно со одговорите, половина од фармацевтите се чувствуваат подготвени, а останатите сметаат дека им е потребна дополнителна едукација. Овие резултати упатуваат дека е неопходно да се дефинираат компетенциите кои треба да ги поседува фармацевтот за имплементација на ваков тип фармацевтска грижа и оттука, да се избере соодветен едукациски модел по кој тие би се едуцирале и оспособиле за овие напредни фармацевтски услуги. Согласно со одговорите на дванаесеттото и тринаесеттото прашање, фармацевтите се на мислење дека фармацевтската грижа за пациентите со хронични заболувања треба да се вреднува со дополнителен надомест, истакнувајќи ја вредноста на дадениот професионален совет, но и за придобивките за пациентите кои би ги добиле од овие услуги. Имено, над 90 % од испитаниците фармацевти сметаат дека на ваков начин ќе се намалат вкупните здравствени трошоци и бројот на здравствени услуги од другите здравствени професионалци, а истовремено ќе се зголеми мотивираноста на фармацевтите континуирано да инвестираат во своето знаење и компетенции.

На вториот дел од прашалникот за фармацевти, дополнително е направена анализа на главните компоненти со цел да се извлечат прашањата со најголема варијабилност и понатаму да се откријат можните трендови во одговарањето на овој дел од прашалникот што е поврзан со проценката на условите, заинтересираноста и спремноста на фармацевтите, како и вреднувањето на ефектите од фармацевтската грижа. Резултатите од анализата укажуваат дека се детектирани два кластера на испитаници согласно со одговорот дали имаат или немаат услови за ваков тип на услуги во аптеката, при што~70 % од фармацевтите припаѓаат на групата што смета дека може да се обезбедат услови за спроведување на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања и се чувствуваат подготвени за нејзино спроведување.

Добиените податоци од спроведените испитувања се прикажани во слики, табели и прегледни дијаграми, од каде што лесно може да се согледаат клучните информации што овозможуваат веродостојно толкување на добиените резултати од реализираното истражување. Дискусијата за добиените резултати е аргументирана, со соодветно толкување и споредба на добиените резултати од истражувањето со теоретски сознанија и литературни податоци од областа.

Во **заклучокот** се сумирани согледувањата што произлегуваат од поставените цели, извршените истражувања и добиените резултати. Изнесени се заклучоци за секој поединечен сегмент од истражувањата. Во овој дел, кандидатката сумира дека со докторскиот труд се опфатени сите аспекти за воспоставување соодветен добро карактеризиран, сеопфатен, научен пристап за испитување на местото и улогата на фармацевтот во аптека во управувањето со хроничните заболувања.

Согласно со предлог-насоките за градење на стратегија, со воведувањето на напредните фармацевтски услуги, фармацевтите ќе го надградат и осовременат значењето на здравствената установа – аптека во рамките на целосниот здравствен систем, ќе овозможат поцврста интеграција на фармацевтите во здравствениот тим и ќе можат да изградат релација со пациентите втемелена на поголема доверба и директна соработка.

Исто така, во предлог-насоките, кандидатката наведува дека е неопходно да се дефинираат компетенциите кои треба да ги поседуваат фармацевтите за спроведување на напредните фармацевтски услуги, даден е предлог за финансирање на овие активности како надоместок за фармацевтите за извршената здравствена услуга. Тоа би било пресвртница за растот и развојот на фармацевтските услуги за подобра грижа за пациентите со хронични заболувања, што, секако, има крајна цел временски и финансиски заштеди во здравствениот систем. Фармацевтите ќе имаат можност на здравствените фондови да им укажат на концепти за намалување на здравствените трошоци како резултат на рационално користење на лековите од страна на пациентите, како и вкупните трошоци за третман на компликациите од хроничните заболувања.

Придобивките за матичните лекари ќе се состојат во тоа што ќе се рационализира обемот на нивната работа во делот на управувањето со терапијата со лекови, а пациентите ќе бидат подобро едуцирани за терапијата која ја примаат, како правилно и навремено да ги употребуваат своите лекови и како полесно да ги решаваат предизвиците во справувањето со својата хронична болест.

Прегледот на користената **Литература** е според редоследот на цитирање на литературата во текстот на дисертацијата. Бројот на цитирани референци претставува солидна теоретска основа за изнесените сознанија. Во прилог, кандидатката приложува список на рецензирани оригинални научни трудови поврзани со проблематиката на докторската дисертација.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражувањето е согледување на моменталната состојба и идентификување на потребите за развој и проширување на фармацевтската грижа во РС Македонија и воведување на дополнителни фармацевтски услуги за пациентите со хронични заболувања, а со крајна цел – градење на стратегија за ефикасно фармацевтско управување на хроничните зболувања, како и поставување на нови стандарди и практики за соработка со другите професионални здравствени структури.

Кандидатката со изборот на предметот на истражувањето се определила да анализира актуелен и комплексен проблем, додека теоретската и практичната операционализација покажува дека успешно ја владее теоретската рамка, како и концепциските релации и терминологијата што произлегуваат од интердисциплинарниот пристап.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Хроничните болести се глобално распространети и претставуваат огромен социјално-економски проблем и предизвик за светската заедница. Многу пациенти со хронични заболувања имаат тешкотии во следењето на препораките за соодветен третман на својата хронична болест. Последиците од непридржувањето кон пропишаната терапија се неефективни третмани, лоши исходи по здравјето и оттука, зголемени трошоци за здравствената заштита. Во таа насока, атхеренцата е важен модификатор на ефикасноста на здравствениот систем и имплементирањето на напредните фармацевтски услуги за подобрување на атхеренцата може да има далеку поголемо влијание врз здравјето на пациентите, отколку какво било друго подобрување на медицинските третмани. Современите фармацевти го насочуваат фокусот кон грижата за пациентите и проширување на фармацевтските услуги во аптеките. Со имплементација на напредните когнитивни фармацевтски услуги се подобрува фармацевтската грижа, се подобрува ефективноста на фармакотерапијата и се намалуваат трошоците во здравството. Визија на Фармацевтската група на Европската Унија (ЕУ) (Pharmaceuthical Group of European Union-PGEU) е дека фармацевтите е потребно да бидат видени и вреднувани и да бидат препознаени како клучни здравствени работници кои даваат динамичен, одржлив и еволутивен придонес кон здравјето на поединците/пациентите и заедниците, со цел зајакнување на здравствените системи во рамки на ЕУ.

Краток опис на применетите методи Евалуацијата на мислењата е добиена преку анкетирање на трите групи испитаници, односно фармацевти, лекари (матичните лекари и специјалистите) и пациенти со користење на анонимни прашалници. Кандидатката ги има детално наведено сите методи потребни за обработка на одговорите од прашалниците за пациентите, лекарите и фармацевтите. Согласно со природата на одговорите, податоците од сите три анкетни прашалници се категоризирани во номинални и ординални категории. Одговорите од секое прашање се првично обработени со дескриптивни статистички алатки. Потоа, направена е анализа на главни компоненти (Principal Component Analysis) на сите одговори од анкетниот прашалник, при што се екстрахирани две главни компоненти (ортогонално поставени во рамнина). Прашањата кои имаат најголеми скорови, кандидатката ги сметала за клучни прашања кои се носители на варијациите во одговорите на анкетните прашалници и од нив се направени соодветни целини поврзани со одредени ставови на испитаниците. Потоа, согласно со дадените одговори на наведените групи од прашања, направено е хиерархиско кластерирање на испитаниците со користење на центроиден пристап и/или к-средни вредности. Направена е и демографска анализа на посебните кластери на испитаници, а дополнително, одговорите на испитаниците на секое од прашањата се графички претставени согласно со припадноста во соодветниот кластер. Пирсонова корелациска анализа, со ниво на значајност од 0,05 или 0,01, е направена со цел да се определи можната поврзаност помеѓу одговорите кои испитаниците ги даваат на различни прашања, т.е. да се откријат евентуалните трендови на давање одговори.

Исто така, направена е и статистичка анализа на 7 сродни прашања од анкетите направени за целните групи, односно за пациентите, лекарите и фармацевтите. Со оглед на ординалната природа на податоците, за статистичка споредба на одговорите од трите групи на испитаници, кандидатката искористила непараметарски тестови. Во овој случај, употребен е тестот на Крускал-Волис (ниво на значајност 0,05), а доколку помеѓу групите била детектирана статистички значајна разлика во одговорите, податоците кандидатката дополнително ги обработила со поединечни пост-хок Мен-Витни тестови (корегирани по Бонферони) со цел да се опише природата на интеракциите меѓу поединечните групи. Резултатите од анализираните податоци се прикажани графички и табеларно. Статистичката обработка на одговорите е направена со соодветен софтвер за статистички операции (SPSS Statistics 23, IBM, САД).

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Дисертацијата поднесена од м-р Донка Панков, „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтската грижа кај пациентите со хронични заболувања“, претставува истражување во полето медицински науки и здравство, област: фармација.

Сите испитаници во истражувањето ги препознаваат предностите на проширената фармацевтската грижа за пациентите со хронични заболувања од аспект на појаснување на потребата од користење на лековите и придржување кон медикаментозната терапија. Поддршката за пациентите со хронични заболувања е најпотребна при започнување терапија со нов лек, за подобрување на атхеренцата кај пациентите кои примаат повеќе различни лекови, за максимизирање на придобивките и исходот од терапијата и минимизирање на ризикот и несаканите ефекти од употребата на лековите. Фармацевтите имаат позитивен став за нивно вклучување во едукацијата и проширување на фармацевтските услуги и грижа. Најголем дел од испитаните пациенти и фармацевти сметале дека фармацевтите треба да ги прошират услугите за едукација и правилното користење на медицинските помагала додека пак лекарите сметале дека овие услуги даваат само одредени специфични придобивки, неприфаќајќи го целосното вклучување на фармацевтите во грижата за пациентите. Ставот на повеќето лекари и дел од фармацевтите за мерење на крвниот притисок и крвните параметри е резервиран, додека пациентите имаат неспорна потреба токму од овој вид на услуги. Сите испитаници се согласни фармацевтот да се вклучи во едукација на пациентите насочена кон промена на животните навики и намалување на ризик факторите за одредени хронични заболувања. Неопходна е комуникација и постојана размена на информации помеѓу сите групи испитаници, а фармацевтите треба да бидат проактивни и да ги истакнат своите компетенции и вештини и да ги промовираат дополнителните фармацевтски услуги кои ги обавуваат во аптеките. Најголем број од анкетираните фармацевти сметаат дека можат да се обезбедат услови за да се спроведат дополнителните фармацевтски услуги, подготвени се да излезат од сегашната рамка, да ги покажат своите знаења и спремност во испораката на услуги кај пациентите со хронични заболувања. Значајно е помала групата на фармацевти кои немаат сопствена визија или воопшто не размислуваат и не знаат за можноста за проширување на фармацевтската грижа во аптека. Позитивниот став од страна на нашите фармацевтите е од исклучителна и непроценлива вредност за градење на стратегијата за имплементација на фармацевтската грижа кај пациентите со

хронични заболувања. Фармацевтите ги преферираат високообразовните институции за нивна едукација за успешно управување со хроничните заболувања. Фармацевтите сметаат дека фармацевтската грижа за хроничните заболувања треба да се вреднува со дополнителен надомест што би било најдобрата можност за фармацевтите и пресвртница за растот и развојот на фармацевтските услуги за подобра грижа за пациентите. Грижата за хронични пациенти би обезбедила временски и финансиски заштеди во здравството, мотивираност на фармацевтите континуирано да инвестираат во своето знаење и компетенции како и сигурна потврда дека нивната работа е вреднувана и признаена. Мнозинството од фармацевтите сметаат дека придобивките од воведувањето на дополнителна фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања се големи, поткрепени со намалување на вкупните здравствени трошоци и бројот на здравствени услуги од другите здравствени професионалци. Крајната цел на современата фармацевтската практика е пациентите да добијат најдобра здравствена заштита, која воедно ќе биде и економски најисплатлива. Од сите овие резултати и дополнителни анализи произлегуваат предлог-стратешки активности и насоки за градење стратегија за развој и проширување на фармацевтската грижа во РС Македонија за имплементирање на напредните когнитивни фармацевтски услуги.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Донка Панков, со наслов „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања“, претставува истражување во научната област фармација.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација е фокусирана на имплементација на напредни когнитивни фармацевтски услуги во аптеките во РС Македонија со кои се унапредува фармацевтската грижа, се подобрува ефективноста на фармакотерапијата и се намалуваат трошоците во здравството.

Темата на оваа докторска дисертација е актуелна во насока на осовременување, надградување и проширување на улогата на фармацевтот и преку практикување на современа, професионална фармацевтска грижа, при што фармацевтот е клучен партнер и во прва линија на мултидисциплинарната нега на пациентите со хронични заболувања.

Со оваа докторска дисертација изработени се Предлог-насоки за градење стратегија на РС Македонија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања за периодот 2021 – 2025 година, што претставува значаен научен придонес во ова поле.

На овој начин е задоволен критериумот резултатите од научните истражувања да даваат можност за практична примена.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Донка Панков со наслов „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувња“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката ги објавила следниве трудови поврзани со докторската дисертација:

Pankov, D., Simonoska Crcarevska, M., Mladenovska, K., Slaveska Raicki, R., Glavas Dodov, M., 2016. Role of community pharmacists in chronic disease management in the Republic of Macedonia. Macedonian Pharmaceutical Bulletin 62 (suppl): 621 – 622.

Ilieva, N., Nikolova, M., Pankov, D., Simonoska Crcarevska, M., Mladenovska, K., Shalabalija, D., Mihailova, Lj., Gigopulu, O., Glavas Dodov, M., 2019. Antibiotic consumption and management at Kochani General Hospital. Macedonian Pharmaceutical Bulletin 65 (2), in press.
Pankov, D., Geskovski, N., Simonoska Crcarevska, M., Glavas Dodov, M., 2020. Community pharmacists' attitudes toward the chronic disease management in R.N. Macedonia. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (Suppl 1): 229 – 230.

**Заклучок и предлог**

По деталната анализа на докторската дисертација со наслов „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувња“, поднесена од кандидатката м-р Донка Панков, Комисијата заклучува дека студијата претставува самостоен научноистражувачки труд од областа на фармацијата.

Резултатите од испитувањата опфатени во оваа дисертација се оригинални и даваат придонес во осовременувања на националната аптекарската практика и препознавање на фармацевтите како здравствени работници со значајна улога во управувањето со хроничните болести. При изработката на трудот, обработени се голем број литературни податоци, користен е рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е аргументирана, а заклучоците се конкретно изведени. Од добиените резултати и заклучоци, изведени се Предлог-насоки за градење стратегија на РС Македонија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања за периодот 2021 – 2025 година“, што претставува значаен научен придонес во ова поле. Можноста за искористување на резултатите во апликативни цели го задоволува критериумот на научни истражувања со можност за практична примена.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Донка Панков со наслов „Градење на стратегија за имплементација на фармацевтска грижа кај пациентите со хронични заболувања“.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Главаш Додов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Стерјев, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Гешковски, член, с.р.**
**Проф. д-р Рената Славеска Раички, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД ПО ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ФАРМАКОЕКОНОМИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ќирил Начков | Економски проспекти за производство и промет на препарати на база на пчелен отров во Република Северна Македонија | | Проф. д-р Зоран Стерјев | 02-591/10 од 04.12.2020 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. **ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ојa Мемед | Развој и оптимизација на перорална дозирана форма со модифицирано ослободување со примена на принципот „Квалитет преку дизајн“ | Design, development and optimization of modified release oral dosage form by application of Quality By Desing (QbD) approach | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-427/4 од 30.09.2020 |
| 2 | Љубица Михаилова | Дизајн, формулација, карактеризација и и *in vivo* студии на ефикасност на липидни нано-системи со вграден екстракт на *Cannabis sativa* за потенцијален третман на епилепсија | Desing, formulation, characterization and *in vivo* efficacy studies of lipid nano-systems loaded with *Cannabis sativa* extract for potential treatment of epilepsy | Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска | 02-591/5 пд 04.12.2020 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ПО ФАРМАЦЕВТСКА РЕГУЛАТИВА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Благица Самарова Стоев | Имплементација на ЕУ легислативата за фалсификувани лекови: аспекти на фармацевтската индустрија | Implementation of EU legislation on counterfeit/falsified medicines: aspects of the pharmaceutical industry | Проф. д-р Катерина Брезовска | 02-591/8 од 04.12.2020 |
| 2. | Елена Младеновска | Фармаковигиланца на хербални и традиционални хербални лекови | Pharmacovigilance of herbal and tradicional herbal drugs | Проф. д-р Зорица Наумовска | 02-591/9 од 04.12.2020 |
| 3. | Љинда Шабани | Контрола и следење на температурни услови во ланецот на снабдување со лекови | Control and monitoring of temperature conditions in supply chain of medicines | Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска | 02-642/4 од 29.12.2020 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички труд по ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Никола Коцев | Примена на технологии на 3Д-печатење во фармацевтски цели – достигнувања, предизвици и перспективи | 3D printing technology in pharmaceutical applications-achievements, challenges and perspectives | Проф. д-р Никола Гешковски | 02-295/18 од 07.07.2020 |
| 2. | Катерина Костоска | Промена на современи ексципиенси во производството на биолошки производи | Application of modern excipients in the production of biological products | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-427/6 од 30.09.2020 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**2. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Мерита Ејупи | „Влијанието на глобалната пандемија КОВИД-19 врз социјално-економската положба на граѓаните на Република Северна Македонија“ | The impact of the global pandemic COVID-19 on the socio-economic situation of the citizens in the Republic of North Macedonia | проф. д-р Светлана Трбојевиќ | 10-183/1 од 14.1.2021 |
| 2. | Филип Талевски | „Јоанис Колетис и Големата идеја“ | Ioannis Kolettis and the Great idea | проф. д-р Далибор Јовановски | 10-182/1 од 14.1.2021 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Ана Ѓорѓевиќ | „Поврзаност помеѓу вредностите, цртите на личноста, тивкото его, смислата на животот и задоволството од животот кај студентите“ | „Relationship between values, personal traits, quiet ego, meaning in life and life satisfaction among students“ | Проф. д-р Огнен Спасовски | 14. 1. 2021<br>10-184/1 |

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНГЛИСТИКА, ПРЕВЕДУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 1.12.2020 година, за избор на вонреден професор во наставно-научните области англистика (64004) – (Англиски јазик (В) 3 и Англиски јазик (В) 4), преведување (64002) (Преведување од македонски јазик (А) на англиски јазик (Б) и обратно 1 и 2, Преведување од англиски јазик (В) на македонски јазик (А) 1 и 2 и Преведувачки алатки 1) и толкување (64029) (Толкување од македонски јазик (А) на англиски јазик (Б) и обратно 3 и 4, Толкување од англиски јазик (В) на македонски јазик (А) 3 и 4, и врз основа на Одлуката бр. 04-1579/10 од 24.12.2020 година на Наставно-научниот совет, донесена на 54. редовна седница одржана на 23.12.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Солзица Поповска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Соња Китановска-Кимовска, вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска, вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.
Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на вонреден професор во научните области англистика (64004) – (Англиски јазик (В) 3 и Англиски јазик (В) 4), преведување (64002) (Преведување од македонски јазик (А) на англиски јазик (Б) и обратно 1 и 2, Преведување од англиски јазик (В) на македонски јазик (А) 1 и 2 и Преведувачки алатки 1) и толкување (64029) (Толкување од македонски јазик (А) на англиски јазик (Б) и обратно 3 и 4, Толкување од англиски јазик (В) на македонски јазик (А) 3 и 4, во предвидениот рок се пријави д-р Владимир Цветкоски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Владимир Цветкоски е роден на 30.11.1981 во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 2000 година. Со високо образование се стекнал на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2005 година. Дипломирал со просечен успех 8,77.
Кандидатот активно се служи со англискиот, бугарскиот и шпанскиот јазик.
Во учебната 2006/2007 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на студиската програма Наука за книжевноста, насока: англиски јазик. Студиите ги завршил во април 2009 година, со просечен успех 10,00. На 23.4.2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Џон Драјден од аспект на теоријата на преведувањето*.
Докторската дисертација ја пријавил во септември 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Преведувачката поетика на Езра Паунд и теоријата и практиката на преведувањето на стандарден македонски јазик* ја одбранил на 10.10.2014 година пред Комисија во состав: проф. д-р Солзица Поповска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Зоран Анчевски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Драги Михајловски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Владимир Мартиновски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и проф. д-р Виолета Христовска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ . Со тоа се стекнал со научниот

степен доктор на филолошки науки од научната област наука за книжевноста - англистика.
На шеесет и шестата редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 1.6.2016 година, донесена е Одлука бр. 04-101/8 од 3.6.2016, со која кандидатот е избран во звањето доцент по предметот Англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во областите англистика и преведување.
Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1121 од 15.4.2016 година.
Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1121 од 15.4.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, кандидатот д-р Владимир Цветкоски изведе настава и вежби во првиот циклус студии на студиската програма Преведување и толкување, по следниве предмети како што следува според учебна година:

- во учебната 2016/2017 година: Симултано толкување од македонски на англиски јазик 1, Симултано толкување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 1, Англиски јазик 1Б, Англиски јазик 3В, Симултано толкување од македонски на англиски јазик 2, Симултано толкување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 2, Англиски јазик 2Б, Англиски јазик 4В;
- во учебната 2017/2018 година: Преведување од македонски на англиски јазик 1, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 1, Англиски јазик 3В, Преведување од македонски на англиски јазик 2, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 2, Англиски јазик 4В;
- во учебната 2018/2019 година: Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 3, замена за Соња Китановска Кимовска (породилно отсуство), Преведување од македонски на англиски јазик 1, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 1, Англиски јазик 3В, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 4, замена за Соња Китановска Кимовска (породилно отсуство), Преведување од македонски на англиски јазик 2, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 2, Англиски јазик 4В;
- во учебната 2019/2020 година: Преведување од македонски на англиски јазик 1, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 1, Англиски јазик 3В, Преведувачки алатки 1 (теорија и вежби), Преведување од македонски на англиски јазик 2, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 2, Англиски јазик 4В;
- во учебната 2020/2021 година: Преведување од македонски на англиски јазик 1, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 1, Англиски јазик 3В, Преведување од македонски на англиски јазик 2, Преведување од англиски (Б/В) јазик на македонски јазик 2, Англиски јазик 4В.

Уште пред избувнувањето на пандемијата COVID19, за потребите на усвојување на новите содржини на предметите Преведување од македонски на англиски јазик и обратно 1 и 2, кандидатот изработил онлајн портали со предавања и вежби што можат да се најдат тука -> https://sites.google.com/view/preveduvanje .
Кандидатот бил ментор на 21 дипломски труд и учествувал како член во комисија за оцена или одбрана на 30 дипломски труда.
Повеќе детали за наставно-образовната дејност на д-р Владимир Цветкоски може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

**Научноистражувачка дејност**
Паралелно со својата наставна дејност, д-р Владимир Цветкоски трајно работи на своето научно усовршување, истражувајќи прашања од областа на книжевното преведување и методологија, лингвистиката и компјутерската лингвистика.
Д-р Владимир Цветкоски објавил вкупно 9 научни труда од областа на преведувањето и компјутерската лингвистика, од кои:

- 1 научен труд (како коавтор) со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во електронската база на списанија со трудови SCOPUS (исто така објавено во земја на ЕУ или ОЕЦД);
- 1 научен труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не надминува 2/3 од вкупниот број членови;
- 4 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји;
- 1 научен труд објавен во зборник на трудови на високообразовна установа;
- 1 научен труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир;
- 1 научен труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание.

Научноистражувачката актива на д-р Владимир Цветкоски во овој период ја краси објавувањето на една **монографија** (Цветкоски, Владимир. 2017. **За книжевното преведување (традуктолошки портрети)**, „Макавеј“, Скопје. ISBN - 978-608-205-412-4). Книгата претставува прв, кохерентен третман на македонските теории на преведувањето од крајот на Втората светска војна до втората деценија од 21 век. Во неа се прикажани најистакнатите преведувачи-теоретичари кои со својот теоретски и практичен придонес во спомнатиот период оставиле траен белег во македонската традуктологија. Дадени се портрети на Михаил Петрушевски, Блаже Конески, Венко Марковски, Георги Сталев, Богомил Ѓузел и Драги Михајловски. Претставени се и гледиштата на авторите на позначајните магистерски и докторски трудови од областа на преведувањето, како и ставовите на учесниците на меѓународните собири на Друштвото на книжевните преведувачи на Македонија.
Освен тоа, д-р Цветкоски во својот доцентски период е раководител на национален проект (**национален проект „Глаголски и видски конјугатор - vigna.mk**“, со поткрепа на Министерството за култура на РСМ како проект од национален интерес за културата во 2019 година (веб-апликација за препознавање на глаголскиот вид и конјугација на видски парови од македонскиот јазик според Правописот на македонскиот јазик), 2019. Членови: Владимир Цветкоски (главен истражувач / раководител), Катарина Ѓурчевска Атанасовска, истражувач и Соња Китановска Кимовска, истражувач).
Во 2017 година, д-р Владимир Цветкоски одржал 2 предавања по покана на Универзитетот АРЕЛ од Република Турција.

1. Предавање Using CAT tools, MT and Corpora in EU Acquis Transaltion одржано на Универзитетот АРЕЛ - Тепекент кампус, Република Турција, 15 март 2017
2. Предавање Insitutions and literary translation in Macedonia: The Stars of World Literature – a state project одржано на Универзитетот АРЕЛ - Тепекент кампус, Република Турција, 14 март 2017.

Меѓу поважните трудови го издвојуваме трудот со наслов **Зависните имперфектни да-конструкции и нивните англиски корелати,** објавен во словенечкото списание *Slavia Centralis,* во кој кандидатот се појавува како коавтор. Трудот ги опишува зависните имперфектни да-конструкции (ЗИ да-конструкции) во македонскиот јазик, разгледувајќи ги нивните значење, употреба и англиски корелати. Се опишува нивната употреба, нивните семантичко-функционални својства и нивните соодветници во

англискиот јазик. Укажани се можните сличности или разлики во двата јазика во поглед на значењето и употребата на аналогните форми. Почетната хипотеза на трудот е дека освен во протазата на иреалниот, контрафактивен услов, ЗИ да-конструкциите се среќаваат во други контексти со други значења кои се дадени и објаснети.

Трудовите “Generating aspect-oriented verb paradigms in Macedonian“, “Aspect-oriented conjugation in Macedonian“, „Усвојување глаголски парадигми од странски ученици“, „Видска конјугација за усвојување глаголски парадигми“, „Кон поцелосна слика на македонскиот глаголски систем - vigna.mk“ и „Две нови јазични помагала на Интернет“, чиј единствен автор е д-р Цветкоски, претставуваат корпус од трудови што произлегуваат од националниот проект **„Глаголски и видски конјугатор - vigna.mk**“, со поткрепа на Министерството за култура на РСМ како проект од национален интерес за културата во 2019 година. Целта на овој проект беше изработка на веб-апликација за препознавање на глаголскиот вид и конјугација на видски парови од македонскиот јазик според Правописот на македонскиот јазик, која авторот д-р Цветкоски ја спроведе во соработка со д-р Ѓурчевска Атанасовска и д-р Китановска Кимовска.

Во “Generating aspect-oriented verb paradigms in Macedonian“ се открива теоретската заднина зад новиот онлајн видски конјугатор на македонскиот јазик, што се наоѓа на линкот asp.vigna.mk, со опишување на тековната состојба на македонскиот глаголски систем од аспект на традиционалната видска теорија. Истражувањето и развојот на таквото интернет-помагало е мотивирано од недостатокот на формални описи на проблеми поврзани со глаголскиот вид во учебниците и граматиките на современиот македонски јазик.

Во “Aspect-oriented conjugation in Macedonian“ се прикажува тековната состојба во современиот македонски глаголски систем од аспект на видската теорија и тврди дека на странските изучувачи на македонскиот јазик, но и на родените говорители ќе им биде уште полесно изучувањето на македонските глаголски парадигми со помош на видската конјугација. Прикажана е демо-верзија на видски конјугатор поставен на интернет-адресата asp.vigna.mk.

Во „Усвојување глаголски парадигми од странски ученици“ се предлага изучување видски парови и нивните особености како метод за полесно изучување и генерирање глаголски форми од странски изучувачи на македонскиот јазик. Ова станува возможно откако трудот возобновува едно одамна заборавено отфрлање на поимот аористна основа во класификацијата на глаголите од страна на Блаже Конески во неговата Граматика... (точка 324). Трудот го тврди спротивното, т.е. дека видските парови може да се класифицираат правилно само имајќи предвид еден таков концепт затоа што тој провејува не само во основните речнички форми на еден глагол туку и во целиот глаголски систем. Оттаму, бидејќи огромното мноштво глаголи може да се класифицираат во видски парови, методологијата предлага студентите да генерираат ограничен број основни глаголски деривати што ќе служат за генерирање на сите можни глаголски форми (прости и сложени), т.е. пред да ја разгрнат целата парадигма на еден глагол. Се начнува прашањето за највосприемливиот начин на изучување видски парови и се дискутира минималниот речнички податок доволен за развивање полна парадигма. Методологијата е тестирана и применета во најновата верзија на интернет конјугаторот vigna.mk (2017). По пат на изучување на видскиот пар како основен податочен влез во развивањето глаголска парадигма, студентите можат да ги имаат на располагање сите лексички податоци потребни за да состават каква-годе глаголска форма (проста и сложена) од огромно мноштво глаголи. Секако, постојат исклучоци (дефективни глаголи, некои модални и др.,) но се сведуваат на квантитативно занемарливи примероци.

Во „Видска конјугација за усвојување глаголски парадигми“ се даваат резултати од анализата на современиот глаголски систем според видската теорија. Користени се софтверските технологии: XAMPP-пакетот (PHP, MySQL и неговиот интерфејс *phpmyadmin*, јазикот SQL за упатување прашалници кон серверот MySQL), уредувачот Notepad++ (со регуларни изрази PCRE). Резултатите отсликуваат глаголски систем со

висок степен на видски паралелизам (над 90 % од глаголите имаат видски парници), а застапени се и итеративни тројки, како и несвршени глаголи без видски парници и двовидски глаголи. Видскиот пар е земен за минимален влез при изведување целосна парадигма. Се обрнува внимание на непарните глаголи (оние што немаат видски парници). Се дискутираат поимите апсолутен наспроти релативен видски соодност. Видската конјугација дава големи можности за усвојување и проучување на глаголските парадигми како од странските изучувачи, така и од родените говорители на македонскиот јазик. Претставен е видскиот конјугатор asp.vigna.mk, апликација за видска конјугација.

Во „Кон поцелосна слика на македонскиот глаголски систем - vigna.mk“ се претставува апликацијата за автоматска конјугација – vigna.mk како нов обид да се добие прегледна слика за глаголскиот систем, имајќи ја предвид видската предодреденост. Таа користи морфолошко-деривациски алгоритами, го препознава глаголскиот вид и дури менува глаголи кои, или не може да ги препознае, или сè уште не постојат во јазикот. Одречниот заповеден начин, глаголската именка и глаголскиот прилог кај свршените глаголи се решени по пат на изведување видски парници, со што може да се каже дека софтверот оди чекор понатаму и го прикажува глаголскиот систем, онаков каков што го користат говорителите во секојдневното општење.

Трудот „Две нови јазични помагала на Интернет“ претставува панорамски преглед на двете јазични помагала за глаголска конјугација на интернет (asp.vigna.mk и vigna.mk), во која се опишани изгледот, разликите во функционалностите и начинот на кој секоја апликација работи одделно. Трудот е дел од националниот проект **„Глаголски и видски конјугатор - vigna.mk**“, со поткрепа на Министерството за култура на РСМ како проект од национален интерес за културата во 2019 година.

Во „Ѓузеловите поетски и преведувачки гледишта и „Пеење прво“ од Езра Паунд (портрет на еден поет-преведувач)“ се претставуваат покрупните и позначајните преведувачки потфати на академик Богомил Ѓузел, првиот преведувач на Езра Паунд во Македонија, и се доведуваат во корелација со „Пеењето прво“ од Езра Паунд.

Во „Новото и парафразата во преведувањето кај Георги Сталев“ се дискутираат ставовите за преведувањето на македонскиот поет, романсиер, драматург, преведувач и универзитетски професор, Георги Сталев Поповски, изведени од неговиот есеј од 1963 година со наслов „За преведувањето поезија“ во контекст на Драјденовата тројна поделба на преведувањето на метафраза, парафраза и имитација. Се обрнува внимание и на Сталевата преведувачка практика (особено преведување јампска поезија) додека во есејот се анализирани извадоци од Дантевата *Божествена комедија*, и Пушкиновото дело *Евгениј Онегин* на македонски јазик.

Од изборот во звањето доцент до денес, д-р Владимир Цветкоски со свои трудови зел учество на повеќе меѓународни научни конференции, симпозиуми и научни собири. Како поважни ги издвојуваме:

- X македонско-северноамериканска конференција за македонистика, Охрид - Конгресен центар, 30.08 - 01. 09. 2018 година / [редакциски одбор Марјан Марковиќ уредник, ...и др.], Скопје: Универзитет @Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“. ISBN 978-608-234-065-4
- Меѓународна научна конференција ,,Минатото на јазичниот свет - денес и утре" одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година, во Институтот за македонски јазик ,,Крсте Мисирков" - Скопје / [уредувачки одбор Лидија Тантуровска (претседател на Одборот) ... и др.] Скопје : Институт за македонски јазик ,,Крсте Мисирков”. ISBN 978-608-220-052-1
- XLIII научна конференција на XLIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура: (од 25 до 26 јуни 2016 во Охрид) / [редакциски одбор Јан Соколовски ... и др.], Скопје: Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. ISBN 978-9989-43-391-7
- Меѓународна научна конференција (2018 ; Велес) Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик - Рацин и македонскиот јазик, 14-15 јуни, 2018 година, Велес. Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

- Научен собир *На почетокот беше зборот...* (2017; Скопје), одржан на 9 – 10 мај 2017 година / редактор Снежана Велковска – Скопје. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (Едиција во чест на Благоја Корубин „Јазикот наш денешен“; кн. 29), стр. 232. ISBN 978-608-220-047-7.
- Меѓународна научна конференција ,,Минатото на јазичниот свет - денес и утре" одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година, во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

Повеќе детали за научноистражувачката дејност на д-р Владимир Цветкоски може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Владимир Цветкоски е активно вклучен во стручно-апликативната работа на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Тој е автор на книга од стручна област:

Цветкоски, Владимир, 2020. *Паундовиот Омаж за Секст Пропертиј*. Скопје, Дата Понс, 2020. ISBN - 978-608-222-122-9.

Книгата е прво, двојазично и критичко издание на поемата *Омаж за Секст Пропертиј* од Езра Паунд, во превод на македонски, со коментар и предговор, по повод 100-годишнината од нејзиното прво објавување во 1919 година во англиската периодика.

Исто така, во периодот додека е доцент, д-р Владимир Цветкоски работи и како книжевен преведувач, објавувајќи ги следните изданија во превод од англиски и бугарски на македонски јазик:

Стокер, Брам. 2020. Дракула: мистерија, Конгресен сервисен центар, Полица. Скопје. ISBN - 978-608-4850-58-8 (EN>MK)

Ренцов, Михаил, Биелик, Мирослав. 2020 Поезија / Михаил Ренцов ; [препев Владимир Цветкоски ... и др. ], Друштво на писатели на Македонија, Едиција Книжевен жезол: Празник на липите, ISBN 978-9989-855-33-7 (MK>EN)

Гранитски, Иван. 2020. *Рицари на духот*; [превод Тоде Илиевски, Оља Герасимовска-Цветкоска, Владимир Цветкоски], Дата Понс, Скопје. ISBN 978-608-222-124-3 (BG>MK)

Rendžov, Mihail. 2018. *Elegies of myself.* Struga : Struga poetry evenings, Едиција Плејади ISBN - 978-608-250-035-5 (MK>EN)

Палмер, Стивен Е., помл.; Кинг, Роберт Р. 2018. Југословенскиот комунизам и македонското прашање. Дата Понс, Скопје.
ISBN - 978-608-222-108-3 (EN>MK)

Икономов, Константин. 2017. По сенките на поплаките: поезија. „Макавеј“, Скопје. ISBN - 978-608-205-408-7 (BG>MK)

Стокер, Брам. 2016. Дракула [Звучен запис]: мистерија. Аудио CD. Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2016. ISBN - 978-608-249-297-1 (EN>MK)

Савова, Вања. 2016. Третото око (поезија), „Макавеј“, Скопје. ISBN - 978-608-205-407-0 (BG>MK)

Во периодот 2016 до 2020 година, д-р Цветкоски е уредник на 7 броја од списанието *Книжевно житие: списание за книжевност, уметност и култура* издание на ИД: „Макавеј“ од Скопје (2007- ISSN - 1857-5730) Броеви: 37.2017, 38.2017, 39.2017, 40.2018, 41.2018, 42.2019 и 43.2019

Понатаму, во доцентскиот период д-р Цветкоски бил член на организационен одбор на меѓународниот поетски собир Македонска книжевна визита во Софија, како што следува:

1. мај 2017, меѓународна уметничка манифестација: ***Десетта македонска книжевна визита во Софија***, организатори: Издавачка куќа „Макавеј“, Министерство за култура на РМ и Културно-информативниот центар на Македонија во Софија.
2. мај 2018, меѓународна уметничка манифестација: ***Единаесетта македонска книжевна визита во Софија***, организатори: Издавачка куќа „Макавеј“,

Министерство за култура на Р.М и Културно-информативниот центар на Македонија во Софија.
3. мај 2019, меѓународна уметничка манифестација: ***Дванаесетта македонска книжевна визита во Софија***, организатори: Издавачка куќа „Макавеј“, Министерство за култура на РМ и Културно-информативниот центар на Македонија во Софија.
Како активен учесник, д-р Цветкоски беше дел од следните обуки, конференции и собири:
- декември 2016: Standardising assessment in universities (обука во организација на Британски совет Македонија, Скопје)
август 2017. *Загубено/најдено во преводот* – учесник на симпозиумот посветен на теми од преведувањето. Меѓународна уметничка манифестација ***Струшки вечери на поезијата 2017***. Учесници: Владимир Цветкоски, Зоран Анчевски, Кирил Кадијски, Марко Фацини и Дејан Алексиќ.
август 2018. *Јас. Елегии / Elegies of Myself* – учесник на портретот на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“ 2017. Меѓународна уметничка манифестација ***Струшки вечери на поезијата 2018***. Учесници: Владимир Цветкоски, Јовица Тасевски – Етернијан и Михаил Ренџов.
17.11.2018, учесник на Шестата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи со регионално учество: „Судскиот превод и толкување во Македонија“, организатор: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија.
14.12.2019, учесник на Седмата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи: ***Безброј нијанси на книжевниот превод***, организатор: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија.
7.11.2020, учесник на Осмата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на Северна Македонија НА ПРАГОТ НА ИДНИНАТА: ШТО ПО 2020?, организатор: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија.
Во факултетски рамки, д-р Цветкоски бил член на следните комисии за избор во звање:
1. член на Комисија за избор на демонстратор за студиската програма Преведување и толкување (Симултано толкување од македонски на англиски јазик 1, Симултано толкување од англиски на македонски јазик 1, кандидат м-р Николче Мицкоски) (08-1477/1 од 2.7.2019);
2. член на Комисија за избор на демонстратор за студиската програма Преведување и толкување (Консекутивно толкување од македонски на англиски јазик Б2, Симултано толкување од македонски на англиски јазик Б2, Симултано толкување од англиски Б/В на македонски јазик 2, и ИКТ Терминологија, (кандидат м-р Николче Мицкоски) (08-73/2 од 28.1.2019);
3. член на Комисија за избор на демонстратор за студиската програма Преведување и толкување (Симултано толкување од македонски на англиски јазик Б1, Симултано толкување од англиски Б/В на македонски јазик 1, кандидат м-р Николче Мицкоски) (08-1723/2 од 10.9.2019).
Освен тоа, д-р Цветкоски бил член на следните факултетски комисии:
1. член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (студент Кристина Велковска, Решение бр. 10-145/2 од 27.1.2017);
2. член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (Александар Благојевиќ, Решение бр. 10-138/2 од 27.1.2017);
3. член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (Маја Василева, Решение бр. 10-156/2 од 27.1.2017);
4. член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (Сања Илиевска, Решение бр. 10-137/2 од 27.1.2017);

5. член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 4 (Фуркан Даци, Решение бр. 10-1611/2 од 20.6.2017);
6. член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 4 (Семра Вејселовска, Решение бр. 10-1610/2 од 20.6.2017);
7. претседател на Комисија за составување и прегледување на тестот за проверка на знаењата и умеењата на кандидатите што ќе конкурираат за запишување на студиската програма Преведување и толкување (во приемните рокови на учебната година 2019-2020), (Одлука бр. 10-44/23 од 21.6.2019 година);
8. член на наставно-научен колегиум од научната област наука за книжевноста од 1.10.2019 до 30.9.2021 година (Одлука бр. 02.1672/17 од 8.10.2019 година);
9. член на поткомисија за евалвација на студиски програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (Одлука бр. 02-20/10 од 23.1.2018 година);
10. член на Комисија за попис на библиотечен фонд при ПИТ, со состојба на 31.12.2018 година (Одлука бр. 05-2824/1 од 7.12.2018 година);
11. член на Комисија за попис на постојани средства со состојба на 31.12.2016 (Одлука бр. 05-1688/1 од 1.11.2016 година);
12. член на Комисија за спроведување испит по предметот Преведување од англиски на македонски јазик 4 Б за Наташа Костадиновска (22023), (Решение бр. 10-1439/2 од 8.6.2018 година);
13. член на Изборна комисија за избор на членови на Факултетското студентско собрание.

Повеќе детали за стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес на д-р Владимир Цветкоски може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Владимир Цветкоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Владимир Цветкоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научните области англистика, преведување и толкување.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Владимир Цветкоски да биде избран во звањето вонреден професор во научните области англистика, преведување и толкување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Соња Китановска Кимовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска, член, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Владимир Бранко Цветкоски

**Институција:**
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

**Научна област**: англистика, преведување и толкување

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,77<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: англистика (64004), преведување (64022) и толкување (64029); поле: наука за книжевноста (612); подрачје: хуманистички науки (6). | |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, ***<u>Scopus</u>***, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: **Slavia Centralis**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Scopus**<br>6. Наслов на трудот: ***Зависните имперфектни да-конструкции и нивните англиски корелати (Subordinated imperfective da-constructions in Macedonian and their English equivalents)***<br>DOI: 10.13140/RG.2.2.11336.96007<br>7. Година на објава: 2020 година | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1.Назив на научното списание: **Philological Studies 17, 2, (2019)**<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 36 членови, 6 Македонија, 7 Руска Федерација, 6 Хрватска, 6 Словенија, 6 Србија, 2 Украина, 1 Австрија, 1 Германија и 1 Босна и Херцеговина<br>3. Наслов на трудот: **Generating aspect-oriented verb paradigms in Macedonian**, DOI: 10.17072/1857-6060-2019-17-2-226-237<br>4. Година на објава: 2019 година | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: **XLIII меѓународна научна конференција на XLIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура** (од 25 до 26 јуни 2016 година во Охрид)<br>2.Назив на меѓународниот собир: XLIII меѓународна научна конференција на XLIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура<br>3.Имиња на земјите: САД, Полска, Финска, Русија, Македонија<br>4. Наслов на трудот: ***Ѓузеловите поетски и преведувачки гледишта и „Пеење прво“ од Езра Паунд (портрет на еден поет-преведувач)***<br>5. Година на објава: 2017 година<br><br>1.Назив на зборникот: **X македонско-северноамериканска конференција за македонистика**, орг. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ ISBN 978-608-234-065-4<br>2.Назив на меѓународниот собир: X македонско-северноамериканска конференција за македонистика, Охрид, Конгресен центар, 30.8. – 1.9.2018<br>3.Имиња на земјите: САД, Canada, Macedonia<br>4. Наслов на трудот: ***Aspect-oriented conjugation in Macedonian***<br>5. Година на објава: 2019 година<br><br>1.Назив на зборникот: **Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“**, одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година во „Отворените денови“ во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, ISBN 978-608-220-052-1 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2.Назив на меѓународниот собир: „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“<br>3.Имиња на земјите: Русија, Полска, Србија, Хрватска, Австрија, Словенија, Македонија, Косово<br>4. Наслов на трудот: ***Усвојување глаголски парадигми од странски ученици***<br>5. Година на објава: 2018 година<br><br>1.Назив на зборникот: **Меѓународна научна конференција *Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик - Рацин и македонскиот јазик***, ISBN 978-608-220-048-4<br>2.Назив на меѓународниот собир: Меѓународна научна конференција, *Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик - Рацин и македонскиот јазик,* 14-15 јуни 2018 година, Велес, Скопје, 2018, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Србија, Хрватска,<br>4. Наслов на трудот: ***Видска конјугација за усвојување глаголски парадигми***<br>5. Година на објава: 2019 година | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент,<br>датум и број на Билтен: Билтен бр. 1121 (15.4.2016) | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Соња Китановска Кимовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска, член, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Владимир Бранко Цветкоски**

**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“при УКИМ во Скопје**

**Научна област:** англистика, преведување и толкување
**Предмети:** Англиски јазик В3 и В4, Преведување од македонски јазик на англиски јазик (Б) и обратно 1 и 2, Преведување од англиски (В) на македонски јазик 1 и 2 и Преведувачки алатки 1

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава од прв циклус<br>Филолошки факултет: 70,8<br><br>(зим.сем. 2016/17 – 16 x 15 x 0.04) = 9,6<br>(лет.сем. 2016/17 – 16 x 15 x 0.04) = 9,6<br><br>(зим.сем.2017/18 – 10 x 15 x 0.04) = 6<br>(лет.сем.2017/18 – 10 x 15 x 0.04) = 6<br><br>(зим.сем.2018/19 – 12 x 15 x 0.04) = 7,2<br>(лет.сем.2018/19 – 12 x 15 x 0.04) = 7,2<br><br>(зим.сем.2019/20 – 12 x 15 x 0.04) = 7.2<br>(лет.сем.2019/20 - 10 x 15 x 0.04) = 6<br><br>(зим.сем.2020/21 – 10 x 15 x 0.04) = 6<br>(лет.сем.2020/21 – 10 x 15 x 0.04) = 6 | 70,8 |
| 2 | Консултации со студенти<br>од Филолошкиот факултет: 2,04<br><br>(зим.сем.2016/17 – 150 x 0.002) = 0,3<br>(лет.сем.2016/17 – 150 x 0.002) = 0,3<br><br>(зим.сем.2017/18 – 120 x 0.002) = 0,24<br>(лет.сем.2017/18 – 120 x 0.002) = 0,24<br><br>(зим.сем.2018/19 – 120 x 0.002) = 0,24<br>(лет.сем.2018/19 – 120 x 0.002) = 0,24<br><br>(зим.сем.2019/20 – 80 x 0.002) = 0,16<br>(лет.сем.2019/20 – 80 x 0.002) = 0,16<br><br>(лет.сем.2020/21 – 40 x 0.002) = 0,08<br>(зим.сем.2020/21 – 40 x 0.002) = 0,08 | 2,04 |
| 3 | Ментор на дипломски работи<br><br>1. Христина Наумовска (10-1/205 од 26.9.2019)<br>2. Марија Попоска (10-1/266 од 26.9.2019) | 4,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Александра Спироска (10-1/165 од 1.7.2019)<br>4. Марија Димеска (10-1/244 од 23.9.2019)<br>5. Зоран Стојанов (10-1/13 од 5.2.2019)<br>6. Зоран Стојанов (10-1/ 12-10-291 од 12.10.2018)<br>7. Стефан Николов (10-1/270 од 1.10.2019)<br>8. Марија Мановска (10-1/204 од 12.7.2019)<br>9. Анастасија Мартиновска (10-1/203 од 12.7.2019)<br>10. Ерзана Абази (10-1/211 од 2.9.2019)<br>11. Стефанија Андреева (10-1/131 од 3.7.2018)<br>12. Бојан Ташулов (10-1/193 од 3.7.2018)<br>13. Александар Силјановски (10-1/192 од 3.7.2018)<br>14. Моника Зарапчиева (10-1/243 од 19.9.2018)<br>15. Драган Димитриевски (10-1/265 од 27.9.2018)<br>16. Виктор Илиевски (10-1/195 од 3.7.2018)<br>17. Александра Митрева (10-1/292 од 12.10.2018)<br>18. Вероника Стојчевска (10-1/293 од 1.11.2017)<br>19. Драгана Милчевска (10-1/290 од 21.8.2017)<br>20. Филип Варналиев (10-1/247 од 5.7.2017)<br>21. Тања Димова (10-1/217 од 4.7.2017) | |
| 4 | Член на комисија за оцена или одбрана<br>на дипломска работа (30 x 0.1 = )<br><br>1. Анастасија Видевска (10-1/247 од 18.10.2020)<br>2. Ирена Ангеловска (10-1/207 од 1.10.2020)<br>3. Валерија Преспаноска (10-1/210 од 1.10.2020)<br>4. Александра Пешевска (10-1/100 од 11.4.2019)<br>5. Ангела Симоновска (10-1/180 од 5.7.2019)<br>6. Сандра Узунска (10-1/251 од 23.9.2019)<br>7. Марија Чокрева (10-1/133 од 13.6.2019)<br>8. Љубица Ивановска (10-1/79 од 29.3.2019)<br>9. Ангела Билеска (10-1/78 од 29.3.2019)<br>10. Тамара Стојановска (10-1/271 од 1.10.2019)<br>11. Инес Амет (10-1/213 од 2.9.2019)<br>12. Вероника Арсова (10-1/115 од 11.6.2018)<br>13. Мартин Спировски (10-1/142 од 22.6.2018)<br>14. Јане Васов (10-1/194 од 3.7.2018)<br>15. Александра Дичоска (10-1/357 од 21.11.2018)<br>16. Кристина Ристеска (10-1/414 од 24.11.2017)<br>17. Тамара Маневска (10-1/413 од 24.11.2017)<br>18. Иван Веселиновски (10-1/426 од 13.12.2017)<br>19. Стефан Ванчевски (10-1/381 од 20.10.2017)<br>20. Кристина Наумоска (10-1/380 од 20.10.2017)<br>21. Ивана Ристеска (10-1/280 од 5.7.2017)<br>22. Цветанка Панева (10-1/3 од 13.1.2017)<br>23. Тијана Гајдош (10-1/431 од 21.12.2016)<br>24. Стефанија Белчовска (10-1/25 од 2.2.2017)<br>25. Ивана Петровска (10-1/399 од 2.11.2016)<br>26. Неда Грујовска (10-1/376 од 18.10.2016)<br>27. Марија Крстова (10-1/261 од 4.7.2016)<br>28. Муневере Адеми (10-1/338 од 29.9.2016)<br>29. Добринка Дунгевска (10-1/257 од 4.7.2016)<br>30. Симона Петровска (10-1/205 од 24.6.2016) | 3 |
| 5 | Подготовка на нов предмет<br><br>(3 x 1) + (5 x 0.5) = 3 + 2,5 | 5,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Англиски јазик В3 – предавања и вежби<br>2. Англиски јазик В4 – предавања и вежби<br>3. Преведувачки алатки 1- предавања и вежби<br><br>1. Преведување од англиски (Б и В) јазик на<br>2. македонски јазик 1 - вежби<br>3. Преведување од англиски (Б и В) јазик на<br>4. македонски јазик 2 – вежби | |
| 6 | Пакет материјали за одреден предмет<br>5 х 1 = 5<br><br>1. Англиски јазик В3 (предавања)<br>2. Англиски јазик В4 (предавања)<br>3. Преведување од англиски (Б и В) јазик на македонски јазик 1 (вежби)<br>4. Преведување од англиски (Б и В) јазик на македонски јазик 2 (вежби)<br>5. Преведувачки алатки 1 (предавања и вежби) | 5 |
| | **Вкупно** | 90,54 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Раководител на национален научен проект**:<br>Националнен проект „Глаголски и видски конјугатор-vigna.mk“, со поткрепа на Министерството за култура на РСМ како проект од национален интерес за културата во 2019 година (веб-апликација за препознавање на глаголскиот вид и конјугација на видски парови од македонскиот јазик според Правописот на македонскиот јазик), 2019.<br>Членови: **Владимир Цветкоски (главен истражувач** / раководител), Катарина Ѓурчевска Атанасовска, истражувач и Соња Китановска Кимовска, истражувач. | 6 |
| 2 | **Монографија**<br><br>Цветкоски, Владимир. 2017. *За книжевното преведување* (традуктолошки портрети), „Макавеј“, Скопје. ISBN - 978-608-205-412-4 | 8 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, **SCOPUS**, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.<br><br>Ѓурчевска-Атанасовска, Катарина. Цветкоски, Владимир, 2020. *Зависните имперфектни да-конструкции и нивните англиски корелати* (*Subordinated imperfective da-constructions in* | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Macedonian and their English equivalents*), Slavia Centralis. DOI: 10.13140/RG.2.2.11336.96007 | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>Cvetkoski, Vladimir. 2019. Generating aspect-oriented verb paradigms in Macedonian, Philological Studies 17, 2, (2019) DOI: 10.17072/1857-6060-2019-17-2-226-237 | 5 |
| 5 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати**, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се **од најмалку три земји** (4 x 5 = 20)<br><br>Cvetkoski, Vladimir. 2019. ***Aspect-oriented conjugation in Macedonian*** in X македонско-северноамериканска конференција за македонистика : Охрид - Конгресен центар, 30.08-01.09 2018 година / [редакциски одбор Марјан Марковиќ уредник, ...и др.], Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“. ISBN 978-608-234-065-4<br><br>Цветкоски, Владимир. 2018. ***Усвојување глаголски парадигми од странски ученици*** во зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет - денес и утре“, одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година, во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ - Скопје / [уредувачки одбор: Лидија Тантуровска (претседател на Одборот) ... и др.] Скопје : Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков”. ISBN 978-608-220-052-1<br><br>Цветкоски, Владимир. 2017. ***Ѓузеловите поетски и преведувачки гледишта и „Пеење прво“ од Езра Паунд (портрет на еден поет-преведувач)*** во Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (49 ; 2016 ; Охрид), XLIII научна конференција на XLIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура : (од 25 до 26 јуни 2016 во Охрид) / [редакциски одбор Јан Соколовски ... и др.], Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. ISBN 978-9989-43-391-7<br><br>Цветкоски, Владимир. 2019. ***Видска конјугација за усвојување глаголски парадигми*** во Меѓународна научна конференција (2018; Велес) Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик - Рацин и македонскиот јазик, 14-15 јуни, 2018 година, Велес. Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.<br>ISBN 978-608-220-048-4 | 20 |
| 6 | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Цветкоски, Владимир. 2016. *Новото и парафразата во преведувањето кај Георги Сталев* во Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, книга 41-42, 2015-16, стр. 363-373. | |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br><br>Цветкоски, Владимир. 2018. ***Кон поцелосна слика на македонскиот гладолски систем - vigna.mk*** – во ЗБОРНИК на трудови од научниот собир ***На почетокот беше зборот***... (2017; Скопје), одржан на 9 – 10 мај 2017 година / редактор: Снежана Велковска – Скопје. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, (Едиција во чест на Благоја Корубин „Јазикот наш денешен“; кн. 29), стр. 232. ISBN 978-608-220-047-7 | 2 |
| 8 | Одржано предавање по покана на универзитет (2 x 1 = 2)<br><br>Предавање *Using CAT tools, MT and Corpora in EU Acquis Transaltion* одржано на Универзитетот АРЕЛ - Тепекент кампус, Република Турција, 15 март 2017<br><br>Предавање *Insitutions and literary translation in Macedonia: The Stars of World Literature – a state project* одржано на Универзитетот АРЕЛ - Тепекент кампус, Република Турција, 14 март 2017 | 2 |
| 9 | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>- усна презентација (5 x 1 = 5)<br><br>Цветкоски, Владимир. 2018. ***Кон поцелосна слика на македонскиот гладолски систем - vigna.mk***. Традиционалната манифестација „Денови на Благоја Корубин“, се одржа на 9 – 10 мај 2017 година во Струга, на тема *На почетокот беше зборот...*<br><br>Цветкоски, Владимир. 2016. ***Ѓузеловите поетски и преведувачки гледишта и „Пеење прво“ од Езра Паунд (портрет на еден поет-преведувач)*** во Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (49 ; 2016 ; Охрид), XLIII научна конференција на XLIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура : (25 јуни до 26 јуни 2016 во Охрид)<br><br>Цветкоски, Владимир. 2018. ***Усвојување глаголски парадигми од странски ученици*** во Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет - денес и утре“, одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година, во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје<br><br>Cvetkoski, Vladimir. 2019. ***Aspect-oriented conjugation in Macedonian*** in X македонско-северноамериканска конференција за македонистика : Охрид - Конгресен центар, 30.8 – 1.9 2018 година<br><br>Цветкоски, Владимир. 2019. ***Видска конјугација за усвојување глаголски парадигми*** во Меѓународна научна конференција (2018 ; Велес) *Унапредување на статусот и корпусот* | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *на македонскиот стандарден јазик - Рацин и македонскиот јазик*, 14-15 јуни 2018 година, Велес. | |
| 10 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание<br><br>Цветкоски, Владимир. 2018. Две нови јазични помагала на Интернет. Литературен збор, 1-6, год. LXI, Скопје, 2018 стр. 47 | 3 |
| | **Вкупно** | 57,5 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област<br>- автор<br><br>Цветкоски, Владимир, 2020. *Паундовиот Омаж за Секст Пропертиј*. Скопје, Дата Понс, 2020. ISBN - 978-608-222-122-9 | 8 |
| 2 | Превод<br>- Книга (8 x 3 = 24)<br><br>Стокер, Брам. 2020. Дракула: мистерија, Конгресен сервисен центар, Полица. Скопје. ISBN - 978-608-4850-58-8 (EN>MK)<br><br>Ренџов, Михаил, Биелик, Мирослав. 2020 Поезија / Михаил Ренџов; [препев Владимир Цветкоски ... и др. ], Друштво на писатели на Македонија, Едиција Книжевен жезол: Празник на липите, ISBN 978-9989-855-33-7 (MK>EN)<br><br>Гранитски, Иван. 2020. *Рицари на духот*; [превод Тоде Илиевски, Оља Герасимовска-Цветкоска, Владимир Цветкоски], Дата Понс, Скопје. ISBN 978-608-222-124-3 (BG>MK)<br><br>Rendžov, Mihail. 2018. *Elegies of myself*. Struga : Struga poetry evenings, Едиција Плејади ISBN - 978-608-250-035-5 (MK>EN)<br><br>Палмер, Стивен Е., помл. ; Кинг, Роберт Р. 2018. Југословенскиот комунизам и македонското прашање. Дата Понс, Скопје. ISBN - 978-608-222-108-3 (EN>MK)<br><br>Икономов, Константин. 2017. По сенките на поплаките: поезија. „Макавеј“, Скопје. ISBN - 978-608-205-408-7 (BG>MK)<br><br>Стокер, Брам. 2016. Дракула [Звучен запис]: мистерија. Аудио CD. Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2016. ISBN - 978-608-249-297-1 (EN>MK) | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | Савова, Вања. 2016. Третото око (поезија), „Макавеј“, Скопје. ISBN - 978-608-205-407-0 (BG>MK) | |
| 3 | Изработка на нов софтверски пакет (2 x 2 = 4)<br><br>1. vigna.mk – основен глаголски конјугатор<br>2. asp.vigna.mk – видски конјугатор | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4 | Уредник на научно/стручно списание (2 бода по издание)<br>7 x 2 = 14<br><br>Книжевно житие: списание за книжевност, уметност и култура]<br>Скопје: „Макавеј“, 2007- ISSN - 1857-5730<br>Броеви: 37.2017, 38.2017, 39.2017, 40.2018, 41.2018, 42.2019 и 43.2019 | 14 |
| 5 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир (3 x 1 = 3)<br><br>1. мај 2017, меѓународна уметнична манифестација: ***Десетта македонска книжевна визита во Софија***, организатори: Издавачка куќа „Макавеј“, Министерство за култура на РМ и Културно-информативниот центар на Македонија во Софија.<br><br>2. мај 2018, меѓународна уметнична манифестација: ***Единаессетта македонска книжевна визита во Софија***, организатори: Издавачка куќа „Макавеј“, Министерство за култура на РМ и Културно-информативниот центар на Македонија во Софија.<br><br>3. мај 2019, меѓународна уметнична манифестација: ***Дванаессетта македонска книжевна визита во Софија***, организатори: Издавачка куќа „Макавеј“, Министерство за култура на РМ и Културно-информативниот центар на Македонија во Софија. | 3 |
| 6 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (носител) (2 x 1 = 2)<br><br>1. Глаголски и видски конјугатор - VIGNA.MK (2019) и<br>2. ЧЕСТАК – визуелен анотиран корпус на мак. јазик (2020) | 2 |
| 7 | Член на факултетска комисија<br>13 x 0,5 = 6.5<br><br>1. Член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (студент Кристина Велковска, Решение бр. 10-145/2 од 27.1.2017)<br>2. Член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (Александар Благојевиќ, Решение бр. 10-138/2 од 27.1.2017) | 6,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (Маја Василева, Решение бр. 10-156/2 од 27.1.2017)<br>4. Член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 2 (Сања Илиевска, Решение бр. 10-137/2 од 27.1.2017)<br>5. Член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 4 (Фуркан Даци, Решение бр. 10-1611/2 од 20.6.2017)<br>6. Член на факултетска Комисија за спроведување испит по Преведување од англиски (Б/В) на македонски јазик и обратно 4 (Семра Вејселовска, Решение бр. 10-1610/2 од 20.6.2017)<br>7. Претседател на Комисија за составување и прегледување на тестот за проверка на знаењата и умеењата на кандидатите што ќе конкурираат за запишување на студиската програма по преведување и толкување (во приемните рокови на учебната година 2019-2020), Одлука бр. 10-44/23 од 21.6.2019 година<br>8. Член на наставно-научен колегиум од научната област наука за книжевноста од 1.10.2019 до 30.9.2021 година (Одлука бр. 02.1672/17 од 8.10.2019 година)<br>9. Член на поткомисија за евалуација на студиски програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (Одлука бр. 02-20/10 од 23.1.2018 година)<br>10. Член на Комисија за попис на библиотечен фонд при ПИТ, со состојба на 31.12.2018 година (Одлука бр. 05-2824/1 од 7.12.2018 година)<br>11. Член на Комисија за попис на постојани средства со состојба на 31.12.2016 (Одлука бр. 05-1688/1 од 1.11.2016 година)<br>12. Член на комисија за спроведување испит по предметот Преведување од англиски на македонски јазик 4 Б за Наташа Костадиновска (22023), Решение бр. 10-1439/2 од 8.6.2018 година<br>13. Член на изборна комисија за избор на членови на факултетското студентско собрание (не ми беше доставено решение) | |
| 8 | Член на комисија за избор во звање<br>3 x 0,2 = 0.6<br>1. Член на Комисија за избор на демонстратор за студиската програма Преведување и толкување (Симултано толкување од македонски на англиски јазик 1, Симултано толкување од англиски на македонски јазик 1, кандидат: м-р Николче Мицкоски) (08-1477/1 од 2.7.2019)<br>2. Член на Комисија за избор на демонстратор за студиската програма Преведување и толкување (Консекутивно толкување од македонски на англиски јазик Б2, Симултано толкување од македонски на англиски јазик Б2, Симултано толкување од англиски Б/В на македонски јазик 2, и ИКТ Терминологија, (кандидат: м-р Николче Мицкоски) (08-73/2 од 28.1.2019)<br>3. Член на Комисија за избор на демонстратор за студиската програма Преведување и толкување (Симултано толкување од македонски на англиски јазик Б1, Симултано толкување од англиски Б/В на македонски јазик 1, кандидат: м-р Николче Мицкоски) (08-1723/2 од 10.9.2019) | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Експертски активности<br><br>Обуки: 1x1 = 1<br>- декември 2016: Standardising assessment in universities (обука во организација на Британски совет Македонија, Скопје)<br><br>Конференции: 5 x 1 = 5<br><br>август 2017. *Загубено/најдено во преводот* – учесник на симпозиумот посветен на теми од преведувањето. Меѓународна уметничка манифестација ***Струшки вечери на поезијата 2017***. Учесници: Владимир Цветкоски, Зоран Анчевски, Кирил Кадијски, Марко Фацини и Дејан Алексиќ.<br><br>август 2018. *Јас. Елегии / Elegies of Myself* – учесник на потретот на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“ 2017. Меѓународна уметничка манифестација ***Струшки вечери на поезијата 2018***. Учесници: Владимир Цветкоски, Јовица Тасевски – Етернијан и Михаил Ренџов.<br><br>17.11.2018, учесник на Шестата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи со регионално учество: „Судскиот превод и толкување во Македонија“, организатор: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија.<br><br>14.12.2019, учесник на Седмата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи: ***Безброј нијанси на книжевниот превод***, организатор: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија.<br><br>7.11.2020, учесник на Осмата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на Северна Македонија НА ПРАГОТ НА ИДНИНАТА: ШТО ПО 2020?, организатор: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија. | 6 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 68,1 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 90,54 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 57,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 68,1 |
| **Вкупно** | 216,14 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Соња Китановска Кимовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВАЖНОСТА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ФУНКЦИЈА НА СТРУКАТА (АЈФС) ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р КОСОВО“, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на својата педесет и втора редовна седница одржана на 18.11.2020 година, избра членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Важноста на вклучувањето англиски јазик во функција на струката (АЈФС) во наставните програми за средното стручно образование во Р Косово,* изработена од м-р Осман Османи, во состав:

1. проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, ( претседател)
2. проф. д-р Солзица Поповска (ментор)
3. проф. д-р Анжела Николовска
4. проф. д-р Даница Пиршл
5. проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, со задоволство му го доставуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на м-р Осман Османи изнесува 209 страници компјутерски обработен текст. Текстот содржи седум целини: **Вовед, Преглед на литературата, Стручното образование и наставните програми по англиски јазик во образованието во Косово, Методологија, Резултати, анализа и дискусија, Пробна настава, Заклучок,** како и прилози и селектирана библиографија која се состои од околу 110 единици.

Во воведот, кандидатот ги идентификува и ги формулира истражувачкото прашање, целите на трудот, истражувачките прашања и хипотези, ја објаснува важноста на ова истражување и ја опишува структурата на трудот. Поттикнат од сознанието дека наставата по англиски јазик во стручните училишта во Косово вклучува исклучиво општ англиски јазик (ОАЈ), м-р Османи фокусот на своето истражување го става врз можностите и важноста на промената на наставните планови и програми по англиски јазик во средното стручно образование со вклучување на т.н. англиски јазик во функција на струката (АЈФС). Неговите истражувачки прашања се однесуваат на тековните состојби во наставата по англиски јазик во средните стручни училишта во Косово, на ефектите од таа настава, на ставовите на наставниците вклучени во таа настава по прашање на

воведување на АЈФС во наставните планови, дали се тие подготвени за предизвиците на воведување на АЈФС и сл. Главната истражувачка хипотеза во овој труд гласи: Постојните планови и програми за наставата по англиски јазик во средните стручни училишта во Косово не ги задоволуваат потребите и очекувањата на учениците. Од оваа хипотеза произлегуваат и неколку потхипотези кои се однесуваат на важноста на воведување АЈФС во средните стручни училишта, улогата на Министерството за образование, наука и технологија (МЕСТ) на Косово во овој процес, како и негативните ефекти на тековната настава во однос на подготвувањето на учениците за современиот празар на трудот.

Во втората глава насловена како **Преглед на литературата,** по хронолошки ред концизно се елаборирани појавата и развојот на АЈФС низ сите фази и со сите поделби, разликите меѓу АЈФС и општиот англиски јазик; во оваа глава, важно место заземаат улогата и одговорноста на наставникот кон учениците, а вклучени се и совети, лични искуства и насоки за составување и дизајнирање на наставните програми, пречките што се среќаваат во текот на овој процес, алтернативите и прагматичните чекори за надминување овие пречки и сл. М-р Османи заклучува дека АЈФС е пристап што се фокусира на студентите, т.е. во неговиот центар секогаш е ученикот/студентот и секогаш се заснова на тековните потреби на студентите. Се карактеризира со меѓусебна соработка со различни експерти за избор на соодветни материјали од областа релевантна за учениците. Може да се каже дека АЈФС има две целни групи: оние што го учат за да напредуваат во нивниот професионален домен, и оние што веќе се експерти во даден домен, но кои учат англиски јазик за специфични цели, особено вештината на зборување неопходна за позицијата и местото каде што работат. Скоро секој поединец има потреба од АЈФС, вклучително и студенти по медицина, економија, земјоделство, моден дизајн, право, електротехника, технологија и информации и сл.

Во третата глава со наслов: **Стручното образование и наставите програми по англиски јазик во образованието на Косово,** м-р Османи ја објаснува структурата на средното образование во Косово и посебно се задржува на карактеристиките на средното стручно образование. Укажувајќи на фактот дека во 2013 година, Владата на Косово усвоила Закон за средно стручно образование со кој се предвидувало ревидирање на наставните планови во секое од училиштата и нивно приспособување на барањата на пазарот, тој заклучува дека во однос на наставата по англиски јазик, наставната програма останала непроменета,

поточно, наместо АЈФС, во овие училишта се предава општ англиски јазик.

Во четвртата глава насловена **Методологија**, опишана е методологијата на истражувањето и детално се објаснети сите сегменти: учесниците, инструментите, местото и постапките што се користат за собирање на податоците. Користен е комбиниран пристап, т.е. квалитативен метод, преку спроведување интервјуа со национални и меѓународни експерти од областа на образованието и квантитативен метод спроведен преку прашалници со наставници по англиски јазик кои предаваат во стручните училишта. Во истражувањето се опфатени 140 испитаници: 109 наставници по англиски јазик кои предаваат во средните стручни училишта во Косово, 23 ученици, осум експерти од областа на АЈФС, од кои три национални и пет меѓународни. Во однос на инструментите при истражувањето, застапени се прашалници, интервјуа, набљудувања и пробна настава. Анализата на прашалниците е извршена со помош на Статистички пакет за програми за општествени науки и Мајкрософт ворд, а варијаблите се класифицирани во три категории:
1. ПРВА КАТЕГОРИЈА: демографски податоци.
2. ВТОРА КАТЕГОРИЈА: моменталната состојба во однос на наставата по англиски јазик во средното стручно образование во Република Косово.
3. ТРЕТА КАТЕГОРИЈА: ставовите на наставници по англиски јазик за тековната настава по англиски јазик и за имплементацијата на АЈФС.

Во главата насловена како **Резултати, анализа и дискусија,** од прегледот на ставовите на експертите по АЈФС, евидентен е едногласниот став во прилог на воведување на овој вид настава во средните стручни училишта. Но, моменталната состојба со наставниот кадар во Косово открива дека наставниците не се подготвени да се зафатат со реализирање на АЈФС, па дури не ги користат ни оние 20 % од часовите кои им ги гарантира наставниот план. Причините за тоа м-р Османи ги препознава главно во непостоењето соодветна подготвителна обука за наставниците ниту за време на студиите, ниту подоцна. Познато е дека повеќето наставници не се чувствуваат спремни да предаваат во контекст на одредена научна област за која немаат претходна подготовка. Оттука, и препораките на м-р Османи до Министерството за образование, наука и технологија на Косово, да интервенира не само во наставните планови на наставата по англиски јазик за средните стручни училишта, туку и да обезбеди соодветни обуки за идните наставници.

**Пробната настава** се одвивала во текот на едно полугодие во еден клас ученици по информатика. Учениците биле поделени во

контролна и експериментална група, при што првата следела настава според постојната наставна програма, а втората според програмата составена од м-р Османи. Резултатите на пред и по тестот во однос на експерименталната група покажуваат напредок во сите јазични вештини, и притоа најголем напредок се гледа во вештината на пишување, а најмал во однос на вокабуларот.

Во текот на овој процес, м-р Османи се јавува во неколку различни улоги: наставник по АЈФС, составувач на наставниот план и програма, собирач на соодветни материјали, соработник со колеги од соодветната научна област во која се одвива наставата (информатичка технологија), истражувач и оценувач.

Сумирајќи го искуството со овој вид пробна настава, м-р Османи ги истакнува следниве препораки:

- со цел успешно подготвување на наставната програма, потребна е соработка помеѓу наставникот по АЈФС и другите предметни наставници;

- изборот на материјалите да биде актуелен, разновиден и интересен, во согласност со потребите и интересирањето на учениците, поради што наставникот се појавува и во улога на истражувач во даденото поле;

- да им се обезбеди на учениците континуиран увид во нивниот напредок;

- примена на современи нагледни средства и технологии;

- обезбедување соодветна работна атмосфера во која учениците ќе се чувствуваат пријатно и безбедно.

Во **заклучокот,** заедно со резултатите од ова истражување, покрај промената на наставата по англиски јазик во средните стручни училишта, м-р Османи упатува апел до МЕСТ за создавање услови за подготовка на наставниот кадар по англиски јазик за наставата по АЈФС, преку организирање конференции, работилници и обука од областа на овој вид настава. МЕСТ и факултетите за англиски јазик треба да обезбедат соодветна наставана програма по АЈФС, и за тоа најсоодветни би биле мастер студиите. Доколку во моментов тоа не е возможно, филолошките факултети треба да обезбедат барем подготвителен курс по АЈФС за идните наставници.

**Заклучок**

Од досегашните согледувања, евидентно е дека м-р Осман Османи целосно одговорил на критериумите за изработка на докторска дисертација како што се прецизното и јасно дефинирање на темата, на прашањата и тезите за истражување; користењето на најсоодветен метод на работа со вклучување на емпириски приод, прецизната и детална анализа на добиените податоци и исцрпната дискусија за исходот на истражувањето.

Трудот претставува новина во доменот на проучувањата на англискиот јазик во функција на струката во наставата по англиски јазик во средните стручни училишта и сведочи за иновативноста како дополнителен квалитет на истражувачката личност на кандидатот.

Во прилог на нашата севкупна дискусија можеме да заклучиме дека докторската дисертација на м-р Осман Османи под наслов: *Важноста на вклучувањето англиски јазик во функција на струката (АЈФС) во наставните програми за средното стручно образование во Р Косово* претставува голем придонес за развојот на теориската мисла и праксата на наставата по англиски јазик во функција на струката не само во локални рамки туку и пошироко, давајќи прилог во малку проучуваниот аспект на оваа наставна метода во средното образование. Преку нудење пример за успешна примена на АЈФС во наставата по англиски јазик, со што се осовременува наставата и учениците добиваат образование преку кое ги стекнуваат вештините за успешно професионално делување во 21 век, истражувањето ќе може да најде практична примена во организирањето и спроведувањео на наставата по англиски јазик во функција на струката во средното стручно образование .

Согледувајќи ја целисходноста и значењето на докторската дисертација *Важноста на вклучувањето англиски јазик во функција на струката (АЈФС) во наставните програми за средното стручно образование во Р Косово,* за унапредување на наставата по англиски јазик во земјава и во регионот, му предлагаме на Наставно-научниот совет да ја усвои оваа рецензија и да го повика кандидатот м-р Осман Османи на усна одбрана.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Солзица Поповска (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Анжела Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Даница Пиршл, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска, с.р.**

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

**3. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Николина Трајкоски | „Методика на предавање на падежниот систем во рускиот јазик и неговото усвојување од страна на македонските изулжчувачи“ | Methodology of teaching the case system in the Russian language and its adoption by Macedonian learners | проф. д-р Биљана Мирчевска Бошева | 10-158/1 26.1.2021 |
| 2. | Огнен Поцков | „Временската и модалната вредност на идното време во францускиот, во македонскиот и во албанскиот јазик“ | The temporal and modal value of the future tense in French, Macedonian and Albanian language | проф. д-р Јоана Хаџи Лега | 10-159/1 26.1.2021 |
| 3. | Татјана Танчевска | „Неовикторијанска фикција: преиспишување на викторијанскиот наратив“ | Neo-Victorian Fiction:Rewriting the Victorian Narrative | проф. д-р Соња Витанова-Стрезова | 10-160/1 26.1.2021 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА УКИМ – ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ” ВО СКОПЈЕ СО ОДЛУКА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ДОНЕСЕНА НА СЕДНИЦАТА ОДРЖАНА НА ДЕН 22.12.2020 ГОДИНА

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| **1.** | **Дипл. шум. инж. МОНИКА ПОПЕВСКА** | „Кровните градини како дел од пејзажното дизајнирање во Скопје“ | ”Roof gardens as part of landscape design in Skopje” | **Проф. д-р ЈАСМИНКА РИЗОВСКА АТАНАСОВСКА** | Бр. 02-479/2 од 22.12.2020 година |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЗЕЛЕНЧУК НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajme“ од 22.9.2020 година, за избор на соработник во наставно-научната област (дисциплина) економика на земјоделство и развој, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-371/3, донесена на 26.10.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Ќосев, редовен професор на УКИМ, Економски факултет – Скопје, д-р Александра Мартиновска-Стојческа, редовен професор на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје и д-р Виктор Ѓамовски, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент истражувач во научната област (дисциплина) економика на земјоделство и развој, во предвидениот рок се пријави м-р Лазо Димитров.

**9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот м-р Лазо Димитров е роден на 17.7.1974 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование, со одличен успех.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1994/1995 година, на полјоделската насока, а студиите ги завршил со просечна оценка 8,58. Дипломирал во 1999 година, и во истата година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет, на групата агроекономика.

Постдипломските студии успешно ги завршил со просечна оценка 9,63. Магистерската теза под наслов „Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија” успешно ја одбранил на 30 декември 2009 година и се стекнал со звањето магистер од областа на земјоделските науки, група: агроекономика.

Од 31.12.2013 година, м-р Лазо Димитров станува дел од УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, и е избран во звањето асистент за научното поле биотехнички науки, област: економика на земјоделство и развој, каде што и во моментот ја има истата работна позиција. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1067 од 16.12.2013 година.

Во 2014 година запишал трет циклус – докторски студии на студиските програми при Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во академската 2014/2015 година, по економски науки, на насоката економија на аграрен сектор на Економскиот факултет во Скопје.

Се служи со англискиот јазик и има одлични познавања од областа на информатиката.

На 31.12.2013 година е избран во звањето помлад асистент на Земјоделскиот институт во Скопје, во областа економика на земјоделство и развој.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1065 од 15.11.2013 година.

**10. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, во периодот од 2014 до 2019 година, кандидатот м-р Лазо Димитров бил поканет и учествувал како гостин предавач на Економскиот факултет и Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, каде што одржал предавања за ЕУ-претпристапна поддршка, ИПАРД-фондови, маркетинг и брендирање на пчелни производи.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Лазо Димитров има објавено вкупно 7 научни трудови од научната област економика на земјоделство и развој во 6 зборници од меѓународни научни собири и 1 на домашни научни собири.

1) Popovska Stojanov D., Dimitrov L., Nedelkovski D., Popovska M. (2019) Determining the production price of brandy made from goji berry. National scientific conference with international participation “Science and Agriculture: Global and regional challenges”, organized by the Institute of Agriculture – Kyustendil, Bulgaria, September, 2019.
2) Lazo DIMITROV, Despina POPOVSKA, Aleksandar UZUNOV, Robert BRODSCHNEIDER, Jiri DANIHLIK, Miroljub GOLUBOVSKI, Sreten ANDONOV (2018) Economic impact assessment of honey bee winter colony losses in Austria, Czech Republic and the Republic of Macedonia. POKLUKAR'S DAYS: 3RD SCIENTIFIC SYMPOSIUM ON BEES AND BEEKEEPING, Slovenia, October, 2018.
3) Despina Popovska, Biljana Drvoshanova, Afrodita Ibushoska, Lazo Dimitrov, Jovan Azderski (2018) TRANSITION PROCESSES IN AGRICULTURE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH ACCENT ON THE VEGETABLE PRODUCTION. VII. International Balkan and Near Eastern Social Sciences Congress Series Tekirdağ. Tekirdağ, TURKEY, March, 2018.
4) Despina Popovska, Biljana Drvoshanova, Afrodita Ibushoska, Lazo Dimitrov, Jovan Azderski (2018) 1st INTERNATIONAL MEETING AGRISCIENCE & PRACTICE (ASP 2018), Stip, Republic of Macedonia, May, 2018.
5) Zoran DIMOV, Dusko MUKAETOV, Ordan CUKALIEV, Lazo DIMITROV, Vjekoslav TANASKOVIC, Igor ILJOVSKI (2016) Design of agronomical measures for winter wheat and sunflower productivity to mitigate climate changes in South Eastern Macedonia. 51st Croatian and 11th International Symposium on Agriculture, Croatia, 218-222, 2016.
6) Marija GJOSHEVA KOVACHEVIKJ, Lazo DIMITROV (2014) ECONOMIC OPTIMIZATION OF THE APPLE INVESTMENT AND GROWING SYSTEM ALTERNATIVES IN REPUBLIC OF MACEDONIA. Fifth International Scientific Agricultural Symposium „Agrosym 2014“, Bosnia and Herzegovina, 977-982, 2014.
7) Dimitrov L.; Kiprijanovski M.; Toso A.; Gjamovski V. (2014) ECONOMICAL FEASIBILITY TO INVEST IN UV NET IN PEARS ORCHARDS PRODUCTION. Split, Croatia, March 2014.

М-р Лазо Димитров учествувал во еден научноистражувачки проект:

- Honey bee colony losses in Austria and Macedonia: risk analysis and economic Impact, European honey Bee breeding and Selection Team (2016-2018) – главен истражувач за економска анализа, проект помеѓу Австрија и Македонија, финансиран од МОН.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Лазо Димитров активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт во Скопје, во полето на стратегиско планирање, физибилити-студии, инвестициски програми и бизнис-планирање, финансиски анализи, рурален развој и климатски промени.

Кандидатот м-р Лазо Димитров учествува во повеќе стручно-апликативни проекти:

- „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“, Национална стратегија за рамномерен регионален развој 2020 – 2030, Министерство за локална самоуправа, Швајцарска амбасада - национален консултант одговорен за изготвување секторска анализа на земјоделството и руралниот развој, како составен дел од Националната стратегија и Акционен план за имплементацијата, Скопје, 2020 година;
- Потсекторска анализа на секторот овоштарство УНДП (United Nations Development Programme) - национален консултант за анализа на потсекторот овоштарство, Р Македонија, 2020 година;
- Поддршка на економската диверзификација во руралните средини во Југоисточна Евррprofessionalопа, проект на ГИЗ, СВГ - експерт за бизнис-планирање, обука и градење на капацитетите, Р Македонија, Косово, Србија и Албанија, 2019 – 2020 година;
- Јакнење на капацитетите на АДКОМ за спроведување на активности за јакнење на капацитетите на ЈКП за испорачување водни услуги” – проект на ГИЗ спроведуван од страна

на АДКОМ - експерт за план за приспособување на тарифите и бизнис-планирање, Р Македонија, 2019 година;
- Глобален еколошки фонд, Програма за мали грантови – експерт за мониторинг и евалуација, одговорен за активностите за мониторинг и евалуација за Националната стратегија за програмата на мали грантови на Глобалниот фонд имплементиран од УНДП и УНОПС, Р Македонија, 2019 година;
- Програма за заштита и конзервација на природата, Швајцарска развојна агенција – експерт за маркетинг, Р Македонија, 2018 – 2019 година;
- Поддршка за развој на земјоделските кооперативи, проект финансиран од ЕУ – експерт за евалуација, Р Македонија, 2018 – 2019 година;
- „Воспоставување на дијалог помеѓу засегнатите страни во секторот водни услуги”, проект на ГИЗ /SDC и SECO, спроведуван од страна на АДКОМ - експерт за план за приспособување на тарифите и бизнис-планирање, Р Македонија, 2018 година;
- „Реформа на секторот води на национално ниво“ – проект на ЕУ ИПА и МЖСПП - експерт за план за приспособување на тарифите и бизнис-планирање, Р Македонија, 2017 година;
- Програма за воспоставување на Управувачка структура за поддршка на имплементација на грант шемите во турскиот дел на Кипар – Северен Кипар - експерт за рурален развој и бизнис-планирање , Северен Кипар, 2017 година;
- Програма и стратегија за поддршка на руралниот развој, туризмот и земјоделството во Општина Карпош - одговорен за координација на експертскиот тим и подготвување на програма и стратегија за поддршка на руралниот развој, туризмот и земјоделството во Општина Карпош, Р Македонија, 2016 – 2018 година
- Воведување на ИПАРД II-мерката, проект на ЕУ, НИРАС, ЕПИ ЦЕНТАР, ФАПА - експерт за инвестиции во постојани средства во земјоделските стопанства, Р Македонија, 2016 година;
- Глобален еколошки фонд, Програма за мали гантови – проектен координатор одговорен за изработка на Стратегијата за Глобален еколошки фонд (ГЕФ), Програма за мали грантови (ПМГ) за оперативна фаза 6 до 2018 година, Р Македонија, 2015 – 2016 година;
- Инклузија на бизнисите во мултиетнички општини, Британска амбасада во Скопје - консултант за локален стратешки развој на бизнисите, Р Македонија, 2014 – 2015 година;
- „Иновативни решенија за подобрување на пристапот до услугите на локално ниво“, УНДП, Министерство за локална самоуправа - експерт за локален стратешки развој и локална самоуправа, Р Македонија, 2014 година.

Автор и коавтор е на повеќе студии, стратегии, секторски анализи, брошури и изданија:
1) Национална стратегија за рамномерен регионален развој 2020 – 2030, Секторска анализа на земјоделството и руралниот развој, Р Македонија, 2020 година
2) Потсекторска анализа на секторот овоштарство, Р Македонија, 2020 година
3) Студија за адаптација на анималното производство во Република Македонија според климатските промени со акциски план, проф. д-р Андонов С.; проф. д-р Узунов А.; проф. д-р Србиновска С.; проф. д-р Ѓорѓиевски С.; м-р Димитров Л.; м-р Киранџиски Т.; проф. д-р Вуковиќ В.; проф. д-р Ефтимова Е., Мрежа за рурален развој на Република Македонија, УСАИД, Скопје, 2014, ISBN 978-608-65755-0-2 http://ruralnet.mk/wp-content/uploads/2013/03/Animalno-proizvodstvo_web.pdf
4) Трет национален план на климатски промени, УНДП, ГЕФ, Министерство за животна средина и просторно планирање, м-р Димитров Л. и други автори, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје 2014, ISBN 978-9989-110-88-7, Third National Communication on climate change, http://unfccc.org.mk/content/Documents/TNP_ANG_FINAL.web.pdf
5) Dimitrov, L.; “Economic feasibility analysis of proposed modelling scenarios for mitigating and adapting to the effects of climate change in the agriculture sector (viticulture) in the Vardar Planning Region”, UNDP CO in Skopje ‘Local Action for Inclusive Development – Local Development Programme’ for the Vardar and South–East Planning Regions, Ministry of Local Self-Government, Skopje, November 2013

6) Dimitrov, L.; "Financial Results Agricultural Adaptive Research", USAID/Macedonia "Adaptation to Climate Change in Agriculture", Rural Development Network of the Republic of Macedonia (RDN of the RM), Skopje, October 2013
7) Социјалната димензија на зелениот раст во Република Македонија, проект на Светска Банка Kamphius, B; Verburg, R; Kuhiman, T; Brouwer, F; Berg, J; Dimitrov, L; "The social dimension of green growth in the Republic of Macedonia", LEI Wageningen UR, The Hague, Netherlands, March 2013 http://www.worldagricultureswatch.org/sites/default/files/documents/Kamphius_Macedonia.pdf

8) Dimitrov, L; "Beekeeping sub-sector in R.Macedonia - Challenges and opportunities for value chain development", SNV, Skopje, July 2011
9) Dimitrov, L; Ljubecki Angelik, N.; "Update of the National Park Galicica Business plan 2011 - 2016", German Government KfW project "Support of the National Park Galicica", National Park Galicica, Skopje, 2011
10) Client-Financed Agricultural Advisory Services, International Fund for Agricultural Development (IFAD), Rome, Italy, November, 2010 http://www.ifad.org/pub/land/advisory.pdf

11) Dimitrov, L; "CRITICAL ASSESSMENT OF THE TRAINING STRUCTURE IN AGRICULTURE, FOOD AND RURAL DEVELOPMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA, IMPLICATIONS FOR THE PROGRAMMING OF THE IPARD MEASURE 303", Support to IPARD Preparation Project (SIPP), EU funded Project, IPARD Managing Authority - Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy, Skopje, October 2010
12) Упатство за подготовка на деловен план", ИПАРД – Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје, Р Македонија, 2009 http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_docs/Programi/IPARD/BP_MAJ_2013_MKD PREVOD_08072013.docx

13) „Excel модел на Деловен план", ИПАРД – Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје, Р Македонија, 2009 http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_docs/Programi/IPARD/Deloven_plan xls.xls

14) Димитров, Л.; "Водич за вработените во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството на Република Македонија за изработка бизнис-план за ИПАРД-корисниците", МААСП – GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој - ИПАРД, Скопје, 2009
15) Dimitrov, L.; "Value chain activities in the frame of Macedonian Agricultural Advisory Support Programme", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, December 2009
16) Dimitrov, L.; "Farm Diversification Website Agroalternativa", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, September 2009
17) Dimitrov, L.; "Capacities of the rural development stakeholders improved in relation to diversification", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, December 2008
18) Wageningen van, N.; Dimitrov, L.; "REVIEW OF DATABASE OF ENTERPRISE DIVERSIFICATION AND PROPOSAL FOR FURTHER ACTIVITIES OF THE WEBSITE", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, Oktomber 2008

19) Kamphius, B; Dimitorv, L; “FARM BUSINESS DATA MACEDONIA”, World Bank Private Farmers Support Project (PFSP), Macedonia, Agricultural Economics Research Institute (LEI), The Netherlands, July, 2002

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој и размена во Холандија на Земјоделско-економскиот истражувачки институт (LEI Wageningen) во Хаг за финансиски и економски модели за анализа на ЕУ-земјоделската политика и мрежа на сметководствени податоци (FADN) во 2007 година.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи. Кандидатот учествувал во уредувачкиот одбор за издавање на јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје во 2014 година и монографија на Земјоделскиот институт по повод 70-годишнината од основањето.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Лазо Димитров.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Лазо Димитров поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент истражувач во научната област економика на земјоделство и развој.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, м-р Лазо Димитров да биде избран во звањето **асистент истражувач** во научната област економика на земјоделство и развој.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Ќосев, с.р.**
**Проф. д-р Александра Мартиновска-Стојческа, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Ѓамовски, с.р.**

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Лазо Блажо Димитров
**Институција:** Земјоделски институт – Скопје
**Научна област:** ***40103 ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РАЗВОЈ***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br><br>Назив на научната област: магистер на земјоделски науки, област: агроекономија | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,58.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,63. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 10.9.2015 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Ќосев, с.р.**
**Проф. д-р Александра Мартиновска-Стојческа, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Ѓамовски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Биљана Страшко Дрвошанова
**Институција:** Земјоделски институт – Скопје
**Научна област:** ***40304 Зеленчук***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер на земјоделски науки, област: зеленчук. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,12.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 10.9.2015 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Попсимонова, с.р.**
**Проф. д-р Рукие Агич, с.р.**
**Проф. д-р Слободан Банџо, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЗЕЛЕНЧУК НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajme“ од 22.9.2020 година, за избор на соработник во наставно-научната област (дисциплина) зеленчук, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-371/4, донесена на 26.10.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, д-р Рукие Агич, редовен професор на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје и д-р Слободан Банџо, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент истражувач во научната област (дисциплина) зеленчук, во предвидениот рок се пријави м-р Биљана Дрвошанова.

**11. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р Биљана Дрвошанова е родена на 31.1.1983, во Скопје. Средно образование завршила во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“, отсек: фармацевтски техничар. Со високо образование се стекнала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на градинаро-цвеќарската насока. Дипломирала на 7.12.2009 година, со просечен успех 8,12.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2010/2011 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, студиска програма: Растителна биотехнологија, модул: Градинарство и цвеќарство, со просечен успех 10,00. На 7.12.2012 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Калемење – перспективен начин за производство на расад од зеленчук.*

Во учебната 2014/2015 се запишала на трет циклус (докторски студии) на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма Растителна биотехнологија, потпрограма: Генетика и селекција на растенијата. Докторската дисертација на тема: „Оцена на генетскиот диверзитет на локални сорти пиперка (*Capsicum annuum* L.) од Република Македонија“ е во завршна фаза на изработка.

На 31.12.2013 година е избрана во звањето помлад асистент на Земјоделскиот институт во Скопје, во областа зеленчук.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1065 од 15.11.2013 година.

**12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, кандидатката м-р Биљана Дрвошанова била ангажирана како демонстратор во периодот од 2009 до 2012, каде што изведувала вежби на прв циклус студии на Катедрата за градинарство и цвеќарство на предметите: Општо градинарство и цвеќарство, Заштитени простори, Цвеќарство на отворено, Производство на цвеќе во заштитен простор, Градинарство на отворено, Производство на зеленчук во заштитен простор, Беспочвено производство на зеленчук и цвеќе, Екоградинарство, Познавање на зеленчук и градинарство.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Биљана Дрвошанова има објавено вкупно 19 научни трудови од научната област зеленчук и два апстракта со презентација на трудови, од кои 2 труда се објавени во меѓународни научни списанија и 17 труда се објавени во зборници од научни собири.

1) Ristovska Biljana. 2010. The development of floriculture in the rural development policy in Macedonia. Yearbook of the student's papers of the Faculty of Agricultural Sciences and Food - Skopje, R. Macedonia. Vol. 2, p. 5-10.
2) Bogevska Zvezda, Davitkovska Margarita, Iljovski Igor, Ristovska Biljana. The potential of Republic of Macedonia for establishing brand varieties from vegetable crops. 2010. Yearbook of the Faculty of Agricultural Sciences and Food - Skopje, R. Macedonia. Vol. 55, p.23-29.
3) Bogevska Zvezda, Davitkovska Margarita, Popsimonova Gordana, Agic Rukie, Timov Tome, Iljovski Igor, Ristovska Biljana, Georgievski Goce. 2011. Measures for saving energy in vegetable production in protected houses. Yearbook of the Faculty of Agricultural Sciences and Food - Skopje, R. Macedonia. Vol. 56, p. 39-46.
4) Agic, R., Popsimonova, G., Ibusoska, A., Bogevska, Z., Davitkovska, M., Ristovska, B., Iljovski, I. and Georgievski, G. 2012. Perspectives of the organic production in Macedonia. Acta Hort. (ISHS) 960:263-268.
5) Agic, R., Popsimonova, G., Kratovalieva, S., Ibusoska, A., Davitkovska, M., Ristovska, B., Jankulovski, D., Jankulovska, M., Iljovski, I., Bogevska, Z. and Ibraim, J. 2012. Assessment of genetic diversity among macedonian tomato (Lycopersicon esculentum Mill.) landraces. Acta Hort. (ISHS) 960:73-76.
6) Popsimonova, G., Agic, R., Ibusoska, A., Bandzo, S., Davitkovska, M., Ristovska, B., Iljovski, I. and Georgievski, G. 2012. Greenhouse production in Macedonia - challenges and opportunities. Acta Hort. (ISHS) 960:277-280.
7) Ristovska Biljana, Agic Rukie, Iljovski Igor, Bogevska Zvezda, Davitkovska Margarita, Stojkoska Dijana. 2012. Overview of grafted vegetable seedlings use in the Republic of Macedonia. Book of Abstracts, p. 85. International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Skopje, Macedonia, 12-14 December, 2012.
8) Stojkoska Dijana, Iljovski Igor, Ristovska Biljana, Bogevska Zvezda. 2012. Biological and morphological characteristics of some introduced hybrids of eggplant (Solanum melongena L.). International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Book of proceedings Vol.1 p.409-414.
9) Stojkoska Dijana, Iljovski Igor, Ristovska Biljana, Bogevska Zvezda. 2012. Productive characteristics of some introduced hybrids of eggplant (Solanum melongena L.).International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Book of proceedings Vol.1 p.415-423
10) Iljovski Igor, Ristovska Biljana, Dimovska Daniela, Bogevska Zvezda, Davitkovska Margarita, Stojkoska Dijana. 2012. Effect on light and artificial lightning in the production of some flower crops. International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Book of proceedings Vol.1 p.431-436.
11) Ibusoska Afrodita, Agic Rukie, Bogevska Zvezda, Ristovska Biljana. Yield and yield components of newly tomato hybrids in Republic of Macedonia. International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Book of proceedings Vol.1 p.451-460.
12) Bogevska Zvezda, Agic Rukie, Ristovska Biljana, Ibusoska Afrodita, Davitkovska Margarita, Iljovski Igor. 2012. Agronomic traits of some newly pepper varieties and hybrids in Republic of Macedonia. International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Book of proceedings Vol.1 p.491-502.
13) Popsimonova Gordana, Ristovska Biljana, Dimitrovski Dame, Georgievski Goce. 2013. Greenhouse production in Macedonia – challenges and opportunities. Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 31, No. 1–2, pp. 77–84.
14) Ristovska Biljana, Brindza Jan, Abrahamova Vlasta, Agic Rukie. 2013. Variability of flower traits in some heirloom pepper (Capsicum annuum L.) varieties from south-eastern Balkan region. Agrobiodiverzita pre zlepšenie života. 1 CD-ROM (150 s.). ISBN 978-80-552-1119-0. Nitra: Slovenská poľnohospodárska univerzita, s. 129-133.

15) Ristovska Biljana, Abraham Vlasta, Brindza Jan. 2014. Variability of fruit antioxidant activity of old varieties and landraces of peppers (Capsicum annuum L.) from Balkan region. Aktualni pytannja zberežennja zdorovja ljudini. 1. vyd. 340 s. ISBN 978-611-010624-5. Aktualni pytannja zberežennja zdorovja lyudini. Užhorod: Užgorodskij nacionaľnij universitet, s.214-217.
16) Ristovska Biljana, Agic Rukie, Iljovski Igor, Bogevska Zvezda, Davitkovska Margarita, Stojkoska Dijana. 2012. Overview of grafted vegetable seedlings use in the Republic of Macedonia. Book of Abstracts, p.85. International symposium for agriculture and food. XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII Symposium for vegetable and flower production. Skopje, Macedonia, 12-14 December, 2012.
17) Ibusoska Afrodita, Drvoshanova Biljana, Ivanovska Sonja, Agic Rukie. 2015. Vegetation period and different phenology stages in Macedonian local bean populations (Phaseolus vulgaris L.). Scientific conference: Challenges in modern agricultural production. Institute of Agriculture in Skopje. Book of proceedings: 56-62.
18) Biljana Drvoshanova, Jan Brindza, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Afrodita Ibusoska, Goce Georgievski. 2015. Variability of fruit traits in pepper (Capsicum spp.) collection from western Balkan region. Scientific conference: Challenges in modern agricultural production. Institute of Agriculture in Skopje. Book of proceedings: 93-99.
19) Ivanovska Sonja, Jankulovska Mirjana, Ajruli Gafur, Drvoshanova Biljana, Popsimonova Gordana, Agic Rukie, Boshev Dane, Meglic Vladimir. 2017. Genetic diversity evaluation of Macedonian scarlet runner bean (Phaseolus coccineus L.) local populations. 3rd INTERNATIONAL SYMPOSIUM FOR AGRICULTURE AND FOOD - ISAF 2017, 18-20 October 2017, Ohrid, Republic of Macedonia.
20) Popovska Despina, Drvoshanova Biljana, Ibushoska Afrodita, Dimitrov Lazo, Azderski Jovan. Transition processes in agriculture in the Republic of Macedonia with accent on the vegetable production. 1st international meeting Agriscience & practice (ASP 2018) Stip. Book of Abstracts p. 13.
21) B. Drvoshanova , S. Ivanovska, M. Jankulovska, G. Popsimonova, A. Ibushoska. 2020. Evaluation of fruit traits in pepper (type kapiya) collection from North Macedonia. VIII South-Eastern Europe Symposium on Vegetables and Potatoes, accepted for publication in Acta Horticulturae.

М-р Биљана Дрвошанова учествувала во 5 научноистражувачки проекти:

- Biochemical composition of heirloom pepper varieties (*Capsicum annuum* L.) from west Balkan region (2013-2014) – главен истражувач, финансиран од Вишеградскиот фонд;
- Соработка на развојна студија на градинарски ресурси помеѓу Република Македонија и Кина (2014-2015) – учесник, финансиран од МОН;
- Биолошка контрола на инсекти при производство на зеленчук во заштитени простори (2015-2016) – помлад истражувач, финансиран од УКИМ;
- Принос и квалитет на нови сорти ориз (Oryza sativa L.) регистрирани во Република Македонија (2017-2018) – помлад истражувач, финансиран од УКИМ;
- Испитување на ‘ртливост кај примероци од различни видови и генотипови од националните колекции од ген-банката по одреден период на долгорочна (long term) конзервација (2020) – истражувач, финансиран од УКИМ.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

М-р Биљана Дрвошанова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт во Скопје. Врши стручна контрола на производство на материјал за размножување и саден материјал за расад од градинарски растенија и украсни растенија.

Кандидатката м-р Биљана Дрвошанова учествува и во повеќе стручно-апликативни проекти:

- Стратешки план за зачувување и ревитализација на Аквадуктот во Скопје и неговата околина (2011) – член на Работната група за природната околина; финансиран од Владата на Фландрија;
- Нови сорти и нови технологии на производство на зеленчук (2012) – учесник; имплементиран од ЦИПОЗ Скопје, финансиран од USAID AgBiz;
- Овозможувачки активности за ревизија и ажурурање на Националниот имплементационен план на Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи – POPs (2012) - член на Работната група за пестициди, Канцеларија за ПОПs, финансиран од ГЕФ;

- Адаптација на земјоделството кон климатските промени (2013) – учесник, имплементиран од Мрежата за рурален развој на Република Македонија;
- GEF SGP – Национална програмска стратегија за оперативна фаза 6 (2015 – 2016) – non-key експерт, реализиран од Земјоделски институт – Скопје;
- Локална акција за глобална климатска адаптација (4 – 12.2016) – асистент на проект, спроведен од ЦЕД Флорозон – Скопје, финансиран од Амбасада на СР Германија во Скопје;
- Sustainable agriculture for sustainable Balkans: Strengthening advocacy capacities of CSOs and developing policies in the Western Balkans (2016-2019) – консултант за ЦЕД Флорозон, (2015/370-487, funded by EU, Civil Society Facility and Media Programme 2014-2015)
- ЕПС – Иновативен развојно-истражувачки технолошки систем (Технологија за истражување и развој на нови производи од експандиран полистирен со неограничен изглед и форма (2018-2020) – експерт, имплементиран од УСЈЕПОР ДООЕЛ, финансиран од ФТИР;
- GEF SGP – Национална програмска стратегија за оперативна фаза 7 (2019);
- RAMAS – Систем за далечинско мониторирање и советување – за примена на IoT во производство на пиперки (2019 – 2020) - експерт, имплементиран од АГ Футура технологии, финансиран од ФТИР;
- From Disability to FoodAbility (2019 – 2021) – експерт, имплементиран од Националнта федерација на фармери и Филозофскиот факултет во Скопје, финансиран од We Effect и Radiohjalpen.

Автор е на две брошури:

1) Дрвошанова Биљана, 2016. Водич за агроеколошки мерки. ЦЕД Флорозон Скопје, стр. 22.

2) Дрвошанова Биљана, 2016. Мерки за адаптација на земјоделството кон климатските промени. ЦЕД Флорозон Скопје, стр. 24.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Република Словачка на Институтот за заштита на биодиверзитетот и биобезбедност при Словачкиот универзитет за земјоделство во Нитра, во периодот од 1.IX 2013 до 30.VI 2014 година.

Со цел подобрување на вештините, кандидатката има посетено повеќе обуки и семинари, меѓу кои се издвојуваат:

- Работилница за подготовка на предлог-проекти (2007) во рамките на програмата „Сектор“, во организација на Регионалниот еколошки центар – РЕЦ Скопје;
- Training on use of the Aarhus Convention Compliance mechanism (16 – 19.XII 2008), во организација на European ECO Forum, одржан во United Nations, Женева, Швајцарија;
- учество на обука Intensive Horticulture for Professionals from Republic of Macedonia (15 – 19.VII 2013) во Израел, во организација на MASHAV (Ministry of Foreign Affairs Israel’s Agency for International Cooperation) и CINADCO (Ministry of Agriculture and Rural Development, Centre for International Agricultural Development Cooperation);
- учество на Обука за органско производство на овошје и зеленчук, за консултанти (17 – 21.11.2015), спроведена од Федерација на производители на органски производи на Македонија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи:

- Потсекторска група за зеленчук при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- член на ISHS (International Society for Horticultural Science)
- член на AgroBioNet – меѓународна мрежа на научни работници и институции ориентирана на зачувување на агробиодиверзитетот и негова одржлива примена за човековото здравје, исхрана и подобрување на квалитетот на живот
- член во единицата за јавни набавки при Земјоделскиот институт.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор за издавање на јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје во 2014 година и монографија на Земјоделскиот институт по повод 75-годишнината од основањето во 2019 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Биљана Дрвошанова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Биљана Дрвошанова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент истражувач во научната област зеленчук.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, м-р Биљана Дрвошанова да биде избрана во звањето **асистент истражувач** во научната област зеленчук.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Попсимонова, с.р.**
**Проф. д-р Рукие Агич, с.р.**
**Проф. д-р Слободан Банџо, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**
**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Луиза Мирчевска | Значењето на обуката за стратегискиот менаџмент на човечките ресурси: Студија на случај - Црвен крст на Република Северна Македонија | The importance of training for strategic human resource management: Case study -Red Cross in Republic of North Macedonia | вон. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-600/17 од 30.12.2020 |